**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 април 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 94-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Назмир Бекири, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Лилјана Поповска, Андреј Жерновски, Зоран Томиќ, Елеонора Петрева-Митевска, Есад Рахиќ, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Зоран Крстевски, Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски, Рафис Алити, Али Ахмети, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на закон за железници.

Има збор господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас денес ќе бидам многу краток. Вчера во текот на расправата Законот за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници во голема мера ги дадовме причините за донесување и на овој закон, па затоа нема наново да се навраќам на тоа. Ќе се навратам на некои делови од законот за кои ценам дека треба во наредната фаза да се разгледаат. Имено, овој закон има 77 членови и во делот од преодните одредби е назначено дека се укинуваат од претходниот закон. Дел од членовите останиваат во сила од претходниот Закон со 81 член и тоа сите членови реферираат на безбедноста во железничкиот сообраќај. Со оглед дека безбедност и во светот и во Европа е на многу повисоко ниво од ова ниво кое што е сега во законот, а кое што е креирано во 1998 година, ценам дека многу брзо треба да се донесе нов закон за безбедност во железничкиот сообраќај, малтене напоредно да се работи со овој закон, а исто така и во самиот закон е назначено дека во членот 47 дека треба да се основа регулаторна комисија и по тој член исто така треба да се направи нов закон. Така, од овој закон произлегуваат два нови закони, како што кажав, закон за безбедност во железничкиот сообраќај и закон за регулаторна комисија во железничкиот сообраќај. Ценам дека многу брзо треба да се излезе со таквите закони во наредниот период.

Инаку, имам неколку забелешки на одредени членови. Во членот 21 постои критериум дека за главни железнички пруги се оние пруги каде што годишно поминуваат 30 илјади возови. Ова е превземено од директивите на Европска унија, но треба да се разгледа дали ваквото решение треба да остане во овој закон, бидејќи подолу во наредниот член се вели дека министерот ќе пропише услови под кои железничка пруга ќе се прогласи како главна. Ако е така, тогаш со 82 возови на ден во Македонија немаме главна железничка пруга. Тогаш сите пруги по другиот став ќе бидат магистрала. Исто така треба да се разгледа дали овој дел од овој член треба да остане во законот.

Во членот 29 се именува Фондот за магистрални и регионални патишта, а тоа е оној дел каде што се работат премини преку железнички пруги, меѓутоа со оглед дека во наредниот период Фондот за магистрални и регионални патишта ќе претрпи трансформација, ценам дека подобро би било некоја друга формулација да се направи во овој член.

Најголемата забелешка се однесува по однос на финансирањето на железничката инфраструктура, прашање кое што и во минатиот период беше Ахилова пета на железничкиот сообраќај и на железниците воопшто во Република Македонија. Во овој закон се многу мали средствата кои што се определуваат за одржување на железничката инфраструктура во наредниот период. Имено, планирани се 0,3% од даночните приходи на буџетот. По пресметка некаде тоа доаѓа околу 160 милиони годишно, што е многу, многу мала сума за одржување на железничката инфраструктура. Од тие причини ценам дека, како што кажа и министерот, 90% од овој закон е превземен од Законот од Хрватска, тогаш да го превземат и решението кое што е во Хрватскиот закон каде што се за изградба на железничката инфраструктура и се земаат средства од акцизите на нафтата и нафтените деривати. Затоа што, во овој закон мора да имаме некое трајно решение на одржување на железничката инфраструктура. Ако се сеќавате во еден закон претходно, Закон за заем на Република Македонија за обиколката на Скопје, ние се обврзавме секоја година за одржување на патиштата во Република Македонија да се одделуваат 20 или 25 милиони евра годишно. Ценам дека и во овој закон, а вчера како што кажав, и пресметките покажуваат дека 25 милиони кусокот за одржување на железничката инфраструктура во Република Македонија. Затоа, ценам дека треба зафаќањето да биде од акцизите на нафтата и нафтените деривати.

За крај уште една забелешка. На членот 75 каде што за донесување на прописите и други акти е предвидено да се донесат во рок од три месеци, со оглед на тоа што кажав дека од овој закон произлегуваат уште два закони и уште 18 правилници, ценам дека е премногу краток рокот. Можеби треба да се разгледа овој рок или да се работат овие правилници и закони паралелно со изработката на овој закон.. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници!

Пред вас е содржината на законот за железници. Имено, ова е закон кој е денес на дневен ред и се носи во прва фаза, со тоа што само ќе се осврнам на неколку работи кои беа спомнати Владата на Република Македонијачера во дискусии. Еве, веќе денес во дискусијата на господинот Тромбев се зборува за тоа. Имено, паралелните активности кои се водат во Министерството за транспорт и врски со делот на активностите на комплетирањето на законската регулатива, можам да ве известам дека законот за Агенција за железнички сообраќак и транспорт е веќе пуштен во меѓуресорна владина процедура и многу брзо ќе се донесе на владината седница. Законот за безбедност исто е во завршна процедура односно очекувам во наредните денови дека ќе го пратиме во владина процедура со таа напомена дека праксата која ја воведовме од 1.01.2005 година, законите кои ќе го добијат зеленото светло на владината седница, веќе утредента да бидат објавени на ВЕБ-сајд, така што ќе бидат достапни не само за стручната јавност и за пратениците, туку и за пошироката јавност на увид што се предлага како нови законски решенија.

Што се однесува до законот за Агенцијата за железнички сообраќај, многу од механизмите кои се сега во овој текст на законот за железници и кои беа спомнувани вчера во дискусијата на пратениците околу процедурите на издавањето, регулирањето на дозволите и останатите документи кои би требало идните субјекти, учесници во железничкиот сообраќај да ги поднесуваат и да ги добиваат, ќе бидат во коресподенција со Агенцијата и регулирани и со законот за Агенција за железнички сообраќај и транспорт.

Што се однесува до подзаконските акти, сметајќи на искустовото на Стручните служби и со право е коментарот на господинот Тромбев дека процедурата за изготвување на подзаконските акти за железничкиот сообраќајј одзема малку повеќе време од три месеци, можам да ве информирам дека уште во јануари кога беше усвоен законот за железници на владината седница беа формирани комисии за подзаконски акти. Комисиите за подзаконски акти работат на изготвувањето на подзаконски акти. Така, оптимист сум дека периодот од три месеци кој се спомнува во законот за железници, ќе биде искористен за евентуално прегледување, примање на сугестии и сл. и изготвување на квалитетни подзаконски акти.

Што се однесува до делот на финансирањето на железници односно на инфраструктурата, да, во Хрватскиот Закон има додатни решенија, каде што се предвидува 0,6 куни по литар гориво, нашето решение кое е усогласено во Министерството за финансии и кое во принцип е решение и по прв пат се воведува во делот на финансирањето на железничката инфраструктура, бидејќи поучени од искуството од минатото дека иако во стариот Закон за железници стоеше одредба дека од Буџетот на Република Македонија се финансира инфраструктура и познавајќи како тоа функционираше, се предлагаат додатни решенија за додатни извори на финансирање на инфраструктурата. За финансирањето преку акцизата, беше предлог на Министерството за транспорт и врски, меѓутоа прегледувајќи ги и усогласувајќи ги анализите со колегите од Министерството за финансии не беше во можност да се стави во сегашниот Предлог на законот за железници и така е предложено решение од 0,3% од вкупните даночни приходи во централниот Буџет. Додавајјќи ги средствата од Буџетот на Република Македонија, средствата на буџетите на локалната самоуправа и секако надоместокот на користењето на инфраструктурата. Во секој случај приоритетот и важноста на овој закон е од навјисоко ниво, не само на Владата на Република Македонија, туку и на државно ниво така што ќе бидеме спремни во наредниот период евентуалните забелешки и предлози да ги примаме за разгледување. Од таа страна ќе бидете известени и преку ВЕБ страната на Министерството за транспорт и врски за прием на сите забелешки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници и ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега, во салата се присутни 62 пратеници.

Значи, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за железници.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за железници, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 58 пратеници гласале за, двајца воздржани, против нема, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точка 29-Предлог за донесување на закон за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница и Јегуновце со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, Мислењето на Владата, Извештајот на постојната Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Рамадани имате збор

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници!

Не ми се дава голема шанса да кажам почитувана Влада или претставници од Владата, бидејќи немаме ниеден претставник од страна на Владата и покрај тоа што јас мислам дека, веројатно и вие го делите моето мислење, дека станува збор за еден предлог за еден закон многу сериозен и актуелен, секако ние ќе го кажеме нашиот збор. Барам извинување. Се извинувам.

Пратениците на ПДП, ДПА и пратениците кои подоцна ја подржаа оваа иницијатива или овој предлог на опозицијата, како и партијата ВМРО-Народна, Либерална Партија и други пратеници, кои што на некој начин даваат подршка на овој предлог за усвојување на закон по брза постапка, со Предлог закон за поништување на изборите во 16 општини. Ќе ги цитирам.

Во најавувањето на предлог точката од дневниот ред станува збор за општините Липково, Арачиново, Студеничани, Чаир, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница, Јегуновце. Врз основа на што се наслонува овој предлог, каде се мотивира овој предлог. На 13 март имавме избори, или немавме избори? Со самиот факт се случи фалсификување, имаше полнење на кутии, имаше грабеж на гласови. Тогаш нашата коалиција т.е. пратениците од оваа коалиција со поддршка на другите опозициони пратеници одлучија да најдат начин, можеби најдемократски, на крај да биде и најсофистициран начин за да ја поттикнеме одговорноста на тие што треба да помогнат во Република Македонија да имаме фер и демократски избори, слободни избори. И се разбира засновано е врз членот 71 алинеја 1, засновано е и врз можностите на Уставот на Република Македонија и можностите кои што ги дава Деловникот во членот 61 алинеја 1 и членот 64 алинеја 2. Одлучивме да му предложиме на Парламентот ваков закон и на некој начин да помогнеме и да ги афирмираме основните начела за реализирање и заштита на правото на граѓанинот да одбере и да биде избран за заштита на правото на граѓанинот на директни непосредни избори со таен глас да се определи и да го даде својот глас слободно, да му се оневозможи некому кој што на некој начин,ваков или онаков сака да го земе тоа основно право од граѓанинот да може да се гласа, да ја афирмираме и потврдиме вредноста за давање на правна можност за секое повикување на законот односно, секоја повреда на законот треба да се санкционира. И само со три члена предлагаме во законот, претседателот на Парламентот врз основа на Законот за локални избори да ги повтори локалните избори, односно да прогласи повторување на локалните избори во овие општини кои што ги спомнав, и што побрзо да се поништат овие избори во овие спомнати општини и да се оформат, основаат, или именуваат комисии, почнувајќи од Државната и сите комисии и совети за организирање на дефинитивни слободни и демократски избори. Без оглед на тоа што некој може да каже дека ова не е веќе актуелно, или му поминала актуелноста, сакам да ве потсетам, жалам што во Македонија која што е составена од 2 милиони жители локалните избори траат повеќе од 45 дена, од 13 март наваму, сега е 27 април. Индија со една милијарда жители за месец дена ги завршила изборите, иако велат дека таму траат многу. Се поставува прашање зошто? Имаме одговор од Владата за нашата иницијатива за предлог на овој закон и таму се вели дека сета оваа работа е работа на комисиите, на Државната комисија и на другите комисии. Ние на Владата треба да и одговориме само со една реченица дека Парламентот ја избира Владата и Парламентот ја избира Државната комисија и најповикани за имање на слободни и демократски избори сме ние пратениците. И доколку и понатаму дозволиме вакви работи, ја играме улогата на еден сервис. Тогаш, нас не ни се пишува добро, како што и не ни се пишува досега добро како пратеници. Во подготовките пред да почнат изборите во многу средби со разни дипломати како претставник на ПДП често пати сум им велел дека ПДП ќе биде победник на изборите, веќе на 12 март тие ми велеа, изборите се на 13 март. Не, им велев јас, на 13 март ќе се случи кражба, грабеж на гласовите и ПДП не може да биде победник. Што треба да се прави? Треба да се направи се што е можно за да се организираат слободни и демократски избори со многу поактивен мониторинг. Претседателот на Владата не го гледам, за да им ги повторам работите кои што сум им ги кажал на една тркалезна маса организирана од страна на Швајцарската амбасада и циклусите од таа тркалезна маса продолжуваат каде што покрај другите работи говоревме и за изборите. Гаранциите кои што беа многу убедувачки и беа декларативни од страна на премиерот дека ќе има слободни и демократски избори беа многу примамливи. Меѓутоа, уште тогаш нашата дилема се роди и бевме понатаму убедени дали претседателот на Владата говори за целата Влада, или говори само за еден дел од Владата. Излезе дека декларирал, изјавил тоа што го мислел за еден дел од Владата. Значи, со сето тоа кражба, полнење на кутии и имаше неправилни избори до максимум.

Затоа често пати нас ни изгледа, а можеби и денес некому му оставам впечаток дека говорам емотивно меѓутоа видете, со ред, многу години на многу избори стануваш жртва. Би прифатил и жртвување на ПДП доколку имавме во 2005 година правилни и демократски слободни избори. Затоа што паметам, еден турски дипломат еднаш ми рече, доколку нешто се прави за доброто на народот, за доброто на државата, тогаш не е многу значајно дали се жртвувате вие како политичари, или вашата партија се жртвува. Меѓутоа, ова не се случува. Не се случува и се случија тие работи што се случија. Значи, неправилности, нерегуларности и на овие избори. Последиците кога нема слободни и демократски избори кога се краде гласот не се последици што се чувствуваат само на денот на гласањето, или денот на повторување на гласањето. Последиците продолжуваат во функционирањето на институциите понатаму, затоа што секој добиен мандат од страна на индивидуалци, поединци, или групи кој што е добиен нелегитимно, незаконски и групи кои што се ангажираат од страна на поединци кандидати и други кои што учествуваат во изборниот процес, тие немаат легитимност од страна на граѓаните и од народот. Тие имаат легитимност условена од двајца, тројца луѓе кои што и понатаму ќе продолжат да го држат кандидатот заложник и да му велат: ти во институцијата ќе делуваш, ќе дејствуваш така како што ти велиме ние, а не така како што ти вели гласот на народот, или гласот на граѓанинот. Ова е најлошото и тука последиците се рециклираат и понатаму институциите, установите ни стануваат такви какви што ги имаме. Често пати во нашите изјавувања, декларирања на конференциите за медиумите од страна на партијата која што учествува во Владата како да сакаат да ни кажат: не говорете многу за изборите и за неправилностите, затоа што Албанците ги претставувате со црн образ пред меѓународниот фактор. Немојте да го разместувате проблемот, ве молам. Најголемиот совет и најдобро очекуван совет е тоа што ќе ти го кажам јас како пратеник. Албанскиот народ во Македонија има култура за гласање, има воспитание за гласање, меѓутоа тоа албанска население не го оставаме ние да гласа така како што треба, затоа што го правиме заложник на индивидуалци, на поединци и на разни групи, милитантни групи со катастрофател бекграунд. И доколку му го одземаме правото за гласање и му го даваме на некој друг за да победи, еден за сто, еден за дваесет, ние тука не можеме да го обвиниме албанскиот народ, не можеме да ги обвиниме албанските граѓани. Вината е или кај лидершипот, или кај кандидатот, или некој претседател од комисија, или некој претседател на совет итн, тие кои што се непосредно на изборите. И од ова ние самите треба да се ослободиме. Оваа ситуација ние треба самите да ја расчистиме во нашите редови, затоа што доколку продолжиме со оваа демагогија и демагошко претставување од нашите редови. Од една страна со убави зборови со полна уста демократски и слободни избори на граѓаните итн, а од друга страна организирањето е сосема поинакво за крадење на гласот, за полнење на кутиите, за користење на насилство, тогаш имаме проблем самите со себе. Значи има проблем лидершипот. Во оваа прилика јас се обраќам до албанскиот лидершипот, меѓутоа сепак и македонскиот лидер шип и Владата во оваа насока доколку се мами себеси и вели, да го ставиме овој проблем, нека биде проблем меѓу албанците. Меѓународниот фактор вели, во Македонија немаше слободни и демократски избори, затоа што за меѓународниот фактор и граѓаните албанци се граѓани на Македонија. Колку и да сакате вие, а и јас на саркастичен начин можам да ви кажам, почитувана Владо и партиципиенти во Владата имавме слободни демократски избори кои што беа многу добри, задоволете се, значи продолжете со апсолутна власт. Меѓународниот фактор го вели тоа што го мисли. Можеби од далеку и на цивилизиран начин, меѓутоа тоа го рече ОБСЕ, тоа го рече и Европската унија и нивниот мониторинг, тоа го рекоа и многу други фигури кои што се маркантни фигури на европската политика на меѓународните установи и институции. На крајот на краиштата и завчера Советот на министрите на Европската унија имаше укорување до Македонија за локалните избори. Меѓутоа, укорот сепак кога доаѓа од една таква инстанца од Советот на минстрите на државите на Европската унија можеби од далеку некој што има образ кобајаги тоа не го боли, меѓутоа тоа е шамар и тоа голем шамар. Ова е едно големо зло кое што ни се случи и на овие локални избори, и тоа не го кријам, затоа што жртва е самата моја партија на крајот на краиштата на изборите во 2000-тата година и на изборите во 1996 посебно на локалните избори и на претседателските избори. Меѓутоа, како и да е, дали тие кои што имаат идеал за правење на една демократска Македонија, рамноправна Македонија за сите народи тука и понатаму треба да велат дека на овие избори имаше помалку неправилности од 2000-та година, имаше помалку нерегуларности од 1996 итн и ние да продолжиме, а од друга страна се кандидираме за да станеме членка во Европска унија. И што е најлошото иронијата кога коалицијата за благосостојба објавува апстиненција, или бојкотира, да кажеме ги бојкотира локалните избори, да се излезе со резултати и иронично да се вели: во Тетово се победи, значи кандидатот на ДУИ победи со 24 илјади гласови, а кандидатот на коалицијата имаше само 200 гласа, убедлива победа. И сега се поставува прашање дали требаше, јас самиот лично сум имал своја сопствена дилема, дали требаше, или не требаше да се оди во апстиненција, во бојкот. Често пати во моите размислувања кои што ги делев со другите, велев, можеби е подобро да останеме во игра до крај и да бидеме на изборите без оглед кој, колку ќе победи. Меѓутоа, сега ова што се случи во Студеничани ме убеди дефинитивно дека е многу подобро што сме апстинирале, или сме ги бојкотирале овие локални избори, затоа што

доколку Владата, власта не беше во состојба таму каде што гласаа 200 лица, само 200 лица, во две села, мали села и не можат таму да се обезбедат граѓаните и да се осигураат за да гласаат слободно, само 200 лица, а не милион и седумстотини. Што говори ова? Ова говори дефинитивно дека нешто големо овде не е во ред, дека нешто големо овде е против тоа да се одржат регуларни избори и правилни избори и тогаш кога некој кандидат сам со своја глава и со своето раководство сака да остане во изборната трка до крај. Затоа имајќи ги предвид сите овие ситуации јас на ниеден начин не си дозволив себеси како пратеник и од оваа позиција која што ја имам јас, еве да почнам од Липково па до Струга да ги набројувам гласачките места, да ги бројам луѓето и да ги бројам групите и поединците итн, кој колку и како вршел неправилности, затоа што на ниеден начин не сакам да ја играм улогата на полицаец, улогата на Министерството за внатрешни работи и во овој момент ја немам ни улогата на Владата. Затоа и не очекувајте некој да каже, ни дава конкретни аргументи. Конкретните аргументи се донесуваат со санкционирање на тие кои што учествуваат во кршењето на слободните локални демократски избори. Санкциите доаѓаат заедно со аргументите тогаш кога се зачувува и се грижи Владата за основната вредност на уставниот ред. Затоа што сепак во членот 8 од Уставот покрај другото алинеја 5 вели, дека политичкиот плурализам и изборите кои што се правилни и слободни демократски се основна вредност. За ова имаме соодветни институции кои што треба да водат грижа. Затоа јас многу жалам, меѓутоа сепак сакам да дојдам до заклучок и да кажам дека не е сатисфакција доколку центрите на одлучување, меѓународните институции му кажат на премиерот, да се вратиш и да подготвиш нова регулатива за избори. Нова регулатива, нови закони за избори можат да се донесат, меѓутоа јас поставувам прашање, до кога ќе се жртвува граѓанинот за давање на слободниот глас, до кога партијата која што учествува на изборите жртвува? Значи ова се ситуации кои не даваат многу сатисфакција ние да се согласиме и само со вакви констатации. Затоа ПДП во последно време се повеќе, уште повеќе ќе афирмира, односно ќе бара дефинитивно без оглед на тоа кој како мисли да се поставаат основите тука на локалните избори и демократските избори само со организирање на изборите од почетокот па до крај од страна на ОБСЕ. Јас знам дека за државата ова е голем шамар, ова е за Македонија голем шамар, затоа што произлегува констатација дека не е во состојба да организира и да одржи и да практикува слободни и демократски избори. Меѓутоа, за жал ова е ситуацијата и ние треба од оваа ситуација да излеземе дефинитивно еднаш за секогаш да имаме слободни избори.

Лично барам и во името на другите, се разбира, кои ја поддржуваат оваа иницијатива, овој предлог, со овој закон, Парламентот со повторување на изборите и со една подобра организација на изборите, можеби ќе направи еден голем чекор за другите партии, на другите избори да не излеземе со вакви констатации и извештаи и да не ни се даваат жешки шамари од страна на Меѓународниот фактор, како што ни се даваат катадневно, во однос на изборите и воопшто развојот во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам мгосподине Рамадани.

Сега имаме неколку пратеници за реплика.

Прв за реплика се пријавил господинот Абдулаќи Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседателе,

Сигурно, кој губи има право да се жали, може да биде и нервозен.

Јас сакам да поставам едно прашање.

Доколку изборите можат да се поништат со закон, што ќе се случи доколку ние како коалиција во Влада, имаме парламентарно мнозинство и предложиме поништување на изборите во сите места каде што ние изгубивме.

Мислам дека овој закон кој вие господине Рамадани сте го предложиле заедно со ВМРО и ДПА е еден апсурден закон, еден нелогичен закон. На крајот на краиштата е против уставен. Затоа најдобриот начин е овде да се прекинат овие дискусии и вие законот да го повлечете и нема да ја играте улогата на полицаец, но ја одигравте улогата на адвокат на ДПА.

Понатаму, велите дека локалните избори траат 45 дена.

Дали можете вие да не потсетите колку траеа изборите кога вашиот претседател на вашата партија беше кандидат за претседател или за пратеник, заедно со неговиот противкандидат Мендух Тачи, за кои гласаа граѓаните на Тетово. Шест месеци или колку траеја изборите во Студеничани за избор на пратеници во 1996 година итн.

Врз основа на овој закон што сте го предложиле излегува дека Албанците се клучен фактор и виновници за позитивните прописи во Македонија, со што воопшто не можев да се согласам.

Понатаму, говорите за коалицијата. Јас незнам за каква коалиција говорите кога ДПА се повика на бојкот, вие излеговте на избори. Најдобриот факт дека вие излеговте на избори е Желино и Студеничани. После велите го одземате правото на албанскиот народ да гласа. Јас имам еден пример, кога вие му го одземавте правото на албанскиот гласач да избира, во Желино имаше 55% гласачи, а вториот пат кога изгубивме, Вашиот кандидат беше заедно со против кандидатот, независен кандидат, 93%. Кој им го одзете правото на албанците да гласаат.

Понатаму прашуам зошто Јегуновце го внесовте во оваа листа. Каде има нерегуларности во Јегуновце. Кога на лисицата и е изгорена опашката мисли дека цел свет е изгорен. Не е така господине Рамадани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рамадани, повелете ја имате вашата минута.

**Исмет Рамадани:** Господине Абдулаќи ако добро слушнавте, јас посебен нагласок во мојот говор дадов на тоа дека албанците во Македонија не се виновни затоа што немаше слободни демократски избори. Виновник во прв ред е Владата, виновник сте вие што сте партиципиенти во оваа Влада и вие имате основна должност да организирате демократски избори. Тоа не го велам само јас. Тоа го вели меѓународниот фактор, така велат тие кои ги следат изборите. Тоа дека продолжија изборите во Желино и Студеничани, ние како партија сме се произнеле по ова прашање и секое продолжување на изборите во овие општини е продолжување . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Рамадани помина вашата минута.

Повелете господине Јусуф Арифи имате три минути реплика.

**Јусуф Арифи:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Во однос на законот за поништувањето на изборите во овие општини, на господинот Рамадани ќе му речам. Доколку бев јас поддржувач на овој закон, тогаш сигурно ќе речеа дека сум млад пратеник и без искуство и не сум имал можност да ја ви видам тајноста на овој Предлог закон. Во суштина сите тие кои се предлагачи и поддржувачи на овој закон и даваат сила и моќ на позицијата. Доколку има можности да се поништат изборите во овие општини, тогаш ни го даваат правото ние да дадеме предлог да се поништат изборите и во другите општини. Во суштина, доколку му ја дадеме оваа можност на Парламентот, опозицијата нема да има можност да победи во ниту една општина.

Во однос на општина Боговиње, бидејќи и оваа општина е во вашиот предлог закон, ќе ви ги дадам резултатите. Во 22.872 гласачи, на избори излегоа 11.915 гласачи, што значи дека 52, 12%. Во оваа општина изборите завршија во првата рунда на гласање. ДУИ победува со 5917 гласа, значи 49% од вкупниот број на гласачи. ДПА во коалиција со ПДП има 5240 гласа, значи 43%. Ако направиме една анализа, дали има изгледи овде да има полнење на кутии?

И на крајот, бидејќи ни поминува времето, да кажам дека албанскиот народ навистина знае да гласа и поради тоа полицијата ДПА ПДП доби само две општини. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рамадани имате една минута.

**Исмет Рамадани:** Во еден дел од репликата, само сакам да ве поддржам господине Јусуфи, вие да предложите локалните избори да се повторат на ниво на цела Македонија. Нашата поддршка ќе ја имате, само подгответе се вие како Влада, ние сме подготвени да Ве поддржиме.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Навистина се наоѓаме пред еден многу тежок проблем, една тешка задача, да видиме дали ќе знаеме да изградиме вистински однос кон начинот како е покренат овој проблем, а проблемот постои. Проблемот постои, бидејќи неутралните набљудувачи констатирале дека на 13 март кога се гласаше во Македонија, 22% од гласовите, како е утврдено во изборните резултати, не ја одразуваат политичката волја на граѓаните што гласале. Тоа се набљудувачи кои нашата Влада ги покани овде за да ни помогнат да го утврдиме степенот на фер и демокртски избори што ќе се одржат во Македонија. Притоа, рекоа дека овие 22% во основа се, иако се однесуваат на вкупнот број на гласачи во државата, во основа се во северозападниот дел на Македонија и во некои делови во Скопје, што значи дека таму каде што се, тие се повеќе од 50% од гласовите и дека изборите во тоа подрачје, фактички на тој начин, ако ни е тоа соопштено, не може да се смета дека ја одразуваат волјата на граѓаните што гласале. Имаше и пораки да се отстранат и причинителите и последиците од таквото гласање. Тоа беше апел на надворешните набљудувачи овде кон нашиот систем на изборни органи. Меѓутоа, како што знаеме сите, нашите изборни органи поништија само 2,5% од гласовите. Само толку поништија и не се покажаа способни да ги отстранат причините и последиците од таквото гласање.

Сега ние овде сме соочени со една законска иницијатива, во 16 општини да се поништат изборите одржани на 13 март, да се поништат резултатите и претседателот на Собранието таму да ги повтори изборите, да распише повторување на изборите.

Ние како пратеници овде сме во дилема и се соочуваме со потребата да се определиме дали ќе го одбиеме овој закон и ќе потврдиме, ќе им дадеме законско признание на овие 22% гласови што е фалсификувана волјата на изборите, или повеќе од 50% во тие избирачки места и во тоа подрачје, или пак навистина ќе им овозможиме на граѓаните уште еднаш да ја искажат својата избирачка волја, а Владата да земе одговорност, да ја заштити нивната избирачка волја. Овде не станува збор, дали оваа или онаа партија добила, или не добила. Законот, колку што јас сум информиран е правен да ги отстрани последиците од изборите, такви какви се одржаа на 13 март, на оние подрачја на општини каде е установено масовно кршење на законите, каде странските набљудувачи утврдиле масовно кршење на законите и преиначување на волјата на оние кои гласале. Тоа е предлогот на законот.

Ако овде треба да се направи некоја промена и се каже, да речеме, тоа не е утврдено така како што се вели во законот, во општината Боговиње, со амандман, таа работа и со аргументи кои ќе бидат наведени, ќе се отстрани од законот и нема да се однесува на Боговиње. Ако пак во Законот не е внесена некоја општина каде исто така е

утврден таков степен на незаконитост, а не е во законот внесено заради партиски интереси на предлагачот да си ги заштити своите позитивни резултати, со амандман нека се внесе и таа општина и тоа со аргументи нека се докаже. Тоа е еден начин на работа, како ние можеме по овој закон да работиме.

Другото прашање што беше поставено дека Парламентарното мнозинство има бројчана сила да ги поништува резултатите и таму каде што велат победила опозицијата. Се разбира има бројчана сила, но дали има аргументи, дали таму е најдено таков степен на прекршување на законите, дали меѓународните набљудувачи го утврдиле тој степен на прекршување на законите во Македонија и таму, или, навистина се смета дека поседување на Парламентарно мнозинство значи можност и право да се гази волјата на избирачите. Тоа е злоупотреба на мнозинството и неверувам дека мнозинството така и ќе постапи.

Има сега едно друго прашање кое ми го поставија во Комисијата, зошто јас не им верувам на нашите институции т.е. на изборните комисии и Врховниот суд кои поништиле само 2,5% од гласовите, а им верувам на меѓународните набљудувачи кои претставуваат други институции, меѓународни институции. Сакам да ви кажам дека тие меѓународни набљудувачи се дојдени по барање на нашата Влада, барање кое е упатено до тие Меѓународни институции, до ОБСЕ, до Обединетите нации, до ЕУ, до Советот на Европа. Според тоа тие не доаѓаат нелегално овде, туку по наше барање.

Второ, ние овде дури можеме и да се договориме вака, овој пат овие направиле насилство и ја преиначиле волјата на избирачите, следниот пат другите ќе направат, па нека бидат сега изборите такви какви биле, иако знаеме и ни е кажано какви биле, кои се дефектите и каде се дефектите и да издржиме таква власт ние овде за 4 години. Тоа може така да се рече. Тоа значи дека во Македонија не само што има сили кои ја преиначуваат волјата на избирачите, туку има и недостаток на сили кои ќе го постават тоа прашање, да биде исправено, те. Нема фактори кои ќе се заложат да се отстранат тие незаконитости во избирачкиот процес. И да издржиме овие 4 години нека биде така. Меѓутоа, тоа не е доволно за оценката на сотојбите. Тоа ќе биде уште полошо за оценката за Македонија. Тоа ќе значи дека во Македонија не само што има сили кои ја преиначуваат волјата на гласачите и тоа масовно, туку откако ќе им се укаже на сите политички сили во Македонија дека тоа така се случило во Македонија и се лоцира каде и како, во Македонија нема сила која тоа ќе го покрене и Македонија нема сила тоа да го исправи. Тоа е веќе додатен аргумент да ни ја влошат оценката за нашата земја и за состојбите во нашата земја, од страна на овие меѓународни институции кои сме ѓи повикале овде да дадат оценка.

Дали е важно сега што тие мислат? Јас мислам дека тоа е многу важно што тие мислат за нас. Многу е важно за сите граќани на Република Македонија. Прво, огромен број на граѓаните на Република Македонија, низ анкетите ја изразуваат својата желба и очекување Македонија да биде што побрзо примена за полноправен член во ЕУ и во НАТО. Треба да процениме, ако тие така нас ни сугерираат и ни ја дале таа оценка, да видиме дали се тие сериозни, или пак ние ќе се правиме како ништо да не било и тие ќе ни заборават, едноставно ќе ни прогледаат низ прсти.

Јас морам да ви кажам дека една од основните вредности на ЕУ и на НАТО, се дека секое ниво на власта мора да биде оној кој во изборните резултати ја добил неприкосновената, нефалсификувана, неизменета волјата на избирачите, на оние кои излегле да гласаат.

Едноставно тие мислат дека само со таква власт треба и може да се има работа, со власт која не е избрана со слободната волја на избирачите, туку е избрана по силата на преиначувањето на волјата. Тие мислат, таква е вредноста која ја поседуваат на која се засниваат тие интеграции, не е можно со таква власт да се работи од причина што мислат дека таа власт не одговара пред граѓаните, туку одговара пред оние кои ги направиле резултатите да дојде на власт. Со тајни групи, со насилства, со насилнички групи. Со такви тие не сакаат да работат.

Сега, тоа не е работа само на власта. Така како што изградуваат став, тоа се однесува на земјата. Тие не можат со друг да соработуваат освен со власта во земјата. Затоа инсистираат и имаат право да инсистираат власта да биде избрана на фер и демократски избори и кога ќе кажат оти такви и такви се резултатите и таква е нашата оценка, не треба да чекаме сто пати да ни ги корнат ушите, туку треба да покажеме способност да го имплементираме тоа што го кажуваат и да потврдиме дека навистина држиме до истите вредности и со тоа ќе докажеме дека сме се определиле за патот кон Европската унија и кон НАТО.

Сега прашањето е дали навистина, ако се признае некој факт ваков и таков, како што е сега и како што ни го нацртаа каков е, дали тоа значи само посебе навреда и дисквалификација на нашите граѓани од албанската етничка заедница дека тие не се способни да резонираат и не се способни да ја прифатат својата обврска гласањето како фер и демократско, како фактор на конституирање на власта. Јас гледам поинаку на таа работа. Јас мислам дека во вкупните анкети за наклоноста и определеноста на граѓаните на Македонија за поскоро земјата да се придружи на Европската унија и НАТО, граѓаните од албанската етничка заедница воопшто не заостануваат зад другите. Имаат сосема јасна свест која треба да биде ориентацијата на земјата. Тоа може да се види од сите анкети. Ако е тоа така дали може да дозволиме на себе дека нашите албанци овде заостануваат во сваќањето дека една од основните вредности на тие групации е фактички фер и демократски избори, па не им станало до тоа. Не е точно. Еднакво ги следат тие настани, еднакво знаат што е основна

вредност и оттаму мислам тоа што е утврдено како нашиот што ги преиначила нивните гласови е само знак дека најголеми жртви на насилството од 13 март во изборите и преиначувањето на волјата на гласачите тука најголеми жртви се оние наши граѓани од албанската етничка заедница кои тогаш гласале. Фактички нивните гласови се преиначени.

Ако е тоа така, тогаш токму барањето и потребата уште еднаш да се гласа во овие општини, не може да биде ништо друго, туку обид да се исправи неправдата која е начинета кон нив.

Сакам да ви кажам дека насилството може да биде стихијно, неконтролирано, непоттикнато од никого и неорганизирано. Може да се случи како последица на некои други состојби, меѓутоа, ако го заштитува некој политички и сака да ги ужива резултатите од насилството, сам се легитимира дека нему му одговара насилството и не е подготвен да се провери во фер и демократски избори кои би се одржале со поништувањето на овие избори. Со тоа имаме појасна слика за политичкиот распоред на силите и филозофијата од која се раководат.

Затоа мислам до денес додека немавме таква слика изградено, кога уште не се разврстале луѓето дали ќе ги заштитат фалсификуваните резултати или ќе овозможат навистина да дојдат до израз гласачите и нивната волја, до тогаш ние имаме прилика како Парламент еднакво сите пратеници да се определиме да ги заштитиме гласачите и тоа да им го овозможиме и да им дадеме подршка.

Основната причина зошто пратениците од Пратеничката група на Либералната партија во целост се придружија да го подржат овој Предлог закон е што ние имаме силна верба дека секој граѓанин без било каква да е неговата етничка припадност, било какво да е неговото политичко убедување или било на која вероисповест да припаѓа, еднаков интерес има за одржување на фер и демократски избори во Македонија. Со тоа ние треба да бидеме држава на еднакви граѓани. Тоа е првата работа што треба да биде.

Второ, дека на целата територија мора да важи правото на остварување на слободни и демократски избори, фер и демократски избори. Слободно искажување на политичката волја. Ние не ја утврдивме територијата точно во кои општини треба да се повторат изборите. Тоа е сосема јасно речено во оценката што ни е дадена од странските набљудувачи. Ова се причините зошто овој закон го предлагаме, ова се причините кои не убедуваат дека Парламентот има голема шанса да се јави како тело кое не трпи и не допушта избори масовно дисквалификување и преиначување на волјата на избирачите, без оглед во чија корист. Тоа е зошто ние го подржавме овој закон и ние ќе гласаме за негово усвојување.

Апелираме кон сите да го подржат и да го усвоиме овој закон или со амандмани да исправат нешто, да дополнат и да го комплетираме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Андов,

Сега имаме неколку реплики.

Прв се јави за реплика, а ако има некој да се пријавува за реплика нека се пријави, кога ќе почнеме со реплики, нема пријавување.

Господине Аднан Јашари имате три минути реплика. Повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

Да ви ја кажам вистината, доколку беше некој друг пратеник во прашање кој нема искуство, сигурно немаше да се пријавам за реплика, но имајќи го во предвид претходниот говорник, бидејќи знам дека од основањето на ова Собрание е присутен, а бил и претседател на ова Собрание, да дава такви проценки не би се согласил и затоа зедов збор да го дадам моето мислење или да му реплицирам во оваа насока.

Јас незнам, но од осамостојувањето на Македонија од 1990 година наваму без оглед на видот на изборите, а овде станува збор за локални избори, претседателски или парламентарни, опозицијата не реагираше со ваков речник дека изборите не се демократски, дека има фалсификување и т.н. Доколку се случило на некои избори, без оглед од каков вид, а да не реагирале на ваков начин од опозицијата, би било добро господинот Андов да ни каже, но сепак мислам дека опозицијата секогаш реагираше со истиот речник, но и покрај се ме чуди еден друг факт, како е можно господинот Андов да се повика и да бара овој Предлог закон да се гласа. Длабоко сум убеден дека и тој знае дека во согласност со одредбите од Законот за локални избори, локалните избори можат да се поништат во постапка како што е предвидено на тие избори. Постојат изборни органи почнувајќи од општинските комисии, општинските избирачки одбори, совети и Државната изборна комисија. Се знае како се одвива постапката, бидејќи тоа го предвидува Законот за локални избори.

Во оваа насока јас лично би го поканил господинот Андов да ни даде податоци која е основата на овој закон, во која одредба од Законот за локални избори се предвидува изборите така како што се предвидени овде со овој закон можат да се поништат со закон и над се би го замолил да го прочита образложението на овој закон каде јасно се вели дека општинските комисии или изборната комисија одлучува за поништување на изборите.

Уште еднаш би го поканил, повторувам, го поканувам господинот Андов јавно да се произнесе каде ја гледа основата на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов една минута.

**Стојан Андов:** Уште еднаш обрнувам внимание, Македонија аполитички автархично се развиваше

доста долго. Од склучувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација ние веќе припаѓаме на таа интеграциона групација. Тие имаат сосема право да ни кажат како да го решиме проблемот со кој се соочуваме, а со кој најмногу се разликуваме од нив. До сега тоа на сите наши избори не беше факт. Прв пат ни кажале на овој начин вака како што ни кажаа. Тоа е прво.

Второ, за законот дали може да се донесе? Основа за тоа е во Уставот, во овластувањето на Собранието да донесе закон. Не може еден закон, како што е Законот за локални избори да спречи друг закон да се донесе, да ги исправи неговите ефекти. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Рустеми вашите три минути.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине претседател.

Господине Андов во вашето образложение зошто сте потписник на овој закон, јас имав неколку дилеми.

Прва и основна дилема е, изненаден сум кога го видов потписот на вашата партија и на ВМРО-Народна партија. Вие сте потписник на еден закон за кој вие како политичка партија не сте зеле учество со ваши кандидати и на списоците за советници. Ние можеме да ви веруваме, навиканти сме да ве слушаме од Телевизијата дека секогаш сте сакале за сите проблеми во Република Македонија да бидат виновни албанците. Мислејќи дека албанците се тие што секогаш се главните виновници, а сте биле претседател на ова Собрание во најголем дел од времето, па потврдувам дека албанците не се тие што се виновни, тоа е вашиот политички менталитет.

Но, за жал, иницијативата на албанците е што имате можност албанците да ги покажете како сеуште виновни, но поминало тоа време господине Андов, албанците во Република Македонија имаат голема култура. Благодарајќи на албанците во Република Македонија и на сите други етнички заедници, Република Македонија се знае и во меѓународната јавност, да не заборавиме дека Република Македонија се спомнува и преку Мајка Тереза која е албанка, се спомнува и преку Ферид Мурати кој е исто така албанец и ме изненадува фактот зошто господине Андов не дадовте амандман дека и во Охрид ќе треба да се повторат изборите каде видовме дека навистина имаше протести.

Зошто господине Андов не поднесовте амандман да кажете дека и во Прилеп треба да се повторат изборите, бидејќи таму се пукаше од пиштол, како и на многу други места.

Затоа, за да одиме сите во Европа господине Андов треба заедно да работиме и еден покрај друг да одиме во Европската унија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Пред да му дадам контра реплика на господинот Андов би сакал да ги поздравам гостите, претставници на Франкофонијата кои не следат, а се надевам дека со интерес ќе ја следат нашата расправа. (Аплауз)

Повелете господине Андов имате една минута.

**Стојан Андов:** Уште еднаш ќе кажам дека ова прашање ние не го подржавме овој закон заради некои партиски интереси. Еве се покажа дека мојот претходник, мојот колега пратеник убаво кажа дека таму партиски интереси немаме.

Меѓутоа, ова што го вели дека од моето излагање можело да се види дека албанците ги сметам за виновни и со пониска култура, го тврдам сосема спротивното, дека албанците овој пат не се виновни, туку се жртви на насилството при изборниот процес и дека треба да бидат заштитени. Јас не реков кој лично дали тој што извршил насилство е албанец или не.

За Прилеп и Охрид не дадовме да се внесат амандманите, бидејќи во приговорт што го даваат странските набљудувачи ги нема тие општини.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски имате реплика или збор? (Збор).

Повелете госпоѓо Теута Арифи имате три минути реплика.

**Теута Арифи:** Почитуван претседател ви благодарам, јас сакам да реплицирам токму на последниот дел од дискусијата на господинот Андов, токму во делот кога тој изразува длабока грижа за албанците, за нивната гласачка култура, нивното жртвување и така натака.

Мислам дека доколку се дискутира начелно и принципиелно господинот Андов оваа грижа требаше да ја изрази во времето кога беше претседател на ова Собрание, во времето кога токму на гласањето во 2000 година, но и во поранешните години на гласање имаше жртви токму од редовите на албанците.

Доколку се дискутира начелно, принципиелно и доколку сакаме да ги поставиме прашањата во оваа насока, тогаш треба да бидеме принципиелни секогаш, а не само кога сме опозиција.

Мислам дека во прв ред сакам да подвлечам дека не може да се говори за жртвување на цела етничка група од причина што и од самиот Извештај на ОДИХИР се нагласува јасно каде се основните проблеми на изборите.

Секако дека треба да се направи повеќе изборите да бидат фер и демократски и на европско ниво. Меѓутоа, никогаш не може ова да се територијализира и да се идентификува само со една етничка група. Ова е апсолутно погрешен пристап и пристап кој не води кон демократизацијата на земјата.

Мислам дека албанците во Македонија имаат политички капацитети да можат да ги надминат сите проблеми и грижата токму од страна на политичките колеги кои во нивно време покажале многу автархичен пристап кон албанците во Република Македонија, мислам дека не е на место и нема место тука. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Андов една минута.

**Стојан Андов:** Да и одговорам и на госпоѓата Арифи.

Минатата година за време на локалните избори јас не бев претседател на Собранието, туку бев опозиција. И тогашната опозиција во Парламентот не поднесе ваков закон инаку ќе го подржев. Имав ист став и тогаш и сега за насилството на изборите. Никогаш партијата на која припаѓам не била иницијатор или извршител на било какви акти на насилство.

Што се однесува до вољата и определеноста на албанците реков и дали треба десет пати да речам дека еднакво како сите граѓани на Република Македонија се определени европски, видете ги анкетите и ќе знаете. Свесни се и за нивото на критериумите кои треба да се исполнат. Прво е фер и демократски избори. Насилството е извршено, јас не лоцирам каде, меѓународниот фактор посочи каде е. И тоа е содржано во законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Последен за реплика е господинот Борис Кондарко.

Повелете три минути.

**Борис Кондарко:** Господине Стојан Андов, со сета почит како искусен политичар, меѓутоа вие кога говоревте пред малку, освен филозофија и демагогија за изборите, за локалните избори не кажавте ништо што има допирни точки со точката на дневен ред. Единствено имаше врска тоа што вие јасно кажавте дека го поддржувате законот. Меѓутоа, пак ќе напоменам како искусен политичар и прокламиран демократа, вие треба да знаете дека прво, тоа што го поддржувате е правно и законски невозможно, а и второ дека со тоа нанесувате огромна штета на демократијата во Република Македонија, од следните причини:

Прво, поништувањето на избори во одредени региони и тоа по, да не речам национална основа, знаете што значи и кон што води и какви импликации може да предизвика.

Понатаму, за поништување на избори има постапка во Законот за локални избори, каде што се поништуваат конкретни избирачки места а не цели територии, односно општини. И според вашиот став произлегува дека вие директно со ова се ставате над независните изборни органи, над Државната изборна комисија, се ставате над Законот и што е најважно над Врховниот суд на Република Македонија.

Затоа ве прашувам како е возможно непосредна демократија, значи зборното право што претставува и во теоријата и во праксата врв на демократијата, изборите, да се субституираат со посредна демократија со изгласување на закон од страна на пратениците во Собранието.

Господине Андов, вие знаете дека, добро знаете, тоа е опасен политички преседан и дека со еден таков потег се создава ненадоместлива штета на демократијата во Република Македонија и опасен преседан. Затоа што секое мнозинство, на кое што во одреден момент му одговара, може да си донесе закон и по своја волја да си ги крои изборите, онаму каде што сака да поништува, онаму каде што сака да повторува избори. Тоа, ќе се согласите не е добро и навистина апелирам да се откажете од таа политичка идеа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов, повелете една минута.

**Стојан Андов:** Некои прашања што ги упати господинот Кондарко, тоа се прашања што навистина не заслужуваат одговор, бидејќи ниту едно од тие прашања не е инспирирано и не нашло основа во моето излагање.

Само нешто сакам да му појаснам. Правник е и треба да знае дека со Законот со кој што се поништуваат фалсификувани изборни резултати не носи со себе, не прават посредна демократија. Ние, со законот не именуваме советници, туку ќе овозможи непосредна вистинска демократија. Нека ги научи работите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има сега господинот Киро Дојчиновски, а потоа пратеникот Марјан Ѓорчев нека се подготви за расправа.

**Киро Дојчиновски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани предлагачи на овој закон,

Кога говориме од овие говорници, дали се од тука или од место, секогаш водете сметка дека се обраќаме до граѓаните на Република Македонија. Ајде, малку да поводиме сметка за дигнитетот на граѓаните. Ајде да не говориме дека некој треба да го влече за уши граѓанинот на Република Македонија, како што слушнавме денеска во дискусијата. Не е својствено тоа за македонскиот народ.

И второ, ајде однапред да не кажуваме дека на 13 март беше извршено насилство врз граѓаните на Република Македонија. Тоа го слушнавме од еден од поддржувачите, тоа го слушнавме и од еден од предлагачите. Дури, однапред, по “Ванѓа принципот” кажал дека на 13 март нема да почнат изборите, туку ќе завршат изборите. Како тоа го знаеја луѓето однапред дека на 13 март ќе заврши целата процедура на избори, уште не почната? Само по себе доаѓаме до ситуација како да некој веќе ондпаред знаел што ќе се случува или подготвувал нешто што треба да се случи.

Сега, веднаш сакам да кажам дека овде, кога пред ова Собрание слушнавме дека ги распишуваме изборите, локалните избори, и тоа со еден период на продолжување од неколку месеци, сите знаевме какво изборно законодавство имаме. Тоа е што го имаме. Тоа е што е капацитетот на овој Парламент или на овие досегашни парламенти што го донеле. Имавме право, легитимно право да тогаш кажеме дека има фалинки во него. Тогаш, практично да пристапевме кон промена на тие евентуални пропусти. Меѓутоа, тогаш се согласивме дека со такво законодавство ќе одиме.

Денеска бараме, настојуваме Парламентот да го вовлечеме во една ситуација да биде арбитар врз она што граѓаните го направија во изборната процедура.

Парламентот ги подготви сите негови обврски. Ги донесе законите. Формира избирачки комисии, има институции што се занимаваат со изборната работа и тоа е она што требаше да го направи. Тој, ако оценеше нешто друго, требаше да ги промени овие тела за кои што е надлежен, требаше да промени одредени закони за кои што сметавме дека не чинат. Тука е неговата обврска.

Кажете ми сега, на една од комисиите го поставив ова прашање токму на претходниот дискутант, каква е логиката да парцијално Парламентот поништува или распишува нови избори на одредени територии на Македонија, во конкретниот случај само во Западна Македонија, односно само на тетиториите каде живеат албанците. Што тоа значи? Колку тоа е во ред? Колку тоа нема да не доведе до тоа дека имаме таканаречени двојни аршини во оваа ситуација, зависно од одредени работи? Мислам дека тука ќе направиме голема грешка.

Што се однесува до процедурата на изборите, никој не може да каже дека тоа е идеален процес. Ниту можеме да идеализираме процес. Бидете сигурни дека ќе имаме и на наредните избори и кога ќе го промениме законодавството, пак одредени проблеми, односно пропусти што се својствени таму каде што се работи нешто. Еве, укажавме сите, ако сакате и европската структура и нашите партии, сето тоа, дека треба да имаме појасна изборна процедура во наредниот период.

Еве, некни се случува истата ситуација. Можеме ли да сметаме дека ние имаме и одредени традиции во оваа сфера? Каде сме сега во нашите предизборни активности, да укажеме, да ги едуцираме граѓаните да го избегнат ова што се случувало во одредени средини? Или таму правевме радикални, тешки и не знам, маркетиншки потези што воопшто не водеа сметка за тоа како граѓаните ќе излезат на гласање.

Ете тоа мислам дека ни е пропуст на политичките партии. Тоа не е пропуст на Парламентот, па сега од него ќе бараме на некој начин да го тоа корегира. Мислам дека тука ќе мора во иднина да се бара, можеби и одредени дополнувања на законодавството, но далеку поголема активност на политичките партии во Македонија.

Што се однесува до барањето за повторување на изборите, што беше причината што одредена структура, што сега го бара ова повторување, што апстинираше во вториот круг? Зошто тоа го направи? Што со оние средини каде што тие ги добиле изборите? Еве, конкретно општина Сарај. Таму не бараат повторување. Сигурно, рејтингот на нивната политичка партија таму бил повисок и без проблеми практично ги добиле изборите и за градоначалник и за советот.

Зошто тогаш, едноставно и неа не ја сврстија во такви ситуации? И таму имаше такви ситуации, не така масовни, но имаше. И, кога сме при ова, зошто се обидувате многу помалку да им веруваме на сопствените институции?Зошто не одеа до крај па да ги користат надлежните институции: општинските изборни комисии, Врховниот суд, Републичката изборна комисија, па на база на тоа, ако и таа процедура поминеше како што тие сметаат многу незаконито, со терор, со насилство и тн. тогаш можеше да се оди на некаква ваква расправа. Меѓутоа, кој од вас кажете ми, ги знае резултатите од изборната комисија? Ние не сме го добиле извештајот, па да знаеме дека вистина постојат одредени проблеми...

(Дофрлање од место)

Јас досега никогаш на вашите долги дискусии...

(Дофрлањето од место продолжува)

... на твоите долги дискусии  никогаш досега не сум реагирал.

**Љупчо Јордановски:** Господине Вејсели, ова е Република Македонија ова не е меѓународната заедница ве молам. Ова е Парламент на Република Македонија.

**Киро Дојчиновски:** Таму кога ќе одиш, во Европската заедница, таму разговарајте. Овде не.

(Дофрлањето од место продолжува).

**Љупчо Јордановски:** Господине Вејсели ве молам, господине Вејсели ве молам спуштете ги емоциите. Ќе имате можност да се изјаснете.

**Киро Дојчиновски:** Зошто не сакаме да им веруваме на нашите? Ако не чината ќе ги промениме. Но, мораме да им веруваме. Мораме да ги градиме. Во крајна линија тие се наши. Тие ги имаа пред себе изборните материјали и изборните проблеми, ако сакате. Повеќе отколку секој друг.

Се согласувам дека сите забелешки што ќе следуваат на ова, ќе ни се одразат. Меѓутоа не вака. Вака, повеќе ќе ни се одразат ако навистина почнеме парцијално да носиме закон по закон, да не речам за секој човек или за секоја територија. Мислам дека тука треба да водиме повеќе сметка.

Зошто овде, место ваков закон, можеби и повеќе ќе држеше до тоа да вие предложите конкретни промени на Законот, ако сакате навистина во иднина тоа да не се случи? Ако вистина сметате дека има проблеми. Никој, во вашата досегашна расправа не укажа на тоа што е фалинката на законите од изборното законодавство. Такво нешто не слушнавме. Барате едноставно да се поништат изборите, да се прегласува. По кои закони? По старите? Која е гаранцијата дека пак нема да се стори тоа, ако веќе тие не чинеле? Која пак е гаранцијата што тие во одредени средини многу практично се покажале и донеле извонредни изборни резултати? Тоа мораме да водиме сметка, затоа што Парламентот ја има таа задача да носи закони, да менува закони, да менува органи и тела, да презема мерки за оние што ги бира, дали се тоа од Министерството за внатрешни  работи, дали е тоа Врховниот суд, дали е тоа изборна комисија и тн. и тн. Такво

нешто мислам дека е непристојно во овој Парламент.

Благодарам.

(Во отсуство на претседателот на Собранието со седницата продолжи да раководи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македониа).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Дојчиновски.

За реплики се пријавени господата Рамадани и Вејсели.

Дали има друг за реплика? (Нема)

Тогаш повелете господине Вејсели, имате три минути за реплика.

За реплика се пријави и господинот Оровчанец.

**Абдулади Вејсели:** Навистина не го разбирам, настојував да го разберем претходниот говорник, кого сака да брани? Да ги брани институциите на Владата и да ги казни граѓаните?

Почна со зборот “треба да се фатат за уши албанските граѓани”. Господине Дојчиновски не ги тегнете за уши албанските граѓани, бидејќи тие не се такви какви што мислите вие, политички неедуцирани. Тие се политички едуцирани и знаат да гласаат, но не им даваат политичките елити. Посебно ова не го дозволува Владата тие да излезат и да ја изразат својата политичка желба.

Вие, господине Дојчиновски, фатете ја за уши вашата Влада која што не знаеше да организира и да оствари слободни и демократски избори во Република Македонија. Вие, почитуван господине, вие настојувате на оваа парламентарна говорница да ги браните тие кои фалсификуваат, тие кои употребија насилство.

И, ве молам, вие сте од тие кои го почитуваат законот или кои фалсификуваат? Вие рековте дека имавме време да предложиме измени на закони. Било каков закон да донесе Парламентот, тој закон треба да се почитува. Доколку законот не се почитува, ќе продолжиме и понатаму да има нерегуларности во изборниот процес. А јас, и вие, со вас не се согласувам дека имам евроатланска ориентација и европска ориентација. Еден ден чекам сите да бидеме дел на европското семејство. Додека вие, кои сте против Европа, продолжете и понатаму со вашето мислење дека вака ќе постапувате и ќе бидете со насилството, а не против насилството.

Затоа ви кажувам со два збора подобро да не земевте збор бидејќи не кажавте ништо, туку настојувавте да ја злоупотербите говорницата за да ги обвините албанците. Не ги обвинувајте албанците. Обвинете ја владината структура, обвинете го нефункционирањето на институциите и обвинете дека не функционира законската држава во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Вејсели.

Една минута контра реплика господинот Дојчиновски.

Повелете господине Дојчиновски.

**Киро Дојчиновски:** Мене не ми е чудно што господинот Вејсели не разбира. Тоа е негов проблем.

Меѓутоа, мислам дека не што не ме разбира мене, туку не ги разбрал ни претходните. Јас барав заштита на дигнитетот на граѓаните и да не зборуваме влечење за уши на граѓаните. Тоа го кажа друг. Тоа го кажа тој кој го поддржува него. А, тој да не не беше овде, не знам.

Не штитам Влада и институции. Штитам тоа што треба да се направи. Кој беше во изборните одбори во тие места каде што се правени проблеми? Тоа беа тие луѓе. Ваши луѓе. Зошто тогаш да зборуваме дека треба некој некого да штити. Таму настанаа проблемите. Меѓу нив.

Албанското население го почитувам, затоа нека ги следи дискусиите и да не ги меша поимите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Дојчиновски.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани, три минути реплика.

Повелете господине Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Би сакал на македонски.

До господинот Дојчиновски, кого го почитувам, а тој знае дека го почитувам, мислам дека проблемот сакате на еден начин да го изместите, односно сакате на еден начин друг да биде одговорен за сето ова што се случуваше на овие избори, дури одговорни ние кои предлагаме со закон еднаш засекогаш да се ослободиме од тоа што значи насилство, од тоа што значи фалсификат, од тоа што значи полнење на кутии.

Ова се работи што ги констатираа, господине Дојчиновски и тие кои неутрално се поставени во однос на изборите. Дали тоа е невладината организација “Мост”, дали е тоа меѓународната заедница, дали се тоа луѓе интелектуалци кои не се определени партиски? Едно е сигурно дека такви проблеми имаме. Но, за вас е можеби малку полесно затоа што директно, односно непосредно не сте ставени во тој бубањ каде што насилство, калашникови, каде што се организираат и банди да полнат кутии, да кршат кутии и легитимитетот да го дадат тие, а не граѓаните.

Ако тука можете да помогнете, повелете. Ако не, би сакал да не бидете изманипулирани само затоа што во овој случај сте дел од власта.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамадани.

Една минута контра реплика господинот Дојчиновски.

Повелете господине Дојчиновски.

**Киро Дојчиновски:** Навистина, почитуваниот госопдин Рамадани, кого исто така го почитувам морам да кажам, морам да кажам дека не ги изместувам проблемите.

Парламентот не е во состојба да носи посебен закон за поништување на избори. Тоа треба да го разбере повеќе од мене, затоа што е овде од почетокот во овој Парламент. Не барам други

одговори. Одговорните се таму каде настанале проблемите.

Добро беше, јас завршив со тоа ако се понудеа законски решенија каде што гледаме пропусти да ги промениме во дадена ситуација, да не ни се повторуваат но тоа не го гледаме,бараме да се опвторуваат изборите на албанска територија. Тоа не е во ред.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Дојчиновски.

Има три минути реплика господинот Оровчанец.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорги Оровчанец:** Мислам дека оваа дискусија на господинот пратеник сакаше да ги релавитизира работите, меѓутоа во тој поглед јас имам забелешка затоа што треба сепак критички да се однесуваме кон она што се случуваше.

Релативизирањето посебно ќе го нагласам во оној сегмент каде што се занемарува меѓународната заедница и кога како оценка од Советот на министрите на Европската унија дојде критика за демократичноста за изборната постапка и локалните избори во Република Македонија тогаш треба да се запрашаме дали ја имате правата парола за изборите побску до целта. Овој Совет на министри си ја поставуваат целта и каде е таа цел. Гледаме дека со многу и тоа како релевантно не можеме да го заобиколиме со една друга претстава.

Друг момент кој сакам да го напоменам е релативизирање во една друга сфера. Тоа е амбиентот на изборите врз основа на традицијата.

Амбиентот на изборите треба да биде врз основа на закон, а не на традицијата, а традицијата значела масовно гласање или гласање во име на други тин. Традицијата постои по традицијата и за крвна освета, па ние дали треба да ја прифатиме како легална или не. Не треба воопшто да се осврнуваме на такви работи кои ги релативизираме. Треба директно да се погледа во очи состојбата и факт е дека овие избори се проценети како лоши. Ние треба на овој начин, со оваа дискусија да помогнеме во најмала рака во идентификување на она што се случува и со мерки кои ќе придонесат на крај да имаме избори кои  заслужуваат да ги нарекуваме демократски избори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика за господинот Дојчиновски.

**Киро Дојчиновски:** И оваа реплика е релативна, а не релативизирана. Зошто? Затоа што традицијата јас ја спомнав како проблем, не како потреба.

Кажав дека грешката е што во изборните кампањи не се завртоа овој проблем да си го решат, а не да го практикуваат. Ако тоа сте го разбрале господине Оровчанец, тоа треба да се надмине.

Второто прашање, да помогнеме, но сметате ли дека ќе помогнеме со ваков закон. Дајте да донесеме нешто што нема да ни дозволи вакви проблеми ..

**Слободан Најдовски:** Ве молам без обвинување и без ословување.

Благодарам господине Дојчиновски.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Веднаш на почетокот на моето обраќање денес до вас јас ќе се произнесам дека давам подршка на Предлогот за донесување на закон по тина постапка за поништување на локалните избори во општините кои што се наведени во овој Предлог.

Основната примеса врз која што почива моето денешно обраќање до вас е дека Република Македонија е унитарна држава на територијата на целата држава и сите Македонски граѓани се еднакви пред законите на Република Македонија независно на која етничка заедница и припаѓаат.

Основно кое што го изведувам за базична за подршка на овој Предлог на закон за поништување на изборите лежи во личното искуство. Значи,  повторно да ја елиминираме етничката димензија во дискусијата. Во 1994 година исто така се случи напуштање на изборите каде што едноставно се овозможи во Република Македонија во тој период да нема плурален политички амбиент туку да има Македонски и Албански позиционен блок во Парламентот на Република Македонија, а дисторзиите од тогаш во врска со одредени донесени, би рекол, клучни одредби за ссудбината и за иднината на Република Македонија ги чувствуваме и ден денес, во однос на прашањето за името, во однос на некои решенија за споровите со соседите.

Во таа насока чинам дека ги разбирам подносителите на овој Предлог на закон затоа што знам каков политички ризик превземаат, од лично искуство, коалицијата на овие избори ДПА и ПДП, со тоа што се определуваат за едно отсуство од плуралната политичка демократија, начин кој што значи нивна апстиненција во изборниот процес кој што е единствено мериторен да го употреби авторитетот на било кој политички субјект во Република Македонија. Друга метода, друга постапка не постои и се изложуваат на страшен интровентен ризик внатре во сопствените партиски редови и губење на многу квалитетни партиски кадри во овие две битни политички Македонски субјекти од Албанската политичка заедница.

Второ, екстровертен ризик каде што неучествувањето во директната граѓанска демократија, директната граѓанска власт на граѓаните преточена преку посредните граѓански претставници (градоначалникот и советниците) оневозможува афирмација на партиските каузи, на партиските примеси во имплементација на

правата на граѓаните преку Локалната самоуправа.

Но, морам да го поздравам овој чин на донесување на ваков Предлог на закон, затоа што се работи за едно огромно предупредување со сите лица кои што се занимаваат со политиката во Република Македонија, сите оние кои што едноставно учествуваат во парламентарниот живот и нивниот збор може да има огромно влијание врз сите граѓани на Република Македонија, кои со внимание јас верувам дека ги почируваат институциите на државата и со внимание го следат секој искажан збор и од оваа говорница и сите одлуки на сите тела и органи на државната управа.

Одтука мислам дека овој закон има огромна подлога во оценката на оние кои што ние ги повикавме да ни бидат мориторинг на изборниот процес. Тоа се претставниците на Европската унија. Ние имаме една ретка среќа за раководител на тој процес како држава да биде една вистинска личност, господинот Џулијан Гејтс, еден вистински англиски џентламент, една мобил-структура која што е присутна од 1996 година во изборниот процес на Република Македонија, го следи со внимание и досега секогаш објективно, но и со навивачка димензија ги претставувал финалните резултати од изборниот процес. Но, кога еден таков џентламен, кога еден таков господин, како што е господинот Гејтс на ПРЕС конференција таксативно ги наброи елементарните загрозувања на основнот човеково право, затоа што основното човеково право е правото на сопственост, меѓутоа не можеме сите да бидеме сопственици, но најелементарно човеково право е правото на глас, да учествуваме во демократијата и затоа се вика дека е таа плурална политичка демократија.

Кога елементарните права на граѓаните, нарушување на тајноста на гласањето, групно гласање, ги набројувам таксативните набројувања кои што ги кажа господинот Гејтс , притисок на оние тела кои што ги спроведуваа изборите, избирачките одбори и изборните комисии со закани, би рекол и со директен атак врз личностите на тие тела кои што се директно одговорни за спроведување на тие избори. Од тука чинам дека ние имаме огромен аргумент затоа што тој Европски мониторинг ние го бараме како држава, затоа што овој закон требаше да биде вовед во изборен процес, овој нов закон за децентрализација кој го донесовме во Македонскиот Парламент, како и Изборниот закон за локалните избори, требаше да биде вовед во децентрализацијата. Ние се стрепнавме веќе на прдвиот чекор, како што на автархичен, авторихерен начин ги изберевме посредните претставници на граѓанската демократија, на граѓанската власт, така нарекувана општинска власт вие не можете да пледирате како држава дека вие сте децентрализирана Македонија во децентрализирана Европа и да чекорите кон еден од основните услови за нашите вклучувања кон Европската унија. Тука нема димензии во етничкиот дискурс. Тука има една единствена димензија дали ние во Европа одиме по процедура или не, затоа што тука е прекршена процедурата на гласање, а пристапот кон Европската унија е чиста процедура. Демократијата е процедура, ние тоа не го забележуваме во овој Предлог на закон за поништување на изборите, според кој што ја прекршивме процедурата и мора да реагираме. Токму затоа предлагачите на законот се во право, затоа што фактички ја бранат Европската димензија, ја бранат Европската демократија во делот на почитувањето на процедурата на изборниот процес.

Локалните избори требаше да потврдат дали ние како држава носиме закон во Република Македонија кои што не ги применуваме и декларативно сме за демократија се до оној момент кога треба врз нашиот грб да се случи таа демократија, а кога ќе дојдат изборите тогаш практикуваме методи, постапки, процедури кои не соодвествуваат со нашите декларативни заложби за демократија. Јас ќе дадам пример за изборите во 2002 година. Овој Парламент на Република Македонија има потплно право легитимно да решава затоа што сите негови чљенови се избрани на фер, демократски избори за кои што Меѓународната заедница сака да даде сертификат дека навистина тоа се избори какви што една земја која што се стреми кон Европската унија треба да ги има. Така беше и 1998 година и не случајно наградата стигна со сите оние процеси за потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација и сега кандидатството за членство во Европската унија. Значи тоа е еден причинско последичен процес на ниво на парламентарна демократија. За жал на ниво на локална демократија и во 2000-та година и во 2005-та година ние отстапивме од тој процес и практикувавме едни несоодветни процедури кои што го загрозуваат елементарното право на граѓанинот на Република Македонија. Тука јас ја изведувам мојата теза која што почива на лично искуство, на апстиненција од изборниот процес и тешки последици внатре политички во партискиот живот во тие партии кои што излегоа на изборите 1994 година и надворешно политички последици на Република Македонија како држава.

Од тие причини сметам дека Предлогот на закон кој што е упатен во Македонскиот законодавен дом треба да го подржиме и со тоа ќе дадеме една друга димензија дека ги почитуваме не само кога ни требаат препораките на Меѓународната заедница, тогаш кога нас ни требаат, тоа е веќе хипокризија, туку тогаш кога Меѓумнародната заедница бара од нас да ги почитуваме нејзините препораки, а тоа е ќе се согласите битна разлика и со тоа ние навистина ќе ја докажеме нашата еворпска димензија во размислувањето, во постапките и во почитувањето на процедурите. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

За реплика се јави господинот Јусуф Арифи.

**Јусуф Арифи:** Благодарам господине потпретседател,

Почитуван колега, Меѓународната заедница и сите меѓународни фактори дадоа забелешка до Република Македонија воопшто во целост дека изборниот процес имало можност да биде и подобар. Меѓутоа, го прифатија како таков.

Самиот факт дека Предлогот на законот е даден од страна на коалицијата ДПА и ПДП, јас ви давам за право сите аномалии да ги отфрлите, да ги префрлите во општините каде што има победено ДУИ или во западна Македонија. Индиректно вие фактички го девалвирате населението, граѓаните кои што живеат во тој дел од Република Македонија.

За жал некој ви ја даде оваа можност . . .

(со седницата продолжи да претседава господинот претседател **Љупчо Јордановски**)

. . . сите овие аномалии имате прилика да ги префрлите само во овој дел на Република Македонија. Меѓутоа јас би сакал заедно со вас да направиме анализа на овие избори.

Во мнозинството општини има победено Демократската Унија за Интеграција. Доколку сеослониме врз резултатите на анкетите кои што ги има реализирано Демократската Унија за Интеграција убедливо би била повеќе со повисоки позиции во однос на другите партии кои што учествувале во изборите на овие општини.

Доколку се засноваме врз присуството на граѓаните на собирите кои што ги одржуваше ДУИ во текот на кампањата исто така се гледа дека имало многу повеќе граѓани кои што ги следеле овие собири во текот на кампањата на Демократската Унија за Унтеграција.

Господинот Андов во неговата дискусија ја спомна и општина Боговиње и рече доколку во Боговиње имало 52%.ние го тргнавме ова со амандман, меѓутоа ако се видат резултатите од првиот круг во сите општини извесноста на граѓаните била 52, 55 до 57%. Ова е доказ дека немало аномалии во овој параметар да се даде предлогот на законот во оваа природа. Изборите биле фер и демократски, меѓутоа за жал коалицијата ПДП и ДПА не беше во состојба да прифати една ваква реалност и отиде во насока што за мене е многу погрешен чекор и им дава за право сега индиректно да ја користат можноста да стават дамка врз Албанскиот народ и сите граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате ли контра реплика господине Ѓорчев?

Повелете една минута.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван колега се согласувам дека прекршување на изборниот процес имаше и во други градови и региони на Република Македонија, нна пример во Скопје, Охрид, Конче, меѓутоа факт е дека Предлогот за понишрување на закон е тој што го имаме денес и тој Предлог за поништување на закон на локалните избори во овие општини за мене е афирмација на Македонските граѓани кои што живеат во тие општини затоа што се борат за нивните елементарни човекови права и граѓански слободи, а во Парламентарна, плурална демократија тоа е моментот на правото на нивниот глас кој што треба да биде даден во услови на фер, демократски избори и непречен од никого, секоја човечка индивидуа да гласа така како што мисли дека треба да гласа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе,

Колега Марјан Ѓорчев ќе ја искористам говорницата бидејќи сум јавен за збор.

Би сакал накратко да ви реплицирам, убеден сум дека секогаш говорите со јазикот на разум, и сега тоа го покажавте, значи секогаш говорите како разумен човек и тоа навистина го почитувам кај вас, меѓутоа од друга страна вие овде сосема легитимно дадовте подршка на овој закон како пратеник. Тоа дали го направивте со самиот факт дека вие сте пратеник од опозиција, тоа е како прашање, предлогот доаѓа од пратеничка група од Албански блок кој ја претставува опозицијата во Собранието, дали се тоа вашите мотиви или навистина сметате дека со вакво законско решение ќе се детектираат сите проблеми ако ги имало во претходниот изборен циклус. Од друга страна јас сметам дека во принцип ние носиме закон за подобрување на стандардот и животот на граѓаните во Република Македонија , и од друга страна дали навистина сметате дека со Предлог за донесување на закон по итна постапка за поништување на локални избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Струга, не знам кои се уште овде се наведени дека ова законско решение има европска димензија и ова е европска перспектива на Република Македонија. Дали тоа навистина вие го сметате и го мислите дека со еден ваков текст на закон ќе се реши. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Господине Анастасовски кога демократијата е загрозена, сите средства треба да се применат, а во случајот чинам дека единствена форма на донесување на предлог, односно решение во Парламентот на Република Македонија е во законска форма.

Кога е демократијата вистински загрозена, а загрозена е, со тоа се согласува и Меѓународната заедница, тоа го укажува и фактот дека Државната изборна комисија сеуште се нема произнесено за целокупниот тек на изборите во Република Македонија, вклучително и за општините, тогаш ние мораме да реагираме.

Инаку само можеме да констатираме дека имаше аномалии, имаше слабости и ќе работиме по системот на мунистичко Собрание во Република Македонија, револуцијата што тече ќе ги исправи сите неправди. Меѓутоа, тоа не е така. Во

плуралната демократија мораме да се бориме со сите методи и средства за демократијата на граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Токму така, со сите методи и средства, но пред тоа треба демократски да ставите. Демократски методи и средства.

Има ли друг за реплика, бидејќи ги има многу пријавено

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Локалните избори апсолутно беа тест за македонската држава и нејзината демократичност, едноставно кажано, ни го мереа умот колку тежиме и што имаме во црпките и дали можеме да изведеме демократски избори, старите европски држави да не оценуваат дали сме спремни за нивниот пат кој тие веќе одамна го тресираа, или ќе останеме на маргините на Балканот, за што сум повеќе од убеден, барем во догледно време дај Боже да грешам, но мислам дека не грешам. Но за жал, тоа е тоа. Таа е политиката која се води. Некои работи зависат од нас, некои работи не зависат од нас. Можеби тоа е судбината на малите народи, на малите држави.

Кога говориме за демократијата се прашувам што беше тоа демократија во последниве две и пол години и што тоа значи. Во превод народно владеење, етимолошки доаѓа од грчкиот збор димос и кратос, народ и држава, значи владеење на народот, што како демократска форма прв пат се јавува во градовите држави во стара Античка Грција.

Околу самите избори кои ги следевме, а а будно ги следеа и западњаците, разни амбасадори на еминентни држави и влади, владини и невладини организации, домашни и странски. Оценките беа повеќе од лоши, да не кажам катастрофални и според тоа претпоставувам дека ќе не рангираат, а можеби ќе има и дополнителна негативна тежина, сега веќе и со спорот со името, кое за жал, барем моја претпоставка е, дај Боже да грешам, полека го губиме тлото под нозете, што се однесува до името.

Ликот на Република Македонија апсолутно се градеше преку овие локални избори и да направам една мала дигресија, ако ми дозволи претседателот, многу мала, многу кратка, многу јасно искажана од говорницата од министерката за надворешни работи, госпоѓата Илинка Митрева, дека и пратениците треба да работат на имиџот на Република Македонија, а не да одат на шопинг и да се шетаат низ разни европски држави. Мислам дека поголема тежина имаат локалните избори, отколку шопингот на пратениците, доколку тие воопшто одат.

Кој е одговорен за судбината на овие локални избори? Ваква парламентарна дебата имавме од 2002 година со случајот со Охрид, ако не се лажам, каде што три дена разговаравме овде, максимално отворено, максимално демократски со настаните во Охрид 2000 година, лапсус лингва е ова, расправавме максимално отворено, демократски, без некому да му одземеме збор и тоа е добро што овде во овој Народен дом се говори за демократијата. Сметам дека местото е овде. Подобро овде да се расправаме, отколку надвор. Расправавме максимално отворено и сметам дека и тука ќе расправаме по истата проблематика максимално отворено, се во интерес на демократијата, се во интерес на подобрата меѓусебна соработка. Ние можеме да бидеме политички опоненти, но, како политички партии, меѓу себе да се мразиме е недозволива работа, затоа и постои парламентарен дом.

Значи главниот товар, главната одговорност за случувањата на локалните избори, апсолутно, паѓа на грбот на владеачката гарнитура и нивните коалициони партнери. Можеби дел има и опозицијата, но опозицијата не е во можност да диригира одредени постапки. Инструментите се во рацете на власта и таа е таа која е најодговорна за случувањата на локалните избори, кои говорат и за нашата култура и за нашето однесување, што за жал, ни говори уште една работа, по секоја цена да може да се освои секое место, секој град, говорам за градовите низ Македонија, макар и на штета на имиџот на Република Македонија. Тоа е една страшна работа. Можеби и ние сме го правеле тоа. Имам доблест да признаам дека и ние во минатото можеби сме го правеле тоа, тоа што од една временска дистанца поминатата надвор од ова Собрание две и пол години, мислам дека е лошо. Да не кажам дека е трагично. На избори да се оди, да паѓаат жртви, па и мртви луѓе се случувало. Зошто? Да се освои едно градоначалничко место, не водејќи сметка дека тој што ќе падне како жртва има сопствена фамилија, деца, мајка, татко итн. Сакам да кажам дека нема споредба кога е во прашање човечкиот живот и усвојување на некој град било каде на територијата на Република Македонија. Но за жал, во тие моменти се мисли сосема поинаку, партиските директиви се поинакви и се оди до крајност, што се покажа и на овие избори.

Беше спомнато овде дека делот од албанското гласачко тело, станаа жртви на одредена политика, одредено насилие. Јас можам да кажам дека и одредени региони каде што живеат претежно Македонци, исто така станаа жртви на бескрупулозна борба за усвојување на било кој град или територија, за да се добие некој градоначалнички мандат повеќе или помалку. Таков е примерот, иако не е спомнат во законот каде што се наброени претежно општини каде што доминира албанското население и Охрид, кој исто така е еклатантен пример, затоа што Охрид не е исклучок од Македонија, се наоѓа на територијата на Република Македонија и логички е да се проговори, затоа што Охрид можеби е според моите сознанија и слика на сето она што се случувало во регионите кои се наброени во овој Предлог закон. Можеби не толку еклатантен, не толку суров, не толку див, можеби малку посуфистициран, но од прилика крајната цел е таа, усвојување на власта.

Методите кои се применуваат за жал, пред се, се недемократски, можам да кажам насилни. Значи, во битката за усвојување на тие места не се бираат средства. Значи, она што Макијавели говореше со примерот во Охрид, може апсолутно да се потврди: дека целта не бира средства. За жал, во нашиот македонски пример е така. Сите околни балкански држави и на оние на кои им се смеевме до вчера, дека се далеку зад нас и Бугарија, и Албанија, отидоа пред нас. Тоа се факти и ние можеме да се чукаме во гради колку што сакаме, фактите и аргументите говорат дека Македонија во однос на демократијата се наоѓа едно, две и повеќе скалила зад сите околни балкански држави. Една Србија која го преброди синдромот на Милошевиќ, тргна со засилени чекори напред и ќе стигне до целта пред нас. За Бугарија да не говорам. Можеби ќе одиме во пакет со Албанија, на која исто така, и се смеевме, но имајќи предвид дека имаат добро лоби, добро се потковани и тие ќе стигнат пред нас до одредената цел, да речеме Европска унија и НАТО алијанса. За жал, работите така стојат. Не сум видел, како што ме обвини некој пратеник пред некој ден, немам аспирации да бидам видовит, но ако се направи проста анализа на работите, ако се пратат нашите македонски медиуми, пишани и електронски, човек не треба да е премногу мудар за да сфати дека работите се движат во насока во која говорев.

Кога велам дека целта не бира средства, зошто ова го спомнав? Од едноставна причина, за да утре овие работи не ни се повторуваат при некоја друга власт. Не е битно дали ќе биде ВМРО, вие ќе останете, тоа е најмалку битно. Битно е да се сочува ликот и дигнитетот на оваа држава, доколку има дигнитет. Прашање е и како се однесуваме према странците. Јас сум немал прилика да седнам да разговарам. Со нив во минатото да, секогаш ме гледале со омаловажување за жал. Лично мене повеќе пати ми се има случено и на комисии кога ни доаѓале и во 2001 година. Едноставно кажано, не не есапеа за ништо, македонски кажано. За жал, состојбата е таква. За да ја поправиме, треба да го свртиме листот, не само вие, сите ние заедно. И она што во нашиот ментален склоп го носиме како негативно кое носи негативни поени на Република Македонија, да го тргнеме на страна, да ги обединиме силите и да стигнеме до саканата цел. Парадигма пример за Охрид. За жал, се одеше толку очебијно, да не кажам толку глупаво, да не употребам и претежок збор и небулозно кон одредена работа по секоја цена да се стигне. Се правеа разни бугарски возови. Празно ливче најдено во џебот на претседателот на едно од гласачките места. Го бараа дали е паднато горе или долу или дали лебди негде во воздухот кога случајно го нашол во сопствениот џеб. Тоа ливче продуцира бугарски возови. Даваш празно, добиваш заокружено. Како пример, може и во минатото се случувало тоа. Не знам. Јас додека го водев Комитетот на ВМРО во Чаир, некогаш не се случувало, секогаш имавме коректни односи, макар и по цена да ги изгубиме.

Говорејќи претходно, ни се случуваше да отидат луѓе на гласачки места, а кои не гласале, да ги најдат заокружени сопствените имиња и презимиња. Во колкава бројка било не би можел да кажам, но дека се случувало тоа, тоа е повеќе од факт. Овие работи се диретно од терен добиени од кандидатот Трендафилов Нанче, човекот кој присуствувал на тие избори и бил кандидат. Заврши како што заврши. Тука нема лутење. Бевте поумешни, сте на позиција, ја завршивте работата. И онаа македонската: карванот си врви, кучињата лаат. Таа е веќе завршена работа. Замислете, се одеше до таму, да се јавуваат преку анонимки до општинската изборна комисија за некои поставени бомби токму на денот кога беа изборите во вториот круг, на 28-ми кога ОБСЕ закажал состанок со општинската изборна комисија. Во 15,30 часот јавуваат за бомбата, а во 16,00 часот требаше да се одржи состанокот. Говорам за немаше луцидност да се изведат некои работи. Значи, правено е што би рекол нашиот народ ептен апла. И кога се краде, треба да знае да се краде и да се има усул во крадењето. Говорам за гласачки ливчиња.

Општинската изборна комисија исто така во Охрид не заседава 17 часа. Се прашувам зошто 17 часа не се состануваат да продискутираат за проблемот кој настана во градот Охрид. Која беше причината е позната само на членовите и претседателот на општинската изборна комисија кога требаше само да се соберат кутиите, да се пребројат ливчињата и незванично да се каже ставот на општинската изборна комисија, а после 3 дена од завршување на изборите и да се потврди како таква, валидна или невалидна. Земање на ливче хартија, исто така еден метод виден. Можеби ова било практика и во некои други земји, но тука ние се усовршивме, т.е. вие господа се усовршивте. Претежно на луѓе ромска националност, говорам за Охрид, за возврат да гласаат за кандидатот на СДСМ, па не знам кој ви беше кандидат за Охрид, па ниту сум се обидел да прашам, знам дека имавте заеднички кандидат. Уцени, заплашувања по јавните претпријатија, по фирмите од раководителите. Нашиот народ е таков. За жал, плашлив. Ќе го собереш, ќе му кажеш доколку не гласа, ќе ти скратам толку од платата, или ќе ти најдам модус во венди да те отстранам од работа. Тоа се случуваше и по јавните претпријатија и по приватните фирми, како што е ЕМО, за жал. И заради ваквите работи добивавме, што би рекле Србите пацки по носот од сите можни амбасадори, од сите можни владини и невладини организации и она што значи европски ештаблисмент кој моментално работи и делува на територијата на Република Македонија. Па немаше дневен весник и електронски медиум за време на локалните избори каде што десетини владини и невладини организации не излегуваа со соопштение дека изборите се катастрофа. Излегува господинот Бучковски и кажува дека вториот круг ќе бидат демократски. Има одредена поправка во таа насока, но, повторно говориме дека ликот на Република Македонија е срушен

пред меѓународната јавност, а последиците најверојатно ќе ги гледаме отсега натаму, ако веќе не ги гледаме и не ги чувствуваме, кога говорев конкретно за името. Цехот најверојатно ќе го платиме ние. Од Македонци ќе не наречат скопјани, како што не нарекуваат за жал.

Врховниот суд не најде за сходно да расправа за лажниот аларм за поставена бомба и генерално да ги поништи изборите во Охрид. Зошто не се седна да се расправа, макар и да се фингира пред македонскиот народ ако треба, да се убеди политичкиот опонент дека нешто се работи. Барем тоа можеа да го направат како пример дека во Македонија, во наводници, "живее демокртијата". Ако не може да помогнат, барем да не одмагаат, нека фингираат демократија, господа.

Пред изборите за вториот круг говорам, значи за време на кампањата, на денот на самото гласање се изведуваат, замислете, градежни работи, се ангажираат луѓе за да не можат тие луѓе да гласаат, што мислам дека законски не е дозволено. Јас колку што знам, колку што мене ме служи памтењето, барем 2000-та година СДСМ исто така се повикуваше на ваквите работи и ние ги прифативме како такви. А, случајно, директор на едно од комуналните претпријатија е господинот Петревски, така ни се викаше кандидатот, па направи невиден ангажман на сопствените луѓе во корист на добивањето на изборите. Значи човекот бил премногу ангажиран за доброто на граѓаните на градот Охрид, дури и во неработен ден, на ден на гласање ја пушта механизацијата, ги ангажира луѓето во акцијата наречена "Поубав Охрид".

И што да се сумира од сета оваа ситуација? Немајќи излез, немајќи можност, немајќи каде да се жалат кандидатите, немајќи каде да се жалат политичките партии затоа што наидуваат на затворени врати, дали тоа е партиска директива не можам да кажам, но можам да претпоставам, кандидатот од Охрид Нанче ќе се жали во Стразбург, со полно право. Што значи тоа? Тоа значи дека работиме на сопствената штета, затоа што човекот и политичката партија која стои зад него едноставно немаат простор, нема време, нема каде, нема кај кого, да отиде да се пожали, да ги каже сопствените проблеми, да покрене правна процедура доколку постојат основи за тоа и како крајна инстанца се бара Стразбург. Што ќе се направи таму исто така не се знае, претпоставувам процесот ќе биде долг, но човекот е решен да ја истера работата до крај, затоа што едноставно не постои добра волја господа во редовите на СДСМ каксглавен носител и стожер на коалицијата. Зошто не постои добра волја, па ќе кажам тоа е елементарниот склоп на луѓето, по секоја цена да се стигне до одредена цел. Штетата ќе биде направена, говорам за Охридскиот случај, штетата веќе е направена, имиџот на Македонија кој некој ни го прикажуваше како идиличен да не кажам рајски, тектонски е пореметен, не зафати едно Цунами, кое ни ги измести темелите на Македонската држава во однос на македонската демократија.

Затоа, господа, би апелирал законот што нема да помине, нема да помине, ми е повеќе од јасно, имате мнозинство, тоа е демократија, мнозинството одлучува и тука нема лутење. Овој закон нема да помине, ние може да даваме или да не даваме поддршка исто ни се фаќа, не проаѓа, но во интерес на нашето гласачко тело, во интерес на моите гласачи, па и во интерес на јавноста, еве колку сме ние овде, 5-6 души, се потрудивме да отвориме некои непознати, а повеќе познати работи се во интерес на демократијата. Значи не злонамерно, добронамерно, без задни мисли, колегијално како политички опоненти, а не како политички непријатели. Значи мојата дискусија да се свати во една позитивна конотација и на следните избори 2006 година се надевам, ако даде господ да сме живи и здрави сите ние тука, дека ќе бидат толку демократски, колку што беа 2002 година, каде што ги добивте вие изборите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Кој е за реплика, нека се пријавува, а кога ќе почнат репликите повеќе не може да се пријават.

Прв за реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете, имате три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам, претседателе,

Покрај тоа што од лидерот на ВМРО - Народна слушнавме дека порано во време на ВМРО - ДПМНЕ се крадело, ама народ поарно живеел, сега слушнавме и од еден пратеник на ВМРО - Народна, дека поумешно краделе на избори и потврди дека и во минатото имало случаи кога се правеле некои работи на избори и мислам дека и должи на македонската јавност да каже што се правело порано на некои избори.

Инаку, се покажа точно дека не го знаел кандидатот на СДСМ кој е во Охрид, бидејќи ако го знаел ќе знаел дека тој ќе победи и тој водеше со 3-4 иљјади гласови разлика, бидејќи тој е кандидат авторитт кој живее во Охрид, за разлика од кандидатот на ВМРО-Народна, кој само за викенди престојува во Охрид. Граѓаните на Охрид знаат да изберат комшии и сожител, а не жовек што работи во Скопје и повремено е во Охрид.

И на крајот, мислам дека Охрид не е ни тема денес, бидејќи не е наведен ниту во предлог зазконот, ниту некој од меѓународните набљудувачи го напомнал во Извештајот што го имаме од ОДХР. А, од ОДХР или од електронските медиуми слушнавме неколку пати дека имало нерегуларности во општина Гази Баба и во интерес на гласачите, како што рече и господинот Флоровски, во интерес на неговите гласачи да каже како тоа како шеф на штабот од ВМРО- Народна на кандидатот Коце Трајановски од ВМРО ДПМНЕ успеал да издејствува победа, а на сметка на обвинувањето што доаѓаше од кандидатот на ВМРО-Народна Борче Стефановски и можеби затоа општина Гази Баба е спомената овде во општините за

нерегуларности во извештајот на ОДХР, а не е Охрид оној што е споменат во листата на проблематични региони.

Затоа, она што постојано го повторуваме ние ќе го повторам и сега. Владата опстои и секогаш опсстојува, и коалицијата на чело со СДСМ, за организирање на демокртски избори. Тоа го прави со паритетно членство во изборните комисии, тоа го прави и со покана на меѓународните посматрачи да дојдат на избори, а како кој се однесува на изборите зависи од сите политички чинители што учествуваат на изборите. Затоа, одговорноста сите ја понесувакме и не ние крива меѓународната заедница, да не зборуваме со омаловажување спрема неа, бидејќи тој пат знаеме каде не однесе во периодот кога беше Флоровски тогаш дел од друга партија, сега во друга, во една меѓународна изолација. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контрареплика за господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Многу се извештаи во манипулацијата со играта на зборови. Јас велам се краделе гласачки ливчиња - постои стенограм и говорев за тоа. Работите ако сакаш да ги свртиш, да поминеме на ти, врти ги, но со усул, повторно ќе кажам. Јас реков можеби се правеле такви работи врз основа на вашите напади 2000-та година, тоа беа ваши обвинувања буквално од оваа говорница дека сме го правеле тоа што вие денес го правите. Јас само ви го враќам памтењето што вие говоревте во тој период јас ништо друго не реков. За Охрид ќе се видиме во Стразбург, ќе ја видиме крајната одлука, која кажав ќе биде на штета на Република Македонија и една работа не треба да се заборави: пораките испратени од Запад кои се јасен показател, не заборавете.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам господине Флоровски. Изгледа треба да се видите со госпоѓа Гашоска, бидејќи и таа има три минути реплика.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине претседателе.

Во Охрид, господине Флоровски, се случија демократски избори и победи демократијата и кандидатот на СДСМ, кого не мора да го знае господинот Флоровски и цела Македонија, но добро го знаат Охриѓани бидејќи тој ќе биде градоначалник на Охрид. Ако сте толку сигурни дека во Охрид беше нарушена изборната процедура, зошто не го ставивте и Охрид во предлогот за донесување на закон за поништување на локалните избори. Најмногу се задржавте на она што се случуваше во Охрид, а најмалку проговоривте за случувањето во населените места наброени во предлогот на законот.

Во Охрид имаше и прегласување во вториот круг на неколку изборни места и пак се повтори и потврди демократијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Повелете господине Хусеинџеват Хусеини, имате три минути реплика.

**Хусеинџеват Хусеини:** Благодарам.

Според она што го слушнав господинот Флоровски зборуваше за еден неподнсен закон, не за поднесениот закон, за Закон за поништување на избори во источна и јужна Македонија. Ништо не зборуваше за поднесениот закон току за него.

(господинот пратеник продолжи да говори на албански јазик).

А сега, да се осврнам на законот во целина. Не сакам да бидам демагог, туку сакам да бидам во корист на вистината. Од каде опозицијата чекаше да победи на овие избори. Во двете последни години се правеа разни анкети за партиските рејтинзи од меѓународни и домашни асоцијации и во ниту една анкета, далеку од загрозеноста на рејтингот на ДУИ беа албанските партии. Од каде сега ова дека гласовите се украдени. Гласовите беа природни од страна на ДУИ. Аномалии имаше на сите избори во Македонија, но на последните избори имало помлку отколку на претходните избори и тоа многу помалку. Ова е една валкана игра, прстите ги мешаат многу компоненти, за да се сруши на некој начин имиџот кој го има ДУИ. Но пријатели и другари мои од опозицијата од албанската и неалбанската опозиција, како можете да ги прогласите сите тие гласачи за крадци и манипуланти. Како може една партија да живее со украдени, измамени гласови. Ова не може да биде вистина. Како ги прогласувате граѓаните кои гласале чесно, а ова е еден голем број на граѓани ги прогласувате како крадци. На овој начин тоа е автодеструкција од албанската опозиција, повеќе говори за албанската опозиција ова настојување, отколку за ДУИ, за нивните цели, за големите желби за власта, од што виделе голема полза. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Неждет Мустафа, а потоа нека се подготви ако има време господинот Ејуп Рустеми, до пауза.

**Неждет Мустафа:** Благодарам, почитуван претседателе.

Колеги пратеници, би сакал да го одземам вашето внимание. Ќе се обидам да бидам многу, многу конструктивен.

Мојата дилема токму денес е да се преговара за она што е вистина и за она како треба да биде во иднина. Дури, некои мои пријатели ме посоветуваа дека веќе е помината работава, така што да се зборува е нешто што е поминато. Но, сметам дека мојата огорченост би требало д биде огорченост на пратениците на Република Македонија. Се договоривме во Република Македонија да го градиме принципот на сожителство, да се повикуваме на основниот уставен принцип за мултиетничност во Република Македонија и за средини во кои навистина објективно сите сме ангажирани за принципот на сожителство.

Во Шуто Оризари настана нешто што веќе ви е познато. На страна што сите се прашуваме како е тоа возможно. Во принцип кршен е принципот на демократијата, гласот на ромите, злоупотребен е гласот на ромите и дојдени се до ситуација кога сите ние се гордеевме во Република Македонија дека имаме локална самоуправа со мнозинско ромско население, сите ние се гордеевме дека токму од страна на локалната самоуправа им се дава шанса на ромите да се потврди нивната доверба, да се потврди нивната желба за градење на нивниот живот, да се елиминираат одредени стереотипи кон ромите дека се спремни она што им се дава да го задржат. Денес повеќе не е така, во Шуто Оризари за жал се случува нешто што можеби сите сакаме да го прикриеме, но сметам дека е редно да говориме гласно бидејќи нашиот гласен став може да не доведе сасмо до ситуација кога сите заеднички можеме да ги решаваме проблемите што се од, наша заедничка грижа. Не би сакал сега во содржината на мојот говор да се сретнуваат некои, дека имам критики и дека не е во ред да се слушне мојот глас ако припаѓам во таборот на позицијата. Немам таква намера, намерата ми е да укажам дека таквите проблемим се проблеми од заедничкиот живот и дека сеуште има простор она што е така да се корегира.

За жал, во Шуто Оризари имаме 8 советници албанци, што не кореспондира со вистинитата бројка на гласачи во Шуто Оризари. Имавме голем број примери во текот на ова прегласување, кога имавме многу силна албанска интенција да се преземе локалната самоуправа во контрола на мајоритет на миноритетната заедница во Шуто Оризари. Сметам дека токму тука е грижата наша во Република Македонија која се докажува особено со Рамковниот договор дека има силна и многу силна енергија да ги исполнува определбите на Рамковниот договор, но во исто време и двата мајоритетни за нив и во Република Македонија да ги исполнуваат интересите на другите заедници во Република Македонија.

Моето чувство на несигурност и знаците кои се дадени за Шуто Оризари сметам дека треба да биде една општа наша грижа. Кога тоа би се случувало во Тетово или во Гостивар од можен само еден ром советник да има таму, по принцип на сила 7, 6, 5 советници мислам дека во Република Македонија ќе имавме еден многу сериозен театар. Навистина, мојот слух и моето чувство ме тера сега да говорам зошто тоа не се случува, еден таков огромен интерес не се инвестира во Шуто Оризари. Сите бевме свесни дека сакавме да им дадеме шанса на ромите со тоа мнозинско ромско население да го поттикнат другото ромско население во Република Македонија да го докажат и покажат својот идентитет, да бидат гласни демократски гласачи, да им се даде шанса да го користат својот глас и Шуто Оризазри беше симбол на Република Македонија во меѓународни рамки, особено на мојот огромен ангажман во меѓународните заедници каде го потенцирав големиот демократски дигнитет на Република Македонија како единствена држава во светот која им дава шанси на ромите да имаат ром градоначалник.

Советот да биде со мнозинско ромско население. Дали мислиме дека со ова го решивме проблемот. Дали ако помина Советот, ако поминаа изборите и ако сега контролата во локалната самоуправа ја имаат албанците, дали сметаме дека со тоа го решивме проблемот во Шуто Оризари. Мислам дека тек сега доаѓаат проблемите. Мислам манипулацијата и инструментализирањето на опозиционот кандидат, особено сега се отворија картите и се покажа еден момент кога треба, можеби сега не, но за еден или два месеци ќе покажат сигналите дека во Шуто Оризари ќе се сконцентрираме сите, таа грижа да ја елиминираме. Се обидов на неколку наврати и на неколку средби мои во процесот на прегласувањето да ги расчистам пробелмите во Шуто Оризари. За жал, не успеавме. За делото во Шуто Оризари, дури и за време на гласањето ми се приклучи и еден драг пратеник и дури со негова помош не успеавме да одржиме контрола на насилството за време на изборите во Шуто Оризари. Јас и мојата партија не сме спремни, за да постигнеме позитивен резултат да паднат жртви ромите и во тој случај тогаш сите да се запрашуваме што ни се случи.

Навистина сакам да ви го скренам вниманието дека ако дефакто мајоритетно население во Шуто Оризари се Ромите. Не гледам логика да може малцинското население да ја преземе власта. Доколку вие сметате дека тоа е демократијата да им се превземат правата на малцинствата на еден ваков начин, тогаш и тоа природно право можам да го признам дека Ромите се слаб народ, неконфликтен народ и тие секогаш ќе ја наведнат својата глава во интерес на мирот. Дури и јас не сум спремен, театарот што е направен во трката за градоначалник, за да се прикрие планот за преземање на Советот, сметам дека тоа веќе кај мене не игра, не пали.

Затоа, денеска сакам навистина мојата грижа да ви ја пренесам многу сериозно за можните настани во идниот период. Сега е период кога треба да се поделат градоначалнички позиции. Тоа значи преземање на контрола на малцинското население во Шуто Оризари. За мене тоа навистина нема да биде срам. Дури и ќе подлегнам на било кој притисок. Сметам дека ова Собрание треба многу посериозно, особено комисиите кои ја имаат надлежноста многу посериозно да го преземат проблемот за настаните во Шуто Оризари. Да не се става точка на Советот дека тоа е веќе завршен процес и дека веќе 4 години ќе биде така мирно во Шуто Оризари, кога веќе тоа е нешто што по природниот наталитет на самата општина, правото им припаѓа на Ромите. Не би сакал тука некој да добие впечаток дека Ромите не умееле да го дадат својот глас. Да се има некои стереотипи, дури не сакам да почувствувам дека ова е некој план како да им се земе локалната

самоуправа на Ромите оти тие не умеат да ја раководат. Веднаш да ви кажам дека во минатото на моите два мандати како градоначалник на таа општина многу постигнавме. Македонија беше, повторно велам, пример во целиот свет за Ромите. Особено, денес кога Република Македонија го даде својот потпис и својата согланост , кога македонската демократија се потврди и во Будимпешта и во Софија со присуството на нашиот премиер за Стратегијата и Декадата на Ромите, сметам дека ова треба да постане една голема демократска грижа на сите политички партии, ова што се случува во општина Шуто Оризари. Дури имам чувство дека во Шуто Оризари има такво силно насилство што не им се дозволува на двете ромски политички партии да направат коалиција, за да можат повторно да ја превземат контролата на локалната самоуправа. Одредени советници имаат силен притисок, тоа не смее никако да се случува. За жал, ова е нешто што ќе се обидам повторно со некои други мои пратенички средства да издејствувам да се најде некој лекспецијалист за Шуто Оризари. Навистина, сакам да се уверам дека овој мој говор и овој мој настан нема да биде точка за локалните избори во Шуто Оризари и дека не би смееле да дозволиме Советот да остане таков каков што е, затоа што сметам и имам интуиција дека доколку остане во тие рамки, можни се посериозни грижи. Мислам дека тука имаме простор, имаме можност она што е направено да се лечи. Сега, не би сакал во исто време кога толку внимателно ме следи и опозицијата на која што припаѓам јас и позицијата да се стави флека дури на македонската демократија. Ова е еден локален проблем и со сите македонски демократски средства во државата,со сите средства на Парламентот, има уште простор да се залечи оваа рана која е направена. Не би сакал да остане оваа сериозна рана отворена. Во Шуто Оризари настана нешто што дури и Меѓународната заедница била премногу загрижена. Ние успеавме да го инволвираме тој проблем за време на првиот круг, дека се има огромно насилство во Шуто Оризари. Јас дури и не би се согласил дека треба да иницира или да инсистира одредена меѓународна заедница или јас лично треба да издејствувам со мојот статус, вам ви е познато како генерален секретар на Ромскиот европски форум при Советот на Европа, да се направи некој лекспецијалист во однос на локалната самоуправа на Шуто Оризари.

Почитувани пријатели, колеги пратеници, дури и секој збор што се обидувам да ви го искажам како болка, како рана моја, имам цел за да не се пречувствува дека Неждет Мустафа создава некоја криза, дека Неждет Мустафа навредува некоја политичка партија. Искрено ви се обраќам дека немам таква намера. Дури во концептот на мојата глава немам простор да размислам од она што е општо задоволство на Ромите во оваа држава, во Република Македонија, од она што го имаат тука Ромите, го нема во ниту една држава во светот, направивме нешто што сите треба да се срамиме. Ова не е моја срам, дури некои мои колеги ме прашуваат, можно ли е ова да го дозволиш во Шуто Оризари. Како си смеел Советот да го оставиш во други раце? Зарем треба да направам таму конфликт? Или сега прегласувањето што било во Шуто Оризари, имавме прегласување на две изборни места каде што нема албанско население, ние во текот на денот имавме неверојатно насилство од страна на одредени албански групи, како да ги наречам и јас самиот не знам. Дури се доведовме во неколку тепачки таму, каде што повеќе дигнав раце, реков ова повеќе така не може, оставете се нека протече така. Навистина, ова многу другарски, дури и оние што го направија тоа дело и тоа може да се искорегира. Дури и оние кои беа протагонисти на целото насилство таму, има простор да се седне, да се повлече, да се донесе онаа хармонија што ја имаше во Шуто Оризари која што ја имам јас како градоначалник. Веднаш оставив впечаток дека нешто не е во ред веќе во таа Шуто Оризари. Се прашуваат сите Роми сега зошто албанците сакаат да ни ја земат општината. Што се случува? Навистина, сакам да кажам дека во Шуто Оризари има голем страв. Многу сериозен страв има. Тоа кај мене е голема грижа.

Почитувани пријатели, особено вие пријатели колеги пратеници албанци, навистина од сесрце ви велам дека немам апсолутно намера да ја навредам вашата политичка партија ДУИ, дури да ја омаловажувам пред Собранието на Република Македонија. Претпоставувам дека немате контрола во Шуто Оризари. Сакам да се уверам дека тоа ќе го преземате многу сериозно и ќе наоѓате вие лекспецијалис заедно како во Шуто Оризари овој проблем да се расчисти. Ви благодарм на вашето трпение.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов имате реплика? (Да)

Повелете имате три минути.

**Стојан Андов:** Слушајќи го господинот Мустафа добивам појасна претстава за тоа колку е потребен овој закон. Тешко, господине Мустафа, дека е можно да се направи закон само за во една општина, заради тоа што слични податоци од меѓународните набљудувачи се во сите овие општини. Инаку, последиците се токму такви како што вие ги опишавте, само едно сакам да ви кажам. Во нашите расправи, насилството да не го врзуваме за една етничка заедница. Јас и не знам дали биле тоа албанци,ама сигурно тие албанци што тоа го правеле кај вас, ако се албанци, немаат ништо заедничко со оние албанци чии гласови се преиначени, а тоа е масата албанци. Така како што вика од ИХР. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Шакири има реплика на господинот Мустафа од три минути.

**Џевдет Шакири:** Благодарам господине претседател!

Почитуваниот колега на најинтелектуален начин ме спомна мене во неговата дискусија, сакав само

да додадам дека е вистина тоа што на тој ден во Шуто Оризари е повредено правото на слобода на глас и сме биле присутни ние таму каде што се оштетени со стотици гласови. Полнети се кутиите во училиштето “Браќа Хамис” или незнам како се нарекува, меѓутоа, другиот проблем е дека и јас сум бил присутен на истиот ден и единствениот пратеник присутен на терен, посебно на самото место на настанот и во училиштето “Климент Охридски” во Буел, каде што се случи случајот активисти од македонската опозиција се обидоа да ги полнат кутиите. Во конфликтот со активистите од НДП, тие се спречени значи, активистите од македонската опозиција се спречени и во нивните редови имаше и многу спомнатиот во последните денови, господинот Тарчуловски беше присутен, кој учествуваше во конфликтите со активисти на НДП, каде што сме ги спречувале да ги полнат кутиите и два дена потоа тој се затвора. Сакам да нагласам дека проблем на полнење кутии немаше само кај албанската страна, туку имаше и други случаи. Го знаеме случајот во Охрид, иако не е спомнат во овој извештај, имаше во Прилеп пукања и воопшто ние еден месец пред изборите сме го повториле нашето барање до претседателот на Владата и до господинот Али Ахмети дека треба да ни обезбедат фер и демократски избори, меѓутоа, тоа не е нарпавено. Реалноста е сосема поинаква. Ние во нашата партија сме горди што на ниту едно место не сме полнеле кутии, иако во Скопје и во Куманово сме имале можност да ги полниме истите. Ниту една партија, ниту од опозицијата, ниту од позицијата не сме имале можности односно немале можности со своите активисти да не спречат во тоа, меѓутоа не се согласувам со моите колеги, посебно од албанската страна опозиција, позиција кои што создаваат конфликти и проблемот на решавање на конфликтите го фрлаат само на страната на албанците. Тоа е грешка на политичката незрелост на албанскиот блок овде. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Рустеми имате право на реплика од три минути.

**Ејуп Рустеми:** Сега ќе имам реплика, а пота ќе земам збор.

Ви благодарам господине претседателе.

Господине Неждет Мустафа, ве сослушав со внимание и во текот на вашиот говор вие бевте доста вознемирени, бидејки албанците ни ја земаат општината. А, јас со ова не можам да се согласам. Кога имаме избори, секоја политичка партија има право да конкурира со кандидати за градоначалници и по листата. Е, нормално е дека граѓаните имаат можност да избираат било која политичка партија. Но, не е правилото дека сите Роми ќе гласаат само за Ромите или Ромите можат да гласаат за некоја друга политичка партија. Албанците, на пример, ако не излезат на избори, на претседателските избори и да гласаат некој кандидат, тогаш Македонија не може да изберe ниту претседател на држава. Албанците излегуваат на избори и гласаат и се избира еден државен претседател. Ова е еден пример, но не слушнав од вашиот говор вие да кажете дека имало нерегуларности и дека колку што сум јас информиран во неколку гласачки места имало прегласување. Ние не сме виновни дека се избира еден кандидат таков каков што е избран. Не сакам никого да навредам, тоа е желбата на граѓаните и тие го избираат тој кого што го сакаат. Моја цел е да не внесуваме, да не влегуваме во тоа дека албанците се виновни и дека вие ја губите општината. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Навистина, од срце ви велам дека сакам да го почитувам тоа што во Република Македонија секоја заедница, дури тоа би било еден среќен момент, припадник на било која заедница да гласа за турски демократ, за српски, за политичка партија или за било која друга политичка партија. Тоа е во ред и тоа е за почитување.

Би требало во иднина граѓаните на Република Македонија да гласаат за кандидати на кои што се сигурни.

Почитуван пријателе Ејуп, ние во Шуто Оризари ви велам, немавме гласање. Тоа сега ви го велам и ви тврдам и мислам би било залудно кога можам како сведок пред македонската јавност да го земам дури и пратеникот Шакири. Ние се сретнавме таму со едно насилство. Таму немало гласање, таму имало полнење на кутии. Од тие причини јас сум навреден и имам грижа на мојата совест дека би било добро ...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Неждет Мустафа.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со расправата.

Повелете господине Рустеми имате збор, а потоа е пратеникот Игор Ивановски.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине претседателе,

Почитувани пратеници, секогаш кога излегуваме на оваа говорница, секогаш спомнуваме дека денеска говориме за еден многу значаен закон, но за жал денес треба да признаеме дека треба да говориме за еден апсурден закон. За да биде апсурдноста уште поголема предлагачите на овој закон за жал денес не најдоа за сходно да бидат присутни на оваа парламентарна седница. Но, само еден дел, само двајца пратеници кои се потписници од ПДП каде и едниот не е од нив, има само еден претставник од оваа партија, додека уште поголема апсурдност е што тие што го поддржуваат овој закон се од опозициските македонски партии кои се потписници на овој закон, а во поголем број на општини кои се предлагаат со овој закон за да се поништат изборите, а каде немале ниту кандидати за

градоначалници во овие општини, ниту листи за советници, ниту членови на гласачките комисии, ниту набљудувачи на гласачките места. Мене ме чуди фактот од каде доаѓаат овие информации и да бидат дел потписници на овој закон. Откако го добивме законот ни дојде уште еден амандман од овие господа кои го предлагаат овој закон. Сега размислуваат дека не треба да биде една општина, туку треба да има и две други општини во овој Предлог-закон каде во суштина ДУИ по првата рунда на изборите на 13 март имаа свои кандидати кои беа во предност со гласови или на нив им пречеше ова нешто и рекоа: еве, да го поднесеме и овој амандман, дека не треба да победи Демократската унија за интеграција. Ние бевме свесни дека ќе дојдеме до оваа состојба бидејќи апсурдот беше кога се оснива коалицијата меѓу двете политички албански партии кои со години беа главни опоненти и главни ривали во политичкиот живот во Република Македонија и тие одлучија да оснивaат една коалиција која сега многу брзо изгледа и потфрли. Потфрли од фактот дека многу аргументи говорат дека по повлекувањето на едната партија од втората рунда на изборите, другата партија изгледа не виде за сходно и продолжи, а што е многу нормално и ова го поздравувам, бидејќи на овој начин ова е придобивка за демократијата. Изгледа дека во овој закон главна пречка е албанскиот политички субјект Демократската унија за интеграција и секогаш се сака да се стави на клупата на обвинет, бидејќи самото албанско население сака да го гласа овој политички субјект. Демократската унија за интеграција ниту размислувала, ниту мисли во иднина да направи злоупотреба на слободниот граѓански глас во Република Македонија. Ова не го велиме ние, туку ова го велат и многу институции кои се занимаваа со анкетирањето на населението пред локалните избори каде ДУИ имаше пораз од тоа што беа на парламентарните избори. И поради оваа причина ДУИ ниту размислуваше, ниту размислува во иднина да го злоупотреби слободниот глас на граѓанинот. Поаѓаме од многу аргументи за ова, кои за жал предлагачите на овој закон не најдоа за сходно да бидат присутни на оваа седница бидејќи изгледа тие никогаш не сакаат да се најдат во една сала и секој да ги каже своите аргументи за и против. И самите граѓани на Република Македонија да дојдат до вистината. Бидејќи пред да влеземе во локалните избори потпишавме еден договор со албанската демократска партија за да имаме без кампања, без навреди фер и слободни избори. Исто така, кога се направи поделбата и на општинските комисии и на претседателите на општинските комисии, ние бевме политички субјект и ние им понудивме во кои општини тие сакаат да имаат претседател на општинските изборни комисии и тие ова го направија и ние тоа го прифативме. Но, тие почнаа една остра, сурова кампања, а сведоци се самите граѓани на Република Македонија, бидејќи тие се навикнати само да говорат и да обвинуваат некого, само кога се сами и никогаш досега не гледаат за оправдано да бидеме заедно било на телевизиски дебати, или што е примарно за секоја политичка партија од опозицијата за да се биде во овој Парламент и да ги кажеме сите наши аргументи овде во овој Парламент. Едно вакво нешто тие го направиле и претходно. Но, вината не е кај нас, вината треба да ја бараат кај самите себе си, бидејќи не сме ние виновници дека едно време тие прогласија мораториум, по едно време одлучуваат да не доаѓаат на парламентарните седници. Кога се зборуваше за Законот за територијална организација, не видоа за сходно да бидат во овој Парламент, но видоа за сходно да се шетаат по улиците на Скопје. И овие се аргументите. Уште почудно е тоа кога сами се предлагачи на еден закон и сами ја напуштаа седницата на Македонскиот Парламент. Кога говориме за локалните избори и за еден ваков закон кој го предлагаат, предлагачот сигурно или заборавил, или му е добро. Јас неможам да видам дека се споменува општина Сарај. Дали во општина Сарај изборите биле регуларни и немало никакви прекршувања и нерегуларности. А јас верувам дека им било добро, бидејќи победил еден градоначалник од нивната партија и тука се е во ред. За да ги спoредиме овие избори, за да донесеме една одлука и за да видиме каква била изборната постапка неопходно треба да направиме и една споредба од досегашните избори да направиме една споредба меѓу локалните избори кои се организираат сега и изборите пред 4 години кога за жал оваа коалиција за благосостојба позади себе оставија и мртви граѓани и ранети граѓани. Овие работи за среќа не се случија, со еден мал инцидент кој се случи од политичката партија од просперитетот кои имаа и еден инцидент кој сега се случи во Студеничани. Се согласуваме дека изборите не беа идеални, но изборите беа редовни, регуларни со мали пропусти. Но, никако како Демократска унија за интеграција никогаш не можеме да признаеме дека само во северозападна Македонија, само во 16 општини каде поголемиот дел се албанци, имало нерегуларности, а во другиот дел немало нерегуларности. Нерегуларности имаше на целата територија на Република Македонија. Ние сите сме сведоци дека и во Охрид имаше протести. Сите сме сведоци и признавме дека во Прилеп имаше нерегуларности каде што имаше истрели од пиштол, имаше нерегуларности во овие општини, но овие нерегуларности никаде не влијаеа во завршниот резултат. Јас би сакал да слушнам овде од некој пратеник кои како предлагачи, но и потписници на овој закон да ни кажат со факти каде сме имале нерегуларности, каде имало полнење на кутии на масовен начин така како што се споменува. Ние почитувани господа сме се потрудиле овие избори да бидат регуларни. Но, токму на предлагачите на овој закон им пречеше да имаме слободни и фер избори. Јас жалам што ќе го спомнам името, но тој е потписник на овој закон, а не е присутен овде. Јас сакам да му поставам прашање, зошто на Мендух Тачи му пречеше полицијата која што се наоѓаше во

дворот на училиштето “Мигени” во 17,00 часот и тој сакаше полицијата да ја оддалечи од тоа училиште. Зошто тој лично отиде да ја отстрани полицијата, бидејќи беше се во ред, или имаше кражби. Или зошто во Општинската комисија предложија членови кои имаат обвинителен акт од судот во Тетово поради нерегуларности и проблеми кои ги правеа во претседателските избори. Овие се мои големи дилеми.

Понатаму, друга голема дилема по завршувањето на 13 март околу 20,00 часот коалицијата за благосостојба во центарот на Тетово славеше дека  победи на изборите. Ова се факти, а граѓаните се свесни за ова и сите ја видоа оваа реалност. Во моментот кога разбраа дека математиките не се кои тие ги вршеа, дека во изборите ги победиле, веднаш носат една друга одлука и излегуваат на прес конференции и говорат разни работи, наводно дека ДУИ има направено масовни кражби со гласовите.

Почитувани господа, ние овде можеме да говориме колку што сакаме, можеме да кажуваме разни зборови, но свесни се самите граѓани за ова, значи тие кои гласаа еден по еден и гласаа за тие за кои што тие мислеа дека се најдобри. Затоа јас и ние како Демократска унија за интеграција се согласуваме дека во Законот за избори може да има недостатоци и се согласуваме да направиме измени во Законот за избори и овој закон да ги исполнува сите услови така како што треба за да имаме секогаш вистински и фер избори. Ние сме свесни дека овие избори биле набљудувани од меѓународните фактори. Но, не е виновна само Демократската унија за интеграција зошто не сме имале добри и регуларни избори. Сите сме виновници доколку имало мали пропусти. Затоа, ние сите заедно треба да интервенираме во законодавството за избори и да имаме еден вистински закон кој ќе ни овозможи регуларни и фер демокатски избори и да немаме злоупотреби во текот на изборите.

Исто така, не  треба, а да не се спомене и за општина Долнени каде ние бевме во еден натпревар за кандидати за општина Долнени. Се согласуваме и целосно ги поддржуваме уставните измени за едно реално судство, бидејќи тука се случи нешто, а судството не ја изразува вистината. За зачудување е фактот што во времето на истекот на рокот кога општинската изборна комисија треба да одлучи за нерегуларности, имало, или немало нерегуларности во оваа општина кога последнот рок беше во 14,00 часот ДИК со предлог на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ го менува членот на Општинската изборна комисија. И по ова општинската комисија, дека наводно не биле многу сигурни да одлучат во општина Долнени, се оддалечуваат и одат во општина Прилеп и таму по три дена забележуваат 5 гласа биле неважечки и токму гласовите на ДУИ. Едно вакво нешто Врховниот суд  го утврди и утврди дека тоа биле гласови од другиот кандидат. Заради оваа причина ние како Демократска унија за интеграција ги дадовме сите забелешки, но тоа е што е и ние бараме и веруваме дека со уставните измени кои треба да следат да имаме едно пореално судство кое ќе ја изнесе вистината. Затоа без да имам желба за да говорам уште повеќе, ние сите заедно доколку има можност да донесеме и да извршиме измени во Законот за избори и тој закон да функционира така како што треба за да имаме што подобри и успешни избори. Треба да се спомене и еден друг факт, исто така ние треба да нагласиме дека и во гласачките листови има доста проблеми. Има многу граѓани во тие гласачки листи кои се починати, или не се во таа единица во која што се гласа. Еден случај кој што ме зачуди, мојот колега кој беше кандидат за градоначалник на општина во Јегуновце, гледаме дека во таа општина има 11.000 жители, додека 10.500 гласачи. Ќе се согласите, ова е еден апсурд. Додека само во Основното училиште има околу 1.500 ученици без да ги сметаме тие од 5 до 7 години и да ги сметаме тие кои имаат до 18 годишна возраст. Тогаш колкав е бројот на гласачите во оваа општина? Значи, овие се апсурди кои треба да ги увидиме. И треба да донесеме заклучоци за нешто што не е во ред.  И во многу други гласачки места имаме вакви случаи, бидејќи имаме случаи на починати лица, на пример имаме во општина Сарај во едно село, тоа се 11 починати и победил кандидатот на ДПА. Незнам како гласале овие лица и незнам кој гласал за нив, незнам какви се овие регуларни избори? А, во суштина во овој закон не можам да видам дека општина Сарај е предложена за да се поништат изборите и во оваа општина. Не би сакал да должам, ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Џезаир Шаќири. Повелете, 3 минути.

**Џезаир Шаќири:** Само една кратка реплика. Господине почитуван колега доколку ги земате како неправилности тоа што се фаќаат вашите активисти со стотина гласови на маса од страна на двајца сведоци од овој Парламент кои што биле сведоци на тој акт, тогаш не мислам дека тоа е мала грешка. Во меѓувреме не е воопшто мала грешка тоа што во училиштето “Петар Здравковски-Пенко” каде во вториот круг немало кандидат албанец, туку имала кандидат само коалицијата За Македонија и од другата македонска страна. Влегуваат непознати вооружени лица и ги земаат листите и прават фалсификат. Вие сте на власт господине, доколку продолжувате со овие игри и со овие празни зборови да ги оправдувате грешките на вашето владеење, се разбира со СДСМ и со другата партија со која што сте на власт, идните парламентарни избори ќе имаме исклучително големи проблеми. Ова го велам затоа што еден месец пред изборите истите зборови му ги кажав и на господинот Али Ахмети и на господинот Бучковски дека ќе имаме проблеми и ќе излеземе смешни пред Меѓународниот комитет и фактор на овие избори. Така што во општина Студеничани е веќе два пати откако имаат гласања на две гласачки места и пред два дена имавме дури и повредување на лице и се виде дека законот не

се спроведува и дека власта воопшто не е сериозна да го заштити слободниот глас, туку сакаат повредување, тепање и крвопролевања на разни активисти. Подобро е почитуван господине да се концентрирате на тоа што ќе правите за идните избори. За жал, ние излеговме смешни пред Меѓународниот комитет,а знаеме дека на многу гласачки места населението не излегло да гласа.

Ние излеговме смешни пред Меѓународниот комитет, а знаеме дека на многу гласачки места населението не излегло да гласа, како кај Албанската како и кај Македонската страна, фрлени се на терен многу пари, од едната и од другата страна, од другите партии за купување на гласови, полнети се многу кутии. Сите го знаеме тоа, го знае тоа и јавноста, а исто така и Меѓународниот комитет би имал желба повеќе да се концентрирате на тоа што ќе правите за идните парламентарни избори, за да ги избегнете овие проблеми.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рустеми една минута.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседателе,

Господине Џезаир Шаќири, во мојот говор реков дека ние се ангажираме и за уставни измени, за еден што подобар и поефикасен закон. Претседател на Општинската комисија во секоја општина бил судија. И до колку од разните забелешки поднесени од политичките партии, Општинската комисија ги зема предвид, на некое место да има прегласувае или да нема прегласување. Поради оваа причина до колку имало нерегуларности, тогаш целосно се согласувам, на тоа гласачко место да се прегласа уште еднаш.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи господинот Игор Ивановски не е тука, следниот е пратеникот Блаже Стојаноски, а потоа нека се подготви Чедомир Краљевски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Навистина, кога зборуваме за овој закон треба да знаеме дека зборуваме за иднината на Република Македонија, затоа што она што се предлага со овој закон и она што го слушаме тука од дискутантите што се припадници на коалицијата која е носител на извршната власт во Република Македонија, доволно зборува за тоа во каква “демократска атмосфера” се одржани овие избори, затоа што кога имаме случај, на пример во општина Долнени, кандидат, од една страна, на коалициониот партнер во Владата ДУИ , од друга страна коалициониот партнер во Владата, СДСМ и Бошњачката партија, прават такви проблеми со кои е доведена до огромна напнатост на меѓусебните односи и на гласачите и на политичките партии и се создаде една атмосфера во која се надминаа нормалните цивилизирани начини на одржување на едни локални избори. Од друга страна имавме прилика да го слушнеме колегата Неждет Мустафа за се она што се случувало во општина Шуто Оризари. Значи и тоа е партија, партија на Ромите која е член на владеачката коалиција и таа партиципира во Владата и Владата има подршка и во однос на кадровскиот состав и во однос на политиката што ја води и во однос на сите оние проекти, закони кои доаѓаат во овој Парламент, а кога се работи за локални избори тогаш настапува на начин како што го видовме. Значи, основната причина за она што дискутираме денес, не е само поништувањето на гласањето во овие општини, туку напротив зборуваме за локалните избори и за одговорноста на власта во однос на организирањето на овие локални избори.

Како увод во мојата дискусија, сакам да ја цитирам набљудувачката мисија на ОБСЕ која својата оценка за локалните избори во Република Македонија ја изрази на следниот начин:

И покрај големите залożби на ОБСЕ и Советот на Европа, локалните избори од 13 март не ги исполнија основните принципи за реализација на демократски изборен процес. Значи, ниту основните принципи не се реализирани. За какви локални избори зборуваме? За каков легитимитет зборуваме на избраните претставници, ако се веќе избрани, затоа што не може да се смета за избор ако некој ги полни гласачките кутии во туѓо име, ако некој со сила тера други да заокружуваат со фломастери, на еден или на друг начим, за да бидат сигурни дека гласале вака или така, во корист на едни или во корист на други партии, ако се вклучени целокупните капацитети на јавните претпријатија, ако се случуваат испади од типот на кршење на државни коли и незнам што се какви други работи кои одат се во избор на наш кандидат, условно кажано. Значи, целта на овие локални избори не беше да се види на демократски начин каква е волјата на гласачите, да се изберат демократски избрани претставници на тие граѓани кои ќе водат сметка за реализација на локалните потреби, за остварување на интересите на локално ниво и за реализација на оние надлежности кои треба да се пренесат од централно на локално ниво, а од друга страна да се зголеми капацитетот на општината за реализација на оние надлежности што ги имаше до овие локални избори, значи до имплементацијата на законите кои се однесуваат на самата децентрализација. Значи, непочитувањето на основните принципи на демократскиот изборен процес кои што не се исполнети, јас ќе ве потсетам ако веќе треба тоа да значи нешто, тоа е дека во самиот Устав на Република Македонија се наведени кои се тие темелни вредности кои што треба да се почитуваат, а тоа е, ако веќе толку се бореа определени политички партии за дефинирање на уставни рамки кои што ќе значат почитување на човековите права и слободи, тоа е пред се овозможувањето на граѓаните на Република Македонија да имаат фер, демократски ,

слободни и непосредни избори. Значи, ако веќе ние имаме утврдена ситуација дека изборите во Република Македонија не биле слободни, туку биле под притисок, притисок од власта, притисок на различни начини. Ако постои факт со кој се дефинира дека немало непосредно гласање, туку гласањето било посредно со полнење на гласачки кутии односно групно гласање, еден за повеќемина и сега главната поента кој ќе биде посилен во таа ситуација да ги наполни гласачките кутии. Значи силата го заменува правото. Од друга страна за да бидат демократски избори, тоа значи демократска атмосфера, значи и можност на луѓето, на нормален начин да бидат кандидирани, да избираат и да бидат бирани. Меѓутоа, факт е дека овие избори не се одржаа на демократски начин и на овој начин се покажа една друга ситуација во која не беше битно кој ќе ја добие довербата на граѓаните, туку кој е посилен да ги наполни, или да ги преброи ливчињата во гласачките кутии. Факт е дека на некој од власта, на некој од оние кои беа задолжени, влакно на главата не му фали, за она што се случуваше на локалните избори.

Имавме ситуација во која, во одредени општини беа разрешени општинските изборни комисии. Државната изборна комисија заедно со Владата и со Врховниот суд, утврдила дека во тие општини не бил почитуван Законот за локални избори, биле прекршени правата на глас, на граѓаните и се разрешија општинските изборни комисии. Меѓутоа, моето прашање е, што со тоа?

На 13 март, со разрешувањето на тие општински изборни комисии се призна дека се одржале нелегитимни избори во тие општини, а тие нелегитимни избори, како резултати се признати. Се се завршува, крив е некој друг, што апсолутно не може да биде изговор, или начин за надминување на овие состојби. Значи, нелегитимноста на изборите во тие општини каде се разрешени општинските изборни комисии, е признато и од самата власт. Имавме изјави од високи државни функционери кои јавно кажуваат и признаваат дека имаше големи проблеми на овие избори, дека овие избори не беа демократски, не беа во согласност со стандардите кои важат, да не зборувам за Европската унија, кои важат за почитување на некакви основни критериуми за фер и демократски избори. Тоа беше констатирано од различни невладини меѓународни организации, а локалните избори си поминаа и рековме дека тоа завршило и сега одиме понатаму, па како што слушам сега веќе почнува да се зборува за парламентарните избори. Што потоа? Што кога ќе дојдат парламентарните избори? Значи кога партиите одат на парламентарни избори треба да водат сметка кој ќе биде посилен на тие избори, или да водат сметка како ќе се реализираат на еден демократски начин, избори во Република Македонија кои ќе бидат начин за реално презентирање на волјата на гласачите и добивање на доверба на оние кои треба да бидат носители на парламентарната власт односно носители на валста во Република Македонија.

Факт е дека се повредени многу човекови права. Повредено е правото на глас. Повредено е правото на избор, да биде избиран и да бира граѓанинот на Република Македонија. Имавме ситуација општинска изборна комисија да биде евакуирана, буквално евакуирана за да биде извлечена без последици за нејзините членови, со ангажман и активност на полицијата. Зборуваме за демократски избори кога се евакуираат општински изборни комисии и тоа во онаа општина, зборувам за општина Долнени каде од една страна беше ДУИ, од друга страна беше Партијата на Бошњаците, а и двете се партии кои учествуваат во Владата на Република Македонија. Да не зборувам за вишокот на ливчиња на едно место, мањакот на ливчиња на друго место, различниот број на заокружени лица кои несоодветствуваат на бројот на гласачите и на тој начин апсолутно не можеме да кажеме дека овие избори се демократски, легитимни и да бидат признаени како такви. Факт е дека владеачкото мнозинство не го интересира, нема политичка волја за да направи фер и демократски избори, туку единствена цел му е како да инсталира свои луѓе на позиции кои ќе значат влијание врз локалните работи, влијание врз локалните буџети и влијание врз општите состојби на секоја поодделна општина.

Јас само ќе ве потсетам на неколку факти:

Имавме ситуација во која имаше кодекс потпишан од 32 политички партии и двајца независни кандидати, кој беше потпишан под покровителство на Невладината организација “Мост”. Овој кодекс единствено што постигна е тоа да се стават потписите на него, меѓутоа ниту една реченица од него не беше почитувана во смисла на постоење на фер кампања, постоење на една ситуација во која нема да има притисоци и нема да има силеџиско однесување на едни кон други кандидати.

Сериозните нерегуларности на локалнинте избори се покажаа и со тоа што набљудувачката мисија на ОБСЕ утврди дека во 10% од набљудуваните гласачки места гласањето било лошо. Во 22% било многу лошо. Во 10% од посетените гласачки места, навистина тоа било отежнато, а во 4% имало напнатости на гласачките места, во 2% заплашувања, а во 20% слабо организирано гласање. Значи сите овие факти кои можат да бидат дополнети со тоа дека во 17% не е почитувана тајноста на гласањето, дека 16% од овие набљудувани гласачки места имало групни гласања, во 32 случаи се утврдени случаи на полнење на кутии, во 23% лошо спроведено гласање и ние зборуваме тука дека локалните избори завршија, се избраа кандидатите кои нас ни одговараа заради тоа што имамме моќ, имаме можност да го користиме државните потенцијали, имаме силеџиски настоени луѓе кои знаат на кој начин треба да се наполнат кутиите и на тој начин, не е битно каква е волјата на граѓаните, туку битно е кој ќе ги

наполни кутиите и кој е посилен да го направи тоа. Значи, на крајот да завршам, не сакам да должам повеќе.

Факт е дека во првиот изборен круг се случија сите овие работи. Факт е дека во овие општини кои се предмет на овој закон имаше број на гласови кои соодвествуваат на една изборна кампања која требаше во вториот круг, доколку беа надминати овие нерегуларности на локалните избори, да доведе до зибор на легитимни претставници во најголем дел од овие општини. Значи не се работи за тоа што во овие општини живеат мнозинство Албанци. Се работи за начинот на реализација на изборите на овие простори, исто како и за другите простори каде навистина имаше нерегуларности, меѓутоа тие не беа со обем како што беше утврдено од страна на набљудувачката мисија на ОБСЕ.

Како прило на ова сакам да додадам дека во првиот круг на 13 март, на овие исбори коалицијата ДПА, ПДП имаше околу 90 илјади гласови, ДУИ имаше 113 илјади гласови во првиот круг, што значи дека реализацијата на нормални демократски избори можеше да се случи во вториот круг, доколку се покажеше политичка волја од оние кои беа организатори на овие локални избори. Сега што ќе се случи:

Оние градоначалници кои беа поставени, а не избрани од граѓаните, оние советници кои дојдоа на тие позиции со полнење на избирачките кутии, нема сега да им долгуваат на граѓаните и да им враќаат на граѓаните со тоа што ќе работат во интерес на општината. Тие треба да им враќаат на оние кои ги полнеле кутиите, на оние кои на друг начин успеале, со притисок, уцени итн. да направат резултати од тие избори кои значат нивно поставување на тие места. Факт е дека на овој начин демократијата во Република Македонија губи, факт е дека на овој начин не се работи за тоа дали некоја општина земала, или земал некој друг затоа што општините не се земаат, туку факт е дека избраните претставници кои сега се поставени таму немаат добиен легитимитет од страна на граѓаните, туку тој легитимитет го црпат од одредени неформални групи кои на раззлични начини успеале да ги постават на тие места. Поради овие причини сметам дека овој закон е една шанса Република Македонија да може да покаже дека навистина сака да се приближи кон европските стандарди, дека навистина сака да ги почитува стандардите кои важат за реализација на едни фер и демократски избори и дека навистина ќе има шанса во наредните парламентарни избори да има една демократска атмосфера која ќе значи реална политичка битка, а не силеџиски однос, за добивање на гласови на несоодветен начин, што апсолутно не може да биде пример за една демократска земја.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојановски.

Очигледно вас зборот факт ви е омилен.

Еве јас ќе ви кажам еден факт. Јас ги собрав процентите кои вие ги кажавте околу нерегуларностите и испаднаа некаде 133%. Ќе ви позавиди некој поранешен пратеник, во тие проценти.

Повелете господине Блаже Стојановски, една минута нека биде реплика на мене.

**Влаже Стојановски:** Ако го сватив ова како реплика, не сакам да должам, меѓутоа да кажам дека овие податоци што ви ги кажав, се работи за посетените места од страна на набљудувачката мисија на ОБСЕ и тие проценти стојат и ако ги собирате добро тогаш ќе видите дека има места каде се случувало и полнење на гласачки кутии, каде се случувало и силеџиство, за исти места зборувам, каде се случувало и лошо спроведено гласање. Значи во тие проценти влегуваат гласачки места во кои имало присуство и на една и на друга и на трета неправилност во изборниот процес.

**Љупчо Јордановски:** Потполно ве разбирам што сакавте да кажете но со тоа што велите имало нерегуларности, покривате со тие 30% сите други проценти.

Повелете господине Џелили имате реплика три минути.

**Агим Џелили:** Почитуван колега Блаже, вие цело време говорите за владината коалиција. Вистина е дека со СДСМ сме во владина коалиција, меѓутоа на локалните избори сме излегле сами, што значи сме немале никаква коалиција со ниедна политичка партија, ниту со СДСМ. Токму поради тоа не треба да ве зачудува конкуренцијата во Долнени, туку тоа е друго прашање како вие ги разбирате овие избори. Меѓутоа јас мислам дека ова е маратон и ние не сме виновни што некој попушти со кондицијата уште од старт. На крајот на краиштата оваа победа на ДУИ е реалност, токму поради тоа за некого може да е болно, меѓутоа реалноста е реалност и треба како таква да се разбере затоа што тоа е слободен глас на народот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски, една минута.

**Блаже Стојаноски:** Јас се надевам дека колегите пратеници од ДУИ не забораваат дека се коалициони партнери во Владата на Република Македонија која ја носи најголемата одговорност за реализација на овие локални избори.

Независно дали некој настапил самостојно или во коалиција со некои други партии, факт е дека како партиципиент во извршната власт во Република Македонија се одговорни за овие неправилности кои се случија во реализацијата на локалните избори во Република Македонија заедно со коалиционите партнери од СДСМ и ЛДП. Она што се случуваше таму, тоа е доказ дека меѓу себе си ги применуваат правилата кои ги применуваат во битката на локалните избори спрема опозицијата онаму каде е таков случај.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Краљевски, а потоа има збор пратеникот Иван Анастасовски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги.

Причина за моето јавување по однос на овој закон за поништување на изборите во таксативно точно набројани места, поднесен од страна на пратеничката група на ДПА, а поддржан од пратеничката група на ВМРО-Народна партија е тоа што овие места или општини не се некој туѓ дел или туѓа територија што не и припаѓа на територијата на Република Македонија. Тие општини се составен дел на Република Македонија и како такви состојбите што се одвиваат во тие општини ја креираат општата слика на општествениот живот во Република Македонија како држава, а секако последиците од изборните неправилности во тие општини ги тангираат сите граѓани на Република Македонија и емитираат грда слика кон Меѓународната заедница за Република Македонија како држава.

Уште еднаш ќе ја нагласам оценката на странските овластени набљудувачи како и на Советот на министри при Европската унија, а се знае дека токму таа институција Советот на министрите на Европската унија ја детерминира нашата подвижна цел, нашето интегрирање во Европа, дека овие избори беа лошо организирани од страна на власта и беа децидно набројани бројни кршења на изборните правила односно беа констатирани бројни  изборни фалсификати.

Како модел на лошо организирани или кршење на изборите или на самиот изборен процес, би навел едно гласачко место во околината на Куманово, поточно селото Черкезе, меѓутоа, на овој модел можам слободно да ги надоврзам и селото Лопате и селото Романовце, тоа се места каде во доминантен дел или претежно живеат припадници или граѓани на албанската етничка заедница.

Започнува гласањето некаде до 16,00 часот се одвива нешто како гласање иако претходно се инструирани одреден дел од граѓаните да ги спречуваат оние граѓани што сакаат да гласаат дека нема потреба од излегување на гласање, бидејќи тоа некој ќе го стори во нивно име.

Околу 17,00 часот се затвараат вратите на гласачкото место, оние посматрачи или набљудувачи на изборниот процес што собрале храброст да присуствуваат на вакви гласачки места се бркаат најбрутално од гласачкото место и започнува процесот на полнење на кутиите. Започнува процесот на комплетна деградација на правото на поединечно гласање на секој граѓанин во Република Македонија, вклучително и граѓаните од овие места.

За жал, со вака искомпонирано насилство и изборен фалсификат, Општинската изборна комисија немаше слух да го увиди овој изборен фалсификат и наместо да ги поништи изборите тука во тие места што ги набројав, поништува избори како некаква компензација дека еве нешто се работи, се работи на поништување на избори на сосема други места каде изборите, за волја на вистината, поминаа во најдобар ред.

На ова се надоврзува и инертноста на Врховниот суд кој исто така не го согледа и не го уважи фактот дека бројот на излезените гласачи во селот Черкезе, да кажеме, воопшто не е во склад со бројот на запишаните гласачи кои излегле на тој ден во избирачкиот список. Значи, таа дискраанца воопшто не им пречеше на судиите да донесат одлука со која не се уважија жалбите поднесени од страна на партиите кои беа онеправдани во овие избирачки места.

Почитувани колеги, карактеристичен е фактот што скоро 95% од констатираните неправилности и фалсификати и груби нарушувања на изборниот процес се во местата и средините населени исклучиво или претежно со граѓани од албанската етничка заедница. Како да стана традиција во Република Македонија и како да стана нормална појава во овие средини да има изборни фалсификати.

Правдањето дека во овие средини, во овие места се, така да кажам, практицира традиционализмот или некои обичаени правила не држи, бидејќи сите сме свесни дека живееме во држава чиј приоритет е почитување на правото или почитување на правната држава и подигање на највисок пиедестал не може да се заменува законот да се супституира со некакви обичајни или традиционални однесувања и правила.

Како што спомна во својата реплика колегата Оровчанец на крајот на краиштата и крвната одмазда е можеби во некои заостанати средини традиција и обичај, меѓутоа, законот е над тоа и таквите негативни појави треба под итно да се елиминираат.

Значи, мора на оваа појава да се застане еднаш засекогаш на пат и максимално да се почитува правото на граѓанинот, неговата политичка волја да отиде од него самиот саканата насока. Ако изборните органи како општинските изборни комисии, жалбените органи односно Врховниот суд не можат да го овозможат тоа, тогаш можеби еден од начините е и овој предложен закон, барем до периодот на донесување на ново изборно законодавство кое засекогаш ќе ги елиминира овие негативни и недемократски појави.  Тоа е добро за демократијата, тоа е добро за постигнување на нашите цели и на крајот на краиштата тоа е добро за исполнување на тоа природно граѓнско право што му припаѓа на секој граѓанин неговиот глас да отиде во саканата насока од него.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Краљевски.

Повелете господине Анастасовски, а потоа е пратеникот Хисни Шаќири.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседател, драги колеги, сега тука не можам да го речам истото и за предлагачите на законот односно пратеничката група на  ДПА како носител односно

иницијатор на овој Предлог закон, бидејќи самите не се присутни во оваа сала. Таа чест му ја оставија на мојот драг пријател господинот Исмет Рамадани денеска да има такво задоволство да го брани овој закон овде пред нас пратениците во Собранието и да докаже дека навистина таму некаде во Западна Македонија во најголем дел имало фалсификат, како што слушнавме, насилство, полнење, празнење и не знам какви се други термини на изборниот процес.

Јас ќе се обидам во едно реално кратко време да објаснам онака како јас го гледам овој закон, ова законско решение и да дадам некои мои коментари и видувања на сето тоа. Би тргнал со некој ред.

Навистина ми е жал што не е тука пратеничката група која прокламира демократски вредности и принципи кажува дека со закон сака да прикаже дека имало нерегуларности во изборниот процес, а еве демократски не е тука во оваа институција да ги брани тие ставови, правила и принципи.

Понатаму се откажа од учество во вториот изборен круг, бидејќи не можеле да се справат со нивниот политички конкурент. Значи, тие во принцип на најголемите демократски достигнувања и оваа институција изборите не учествуваа, не учествуваа во работата на сето тоа, од друга страна се залагаат за демократски принципи и правила.

Кај мене има едно мислење дека секогаш во Собранието кога треба да се разговара за закон кој беше изгласан пред оваа точка на дневен ред тоа е Законот за здравјето на растенијата, кој според мене е перспектива за Република Македонија значи, не му се дава таква димензија, тоа поминува бргу, а кога имаме закони каде треба да се даваат некои политички квалификации и димензии, тогаш сите ние имаме што да кажеме и учествуваме во такви расправи. Јас мислам дека тука е нашиот најголем проблем и тоа нас реално не ни го отвара патот кон Европската унија. Зошто ова го говорам?

Пред малку слушнав од некои дискутанти на ова законско решение му дадоа европска перспектива, што јас лично не сум убеден во тоа и од друга страна би сакал да ги разберам мотивите на пратениците од опозицијата од ВМРО и од ЛП кои еве во подоцнежна фаза му дадоа поддршка на овој закон, што е сосема легитимно. Мотивите самите си ги знаат, дали навистина тие знаат дека таму во тој дел на Република Македонија имало насилство, празнење и полнење на кутии, значи тие си знаат и мотивите за нив се познати, дел од ова имаа прилика да го презентираат од собраниската говорница и ако тргнеме од еден друг аспект, од еден друг агол, ако почнеме сите политички субјекти во некој дел од Република Македонија каде ги губеле изборите да си поднесуваат вакви закони, сега ВМРО да бара да се поништи гласање во Источниот дел на Република Македонија каде ги изгубиле изборите, па еве ние како владеачка партија ги изгубивме изборите во Скопје да бараме таму да се поништат, не знам каде сето тоа ќе не одведе барем јас така го разбирам и дали тоа не носи напред?

Секогаш кога разговараме за вакви теми реториката е таква да се враќаме на минатото, значи да разговараме за минатото како било, што било, зошто било и тоа можеби е коректно да се направи некаква паралела со тоа што било. Еве најсвежо како пример последните локални избори, меѓутоа, лично сметам дека тоа нас како држава не не носи напред. Стално да гледаме како било 2005 на локални избори, 2002 на парламентарни избори, 1996 и редица изборни циклуси наназад, мислам дека не е упатно, според мене, и не е добро, барем јас така го гледам, реално треба да гледаме напред и реално треба да гледаме кон иднината. Не треба да се крие и тоа дека меѓународните организации во своите извештаи тоа јавно го презентираат некаде детектираат одредени нерегуларности во изборниот процес. И тоа не треба да се крие, треба да се каже. Меѓутоа ние реално треба да работиме на тоа во наредните изборни циклуси да го санираме, а јас мислам дека, добро еве, во одреден период да се направат и некои разлики со некои изборни циклуси наназад тоа не значи 13 март 2005 се полнеле кутиите, а претходно сме имале европски и демократски изборни циклуси.

Значи тоа е ваше мислење. Во ред. 2002 да, претходно тие не ги споменуваме. Еве јас се согласувам со тоа претходните изборни циклуси не ги споменувм, немало, значи немало полнење на кутии, туку имало носење на кутии. Значи некој си ги носел со себе кутиите до таму и како такви ги презентирал. Меѓутоа лично зборувам дека не е добро да се навраќаме на тоа и да гледаме напред. Значи ќе се сложиме сите дека тука треба да се интервенира во изборното законодавство и во наредните изборни циклуси навистина да имаме европски, демократски избори со што ќе покажеме пред Европа дека навистина сме зрели, спремни и можеме да се носиме со сите тие земји членки на Европската унија кои имаат свои стандарди, правила и принципи во Европската унија.

Од друга страна имам еден таков впечаток дека секој од нас пратениците овде денеска поединечно кој излегува на говорница и говори по однос на ова законско решение, еве мојот пријател господинот Чедомир Краљевски, Ејуп Рустеми и редица други ако тргнеме со таа реторика како било во Чешиново поединечно, па како се гласало во Јегуновце, па не знам Черкезе што го кажа господинот Краљевски и сега јас да кажам како било во Куманово, па не знам господинот Хисни Шаќири во Липково. Значи, секој од нас овде ако си презентира како е неговото видување во изборниот циклус од неговата општина ние Собранието ќе го претвориме овде во изборни штабови што не знам дали е добро, не знам дали е перспективно за нас, меѓутоа јас тоа така го доживувам.

Од друга страна е побарано од дел од дискутантите да ова биде некое тело коректор кое

би можело да ги детектира да ги осознае сите овие проблеми. Меѓутоа јас мислам дека не е добро еве и Собранието да се најде како некој вид арбитар во изборните нерегуларности и ние сега еве и јас лично не сум ни меродавен да судам за тоа дали некаде имало такви изборни нерегуларности или биле сериозни од сериозен карактер, биле понесериозни. Навистина не би сакал да си земам едно такво право и јас да судам за сето тоа. Постојат институции кои тоа треба да го направат и сигурно го прават. Значи не би ја дал таа димензија Собранието да арбитрира во сето тоа. Лично, значи лично како пратеник навистина би сакал да дадам допринос и да се залагам за тоа а еве за краток временски период значи ќе имаме нови парламентарни избори. Сите овие негативности кои дел беа јавно презентирани, значи не треба од тоа да бегаме, не треба за тоа да се скриваме, да се отстранат. И во секој нареден изборен циклус ние покажеме дека можеме тоа да го направиме, дека знаеме, дека умееме тоа да го направиме и дека сме навистина поблиску до Европа. Всушност и на сите нас и како пратеници овде и сите кои учествуваат во политичкиот живот и тоа го работат единствена цел ни е нашето приклучување во НАТО и во Европската унија. И еве и мој апел до Владата која јас ќе ја поддржувам ако ова навистина е така нека се испита, нека се докаже и нека виновниците едноставно се изведат  и се покаже кој всушност во Република Македонија и каде прави вакви изборни нерегуларности. Значи во тој случај господине Стојановски нели според вас тогаш ќе им дадеме легитимитет на избраните советници, на избраните градоначалници бидејќи вие тврдите дека дел од тие каде се полнело сега се нелегитимни, значи треба да одговараат спрема некоја групација која полни и празни, значи не треба да одговараат спрема граѓаните, што јас лично не се согласувам со тоа, сепак треба да одговараат спрема граѓаните кои нив ги избрале, меѓутоа, еве правам еден вид заложба тоа во иднина да не се случува.

Навистина ми е жал што предлагачите, пратеничката група не е тука за да сето тоа го објасни. Дали принципот на работа им е таков и дел од комисиите каде учествувам со некои од претставниците од  ДПА имаат таков начин да ја подгреат атмосферата или  состојбата и да се повлечат после сето тоа, како онаа народната “Пу пу не важи”. Дали и ова им е еден таков сигнал или некој таков мотив?

Од друга страна јас лично не можам да дадам виза или глас за едно вакво законско решение што некој сака да го петстави дека е наша европска перспектива, дека има европски димензии, напротив, ова е едно законско решение што можеби не требаше да му се даде толку на значење. Меѓутоа тоа е. Пред нас е. Го разгледуваме, дебатираме, разговараме за него. Јас не можам да гласам за едно вакво решение, а од друга страна ми е жал што мнозинството предлагачи не се тука, па тоа целосно е оставено на господинот Исмет Рамадани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Анастасовски.

А, мене ќе ми го дозволите тоа задоволство од 5 секунди, оваа тишина што беше последниве пет минути додека вие зборувавте, да поуживаме малку. Прв пат после долго време еден пратеник да зборува а да не се слушне ниту шум од пратениците.

Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете три минути реплика.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам петседателе,

Јас само ќе го надополнам колегата Иван Анастасовски, да го надополнам и да објаснам во кој дел.

На крајот од негово излагање рече дека жали што мнозинството од подносителите на законот ДПА не се тука за да може да им каже во лице тоа што го мисли за законот. Рече дека можеби не требало да биде поднесен. Меѓутоа, еве, тука е и треба да се разгледува.

Меѓутоа, вистина е, ајде да не кажам факт, како што милува господинот Блаже Стојановски, па вие го опоменувате за факт, еве да кажам вистина е дека извештаите на претставниците на Меѓународната заедница, дури и на највисоките лица беше дека Република Македонија не го положи тестот на демократијата во овие избори. Посебно во првиот круг, а вториот круг, кога веќе беа така избалансирани ставовите, прегласувањето не го спомнувам.

Меѓутоа, можеби мотив за она за што и колегата Анастасовски зборуваше, промената на изборната регулатива, тоа е токму ова, овој закон за поништување на изборите и она што го рече колегата, видувањето на сите пратеници овде што сме во Парламентот, за тоа како се движел изборниот процес во Чешиново и останатите места во Република Македонија. Тоа видување можеби ќе биде дополнителен мотив да се смени изборната регулатива и конечно да профункционира онаа позната девиза на пожитуваниот Претседател Црвенковски “треба да знаеш, треба да можеш” па ние во пракса тоа конечно да го примениме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Немате желба за контрареплика? Немате. Добро.

Јас сеуште не ја разбирам разликата меѓу вистина и факт, но добро, ќе ми објасни госпоѓа Којзеклиска подоцна.

Повелете господине Шаќири, имате збор, а потоа е господинот Абдуладив Вејсели.

**Хисни Шаќири:** Почитуван пртетседател, почитувани патеници,

Вистина е дека се отвори тема што навистина била актуелна во текот на еден долг период, како во пишуваните медиуми, така и во електронските

медиуми. Меѓутоа, беше актуелна тема и во определените центри на одржување, било таму каде што дошле изјави и иставови околу изборниот процес од Брисел, но и другите центри што биле заинтересирани за целиот изборен процес.

Гледам дека тука има пратеници, кои некако се обидуваат да ја ра светлат, колку што може, оваа ситуација и има потреба ова да се прави. Ако не го правиме ова денеска, ќе го правиме утре или задутре. Треба да се соочиме со реалноста, треба да прифатиме дека, сакале или не, да ја прифатиме реалноста дека имало неправилности и нерегуларности. Тоа прашање е сосема наше, приватно прашање и можеме да дебатираме со часови, можеме да нудиме аргументи, против аргументи, но реалноста е некаде на друго место. Изјавите на сите оние кои го монитирале процесниот избор се дека имало неправилности. Тоа треба да го прифатиме како реалност.

Меѓутоа, несреќата е уште поголема што сега имаме поделба на две. Значи западниот дел, северозападниот дел имал сосема, тотални неправилности, ова сме го прифатиле ние самите, сме го признале и сме го прогласиле како население кое што не знае да гласа, како население што не ги познава демократските процеси.

Не. Ве молам, доколку треба да ја бараме вината, треба да ја бараме кај самите себе си. Кој раководел со изборниот процес? Тоа е прашање што треба да го одговориме сите ние. Дали раководеле политичките партии? Дали биле на чело на изборниот процес активистите на политичките партии? Да. Кој ги правел овие манипулации? Кој ги правел овие злоупотребувања? Активистите на политичките партии. Затоа оваа одговорност ние треба да си ја сносиме. Зошто од политичките партии се бараат луѓе, насилници за да се стават во советите на изборните места, значи треба да се најде одговор зошто се бараат насилници, не интелектуалци, не лица, кои го знаат, го почитуваат Законот и го познаваат изборниот процес и се во состојба да го почитуваат секој граѓанин за да има можност и право да го даде својот глас.

Ова се работи, факти што треба да ги разјасниме денеска, бидејќи предлагачите не се тука. Тоа е нивно право да ја напуштат оваа работа, меѓутоа тоа е нивно право. Не е во ред тие да предложат закон и да не се присутни, и тие да не понудат факти. Доколку ги иаат фактите. Тоа се прашања што бараат анализа. Прашања што трегба да се дискутираат без некое оптоварување, без тенденција.

Доколку проблемите ги гледаме само од тесен интерес, од теснопартиски интерес, многу е тешко да се ослободиме од оваа хипотека што не следи неколку изборни кругови. Било да се парламентарни или локални изборни кругови.

Велам дека ова не е оправдување да се земаат примери, да се дискутира за примери, овде се сллучило ова, онде се случило она. Ние треба да му пристапиме на проблемот за да ја надминеме оваа ситуација, друг пат да не ни се повтори истото.

Каде е првата грешка? Првата грешка е во тоа што гласот се краде на денот на гласањето, прекку активистите. Гласот се проституира. Кога го велам тоа, мислам дека се купува со пари. Ова го прават политичките партии. Го прават активистите на денот на гласањето. Лица, кои имаат потреба, лица со социјални проблеми, лица кои се соочуваат со основниот, гладниот залак имаат потреба да се соочат со такви работи. Да преку мобилен му се нудат 500 денари и прави манипулација со гласот. Ова е евидентно. Тоа е еден факт што треба да се дискутира и во иднина оваа појава треба да се елиминира, доколку сакаме да бидеме искрени пред самите себеси и пред нашето население.

Одразот, сликата што сме ја дале на 13 март, исто и на 27 март кога се одржа вториот круг, пред меѓународнот фактор, тоа е слика, одраз што е многу темен, па затоа размислете колку време ни треба да работиме, за да докажеме дека сме народ што навистина ги следи демократските процеси, што навистина ги почитува нормите и законите, непосредно поврзани со овој процес.

Ова е голема вина. Ова е голема дамка. Ова е тешка голема црна дамка за нас. Кој треба да ја сноси оваа одговорност? Дали сиромашниот народ, нему да му ја префрлиме? Ние сме дојдени тука, како пратеници. Даваме изјави, разни коментари и еден брани едно, друг брани друго. Јас крадев вчера, затоа што крадев не ме обвинувајте за кражбата. Без разлика дали е вчера или денес сепак е кражба и како таква треба се гледа. Не треба да се трга од едно начело или од максимата дека вчера си крадел ти, а денеска јас. Ве молам, жалам, навистина жалам, бидејќи  некој може да ме разбере погрешно, бидејќи имам да кажам нешто повеќе од другите. Не. Секој може да каже се.

Меѓутоа, слушнав една изјава на пратеник од Албанија кога им се обраќа на пратениците, многу силно им се обраќа, им вели - немој да станете пратеници на гнезда, немојте да станувате пратеници кои на страмен начин браните една работа за што навистина имате силни докази дека имало скандалозни кражби.

Како јас сега да излелзам и да кажам дека тоа не се случило? Дали ме разбирате? Меѓутоа и тоа е скандалозно што некој излегува со документ. Овој закон сакале или не е документ за тоа што тешки повреди се направени во северозападна Македонија. Некој кажа и во другите делови на Македонија. Меѓутоа, за тесни каприци, сега, јас сум за тоа да најдеме форма и треба да инсистираме сите заедно на тоа, а не само поединци. Меѓутоа, не и ова анблок да се земе дека сите прашања биле прашања што требале да се гледаат само црно. И дека само тука се направени повреди и прекршувања, а на ругите места било во ред.

Јас би им се обратил и на ДУИ и на ДПА кои потпишаа еден Договор, Договор што јавноста го знае. Договор што го знаат сите албанци, меѓутоа и сите граѓани на Република Македонија. За што се работи во тој Договор? Зошто се потпиша тој Договор? За да се потсмеваме или можеби да ни се направи во смисла, ние говориме вака, меѓутоа, населението нека биде за нашите тесни партиски интереси, нека биде за нашите политички интереси. Можеби денеска си ти, но утре треба да бидам јас, или друг, еден со друг да се толерираме и целиот товар да го фрлиме на населението. Цела вина нека биде кај нив. Да го поцрниме тој народ кој си има и свои проблеми. Тоа не е чесно.

Ова што се прави навистина е срамно и навистина не треба да се гледа во оваа насока, туку треба да се покаеме. Сите кои учествувале во овие процеси и го раководеле овој процес, без разлика, не сакам да заземам позиција на една или на друга страна, реалноста е оваа. Со овој закон денеска признаваме дека имало кражба. Ова го предочил и меѓународниот фактор.

Како можеме тоа да го надминеме? Пред неколку дена во Брисел беше и премиерот и призна дека треба да се измени законската регулатива. Ова треба да го направиме, по секоја цена да поставиме законски норми што во иднина нема да толериаат да ги постават луѓето во гласачките совети, луѓето кои ќе вршат кражба на гласовите, луѓе кои ќе се обидуваат да купат гласови. Од каде се тие пари? Од каде парите што се делат без број еден ден пред гласањето? Од каде се тие пари? Кој ги оправдува тие пари. Имаме Антикорупциска комисија, имаме орган кој се занимава со овие прашања од каде се примаат овие пари, од каде. Некој треба да одговара за ова. Каде е органот? Дали се одмара? Дали спие? Доколку се занимава со овие прашања на сериозен начин, доколку сакаме да имаме правилен и правичен пристап, ве молам, не е само што е знае граѓанинот, обичниот граѓанин, не само што знаат и тие кои се директно вклучени во изборниот процес, секој знае дека тој ден се делени пари. Од каде се земени тие пари? Каде е изворот на тие пари? Овие прашања треба да се расчистат.

Се додека го условуваме денот на гласањето, на денот на гласањето граѓанинот го условуваме - доколку ти гласаше за мене, јас ќе ти најдам работно место. Вакви работи се случувале, Се случувале токму во зонат од каде што доаѓам јас. Изморени луѓе, на кои им е велено - чекај во име на војната сега се повикуваш дека јас сум ДУИ, јас сум имал крвопролевање, ти сега со еден единствен глас ме условуваш за срамни работи. Тоа се сллучувало со граѓаните од мојата област. Тие работи ги знам. Ги знам лично, а имам и директни информации. Имам разговарано со тие лица. Се консултирале што да прават. Доколку е работното место во прашање, повели, гласај, затоа што си зависен. Затоа се случуваат овие девијации и недостатоци и затоа се прекршува законот. Затоа доаѓаат проценки од сите страни дека изборниот процес имал неправилности.

Додека овие појави не се елиминираат од нас самите, од нашите активисти, додека се обидуваме по секоја цена, користејќи средства, и недозволени средства што се забранети со закон само да ја реализираме нашата намера, нашата цел, само за да ги добиеме гласовите од една категорија на лица, луѓе, кои се изморени, нема да имаме правилни и регуларни избори, нема да имаме демократски избори.

Меѓутоа, сосема на крај, ќе завршам, треба да се свртиме самите кон себе. За сето ова вината ја сносат политичките партии кои биле директно вклучени во изборниот процес, кои раководеле со изборниот процес, нивните активисти кои ги правеле сите злоупотреби, кои се знаат во јавноста и овие појави треба да се гледаат, анализираат без никакво оптоварување. На идните избори да имаме сосема поинакви избори и колку е можно повеќе во овие услови, во овие околности некој кој не гледа излез и се обидува и понатаму некој друг да ја држи ситуацијата под контрола мислам дека токму од овој состав и од оваа дискусија треба да се изнесе еден конкретен заклучок затоа што понатаму.

Нема што понатаму, нема што да се обвинуваме едни со други, овој имал, а оној немал вина. Затоа тука нема место.

Ќе завршам, тој што крадел вчера ако дојде работата таква, ќе краде и денес. Тој е арамија и ништо друго. Арамијата треба да го гледаме од овој агол. Не јас сум крадел вчера, ти нема да крадеш денес. Кражбата е појава, кражбата е нешто многу прифатливо и присутно и оправдано од страна на определени партиски структури. Сето ова нека ни послужи во иднина за едно корегирање, едно адекватно корегирање, професионално корегирање, имајќи ги предвид фактите, законската регулатива, тоа значи да се создадат услови да се надминат овие минипулации што се прават од страна на определени партиски структури. Никако не треба да се дозволи кражба на гласот и проституирање на гласот преку парите. Ова прашање треба да се регулира со закон и казните треба да бидат толку остри што утре, задутре, било да е и пратеник или човек на партијата, партијата што си дозволува себе си да се инволвира во овие процеси, се занимава со овие појави, на крајот на краиштата ќе има регулатива што ќе казнува на некој начин и врз основа на законската регулатива, меѓутоа, еве сега имаме измени во Уставот. Да може и преку Уставот да му се одземе правото да врши политичка дејност.

Ова се прашања што треба да се регулираат, а не јас сум крадел, ти си крадел. Кражбата, каде и да се случи е кражба.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шаќири.

Господине Острени барате реплика или збор? Барате збор?

Добро, бидејќи се пријавивте како за реплика.

Повелете господине Вејсели, а потоа е госпоѓа или пратеник Силвана Бонева.

**Абдулади Вејсели:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Денеска имав многу телефонски јавувања на оваа седница, во текот на одржување на оваа седница бидејки првото прашање од граѓаните е следното-дали се дозволува употребата на албанскиот јазик во Парламентот.

Можам да увидам дека преводите или дискусиите на албанските претставници во овој Парламент преку телевизорите се преведува на македонски јазик и од тука да ви го поставм следното прашање. Дали пред неколку месеци донесовме закон во кој се вели дека пренесувањето на парламентарните седници ќе биде само на македонски јазик и ако ние како пратеници на ПДП реагиравме, парламентарното мнозинство гласаше такво нешто и денес преносите се само на македонски јазик. Некој ќе рече дека има некој дуален систем...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам ...

**Абдулади Вејсели:** Ве молам само една минута.

Некој ќе рече дека имаме дуален систем од кој една страна може да се рече дека може да се слуша албански, а од друга македонски превод. Јас ќе ви кажам, мнозинството од албанското население не се во состојба да купуваат стерео телевизори за да ги следат своите претставници во овој Парламент на нивниот мајчин јазик. Затоа барам брзо ова прашање да се реши, бидејки употребата на албанскиот јазик се гарантира и ова е право на тие кои ги застапуваме во овој Парламент да ги слушаат дискусиите на нивниот мајчин јазик. Ова прашање треба да се реши што побрзо почитуван претседател на Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** Ова прашање се надевам дека еднаш ќе се реши.

Прво, Собранието на Република Македонија преку својот парламентарен канал произведува дуален пренос и на албански и на македонски јазик. Собранието на Република Македонија мислам дека не е должно да обезбедува и телевизори, бидејки ако е така тогаш ќе мора на сите што немаат телевизори на територијата на Република Македонија, Албанци, Македонци, Роми да им купуваме телевизори. Ако донесеме таков закон и тоа ќе го нарпавиме, како што е и овој закон овде за поништување на изборите.

Повелете.

И сигналот е тука, обезбедено е она што сме должни по законот.

**Абдулади Вејсели: (**Пратеникот зборува на македонски јазик)... може да осигуруваат средства за егзистенција од први до први, сигурно немаат можност да купат телевизор стерео, дуален систем што може одеднаш и на македонски и на албански и затоа во име на моите гласачи и во име на граѓаните албанци од Република Македонија што денеска ми се јавуваат за време на оваа седница на Собранието го отварам ова прашање. Верувајте они не можат да бидат рамноправнисо другите граѓани на Република Македонија, да ги слушаат дискусиите на нивните претставници.

Поради тоа јас мислам ако нема законско решение како да се носи можеме тука да најдеме заеднички јазик, на различни комисии, меѓутоа верувате тоа што му е гарантирано со Устав на граѓаните албанци во Република Македонија до тоа не можат да стигнат. Кои се механизмите да може да стигнат. Јас реков дека нема секој дома телевизор стерео да може да ги слушне дискусиите на пратениците од албанската заедница на свој мајчин јазик.

**Љупчо Јордановски:** Господине Вејсели во оваа држава има 400 илјади невработени и они секако немаат ни плата да обезбедат егзистенција на фамилијата, а имам едно решение.

Еве јас и вие секој месец ќе одвојуваме по три илјади денари и секој месец по една фамилија ќе обезбедуваме со ваков телевизор. Дозволено?

**Абдулади Вејсели:** Јас ќе му ја дадам целата плата, меѓутоа не е пробелмот во тоа. Не му се гарантира правото да ги слуша своите претставници на свој мајчин јазик. Тоа сакам отворено прашање, да се дискутира во иднина...

**Љупчо Јордановски:** Да не правиме забуна, правото е загарантирано и сигнал постои. Сега вие тоа го спуштате на ниво дека треба Собранието да обезбеди и технички можности, домашни, лични да овозможува.

**Абдулади Вејсели:** Измените и дополнувањата на Законот што го донесовме пред Нова Година, кога минситер за транспорт и врски беше господинот Агрон Буџаку, Законот тука го бранеше господинот Дејан Кошутиќ, заменик министер. Во тој Закон многу децидно пишува-"седниците на Собранието ќе се трансметираат на македонски јазик, а на албански јазик ќе се наоѓа техника". Значи тука албанците и македонците не се рамноправни. Затоа тука побаравме со закон да се санкционира да може...

**Љупчо Јордановски:** Господине Вејсели...

**Абдулади Вејсели:** ... да можат седниците на Собранието да одат и на македонски и на албански...

**Љупчо Јордановски:** Дали знаете дека во оваа држава може да има повеќе граѓани кои што немаат телевизор од друга неалбанска заедница во однос на албанската заедница.

**Абдулади Вејсели:** Зборуваме за тие што имаат.

Ова беше едно прашање што мене денеска ми го поставија.

**Љупчо Јордановски:** Ви го поставија, но сигнаолот постои. Јас сакам можеби ДВД да имам дома, но не можам.

**Абдулади Вејсели:** Сигналот постои, нема можност да имаат такво средство дома, телевизор и сега му се ускратува правото. Тоа е проблемот, ништо друго.

**Љупчо Јордановски:** Добро, еве да им купиме телевизор на сите граѓани да и Абдулади Вејсели: Ова прашање знаете ли зошто го отворив? Денеска навистина имаше лош превод во телевизијата и затоа сите граѓани албанци се јавуваа и велат зборувајте подобро македонски, отколку да зборувате на албански јазик, поради тоа што не можеме да ве разбереме...

денеска ми го поставија.

**Љупчо Јордановски:** Веќе отворивте друга тема, за превод. Тоа се согласувам за тоа можеме да дискутираме.

(Реакција на пратениците од место).

Повелете продолжете.

**Абдулади Вејсели:** Еве сега кој е против. Дали со Устав имаме право нашите, тие кои нас не избрале да може да ги слушаат седниците на Собранието на свој мајчин јазик, посебно на албански јазик.

**Љупчо Јордановски:** Па тоа го имаат.

**Абдулади Вејсели:** Ако имаат денеска тоа не можат да го достигнат. Денеска не можат да не слушаат на албански јазик заради, немаат стерео телевизори...

**Љупчо Јордановски:** Заради преводот? Немаат стерео. Па, и јас немам господине Вејсели АЛФА-РОМЕО, а сакам да имам.

**Абдулади Вејсели:** Во Уставот не пишува дека секој граѓанин албанец треба да има стерео телевизор за да може да ги следи седниците на Собранието на свој мајчин јазик. Ако пишува во Уставот така...

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Вејсели продолжете.

**Абдулади Вејсели:** Јас само го отворив, ништо друго.

(Реакција на некои пратеници од место).

(Господинот Абдулади Вејсели продолжи да зборув ана албански јазик).

Почитувани претставници на Собранието ова беше само колку да ви дадам до знаење на сите овде присутни во ова Собрание дека обврска е на сите нас да им обезбедиме нормални услови на тие кои не избраа да ги застапуваме во овој републички парламент.

Денес имаме еден Предлог на закон предложен од една група пратеници, не би се согласил со тие кои велат дека не е значаен закон, туку ова е еден закон од посебно значење, бидејки се говори за еден феномен кој е подолго присутен во Република Македонија. Значи се говори за еден изборен процес, било парламентарен, претседателски или овие од 13 март, локални избори каде феноменот секоја година ни се појавува, но треба да имаме една голема грижа бидејки ова ни се јавува веднаш по добивањето на нашиот статус за кандидат во Европската унија. Доколку се говори за годините по осамостојувањето на Република Македонија и се направи една споредба од 1990 до денес, 2005 година ќе видите дека во Република Македонија, овде имаме сведоци, имаме пратеници кои имаат по 4 мандати позади себе и ќе речат најфер демократски избори и по коректни имало од 1990 до 1998 година, додека овие нерегуларности во изборниот процес, насилството на слободните избори да ни се случи во 2005 година, не дека треба да го критикуваме ова, туку сите заедно треба да изградиме заеднички став и да кажеме дека ова не им припаѓа на граѓаните на Република Македонија бидејки од една страна сме определени дека сакаме да се интегрираме во евроатланските структури, а од друга страна работиме според старите навики како никој да не не набљудува.

Да ни биде јасна една работа. Доколку имаш претензии да бидеш член на Европската унија, член на НАТО структурите да знаеш дека ќе бидеш набљудуван и тоа јако од меѓународниот фактор за тоа дали ги исполнуваш критериумите и главните услови за да бидеш член во овие меѓународни организми. Доколку не, тогаш сигурно ќе бидеш на тоа место каде што сигурно и вака ќе се изолираме и ќе ни останат и нашите студенти кои не можат да одат да студираат во разни места на Европа, било на универзитетски студии или на постдипломски студии.

Второ, овој закон кој го имате пред вас, предложен е многу порано, предложен е во моментот кога заврши првиот изборен круг. Овој закон бара поништување со закон со итна постапка на локалните избори од 13 март во општините кои се споменуваат таксативно во овој закон. Веднаш по првата рунда е подготвен овој закон и поднесен во парламентарна постапка. За локалните избори од 13 март 2005 година се зборува.

Сега поради неможноста да се расправа по овој закон малку порано и да се расправа на искрен и објективен начин, така како што ни доликува на нас претставниците на народот, ова остана да се расправа на парламентарна седница токму во пресрет на завршувањето на локалните избори, затоа што и ден денес не се завршени локалните избори во Република Македонија.

Јас од оваа говорница очекувами од сите други што го изразуваме нашето жалење и го казнуваме последниот акт кој се случи во Студеничани, бидејки тоа не ни се случи ни на нам ни на вас, ова се случи, бидејки имавме тешко ранување, човек кој е ранет со истрели, а Господ посочувал да не биде жртва тој изборен ден. Затоа во моментот ние треба многу остро да ги казниме овие акти бидејки бранејки ги овие чинови кои се случуваат на гласачките места, верувајте ми дека и ние стануваме дел на организираниот криминал кој се изврши на денот на гласањето во Студеничани. Дали сме дојдени до тој степен, за 200 гласа да пукаме со калашникови, гласачите да ни одат по болници и да ни остане една црна дамка дека политичките елити и раководните политички структури не знаат да ги организираат изборите. Ова го споменувам за да не го разместите проблемот, бидејки овој проблем не е кај албанците , туку проблемот во овој случај е на

политичките, партиските структури кои ги организираат изборите секаде каде што се одржуваат.

Од друга страна воопшто не сакам да го амнестирам и треба остро да се критикува и тој што ги организира изборите, а тоа е Владата на Република Македонија. Доколку ги подржеа директивите на Меѓународната заедница, по завршувањето на првата рунда да се казнат сите тие кои го нарушија изборниот процес нормално дека вториот процес ниту ќе се бојкотираше од коалицијата за благосостојба, туку ќе продолжевме со благосостојба и мирни избори во втората рунда за да добиеме преодна оценка од тие кои што не набљудуваат.

Не случајно Партијата за демократски просперитет пред изборите од 13 март на многу средби сосонародниците побаравме изборниот процес на локалните избори од 13 март 2005 година да се организираат, или да ги оствари Меѓународната заедница, затоа што имавме индикации дека во Македонија сеуште политичките партиски структури не се на тоа ниво за да можат да си ја подадат раката и да кажат дека овој пат ќе имаме фер и демократски избори, токму меѓу албанците. Овде некој ќе рече дали само меѓу албанците имало нерегуларности, не, никако, нас не не тангираат извештаите на Меѓународната заедница, почнувајки од ОПСЕ, од Американскиот Стејдепартмент, од НАТО и сите други меѓународни механизми, клучни виновници за нерегуларности на за да овие локални избори во 2005 година ги апострофира токму во Северозападниот дел на Република Македонија, каде што во тој Северозападен дел мнозинското население е албанско население. Затоа ние побаравме еден изборен протекторат, а тоа што го реков претходно, тие да ги организираат изборите и да ги остварат така како што се случија во Република Косово. Дали имаше фалсификувања или насилство во изборите на Косово? Не.

Останавме единствена држава на Балканот затоа што сега пораките на Меѓународната заедница и во Албанија се дека толеранција е нула за тие што ќе искажат насилство и кои ќе манипулираат со слободниот глас на граѓаните. Тие кои ќе го прекршат правото на граѓанинот за да го даде гласот каде што сака тој да го направи тоа по своја желба. Еве, ова нека биде како поука за сите нас, овој Предлог на закон да не се оспори од никој, туку да се подржи од секој од нас. Не мислам дека вие ќе го подржите за да ги растурите општините кои што имаат градоначалници но да извлечеме поука од ова и да докажеме дека сите имаме употребено насилство или фалсификување, или сме извршиле насилство врз гласот за да победи некој кандидат од некоја политичка партија. Ако не ги признаеме овие грешки, не велиме дека имало малку пропусти, туку имало многу пропусти во овие избори и тогаш сигурно ова ќе се повтрои и понатаму последиците ќе ги сносиме ние, не самокако албанци туку како граѓани на Република Македонија и како граѓани и како држава во целост.

Не случајно по првата изборна рунда излегоа проценките од Меѓународната заедница, не сслучајно по првата рунда излегоа проценките и од самио тпремиер Бучковски дека во Македонија изборниот процес не бил регуларен. Вие добро знаете дека Меѓународната заедниц аи понатаму инсистира сите тие кои го прекршиле изборниот процес да се казнат не само со други казни, туку политички, од политичките партии. Токму нивните активнисти треба да се казнат како и самата партија која ги делегирала на изборите. Ако ова не се изврши ние можеме да бидеме големи демагози и да излеземе пред јавноста и да кажеме дека сме многу заинтересирани Македонија еден ден да ја видиме како членка на Европската унија и на структурите на НАТО. Ова нема да се случи, нема да се случи набрзо, но зошто товарот да го сносиме ние, бидејки ние сме биле пречка Македонија да биде дел на овие структури кои денеска ги спомнувам.

Вие добро знаете, а кога велам вие знаете, јас секогаш велам дека вие знаете, секогаш сте биле присутни и сте присутни во изборниот процес и по изборниот процес. Не сакам да се занимавам со ниски прашања, но сакам да споменам само некои случаи колку да ви дадам факти и аргументи за тоа што се случи на локалните избори од 13 март 2005 година во Република Македонија.

Прво, никаде во светот претседателите на општинските изборни комисии не ги предлагаат политичките апртии. Прашувам зошто постои Државната изборна комисија? Никаде во светот нема кога се забележуваат нерегуларности и во тие нерегуларности се вклучува и Врховниот суд и ги поништува гласовите и таму каде што нема нерегуларности. Изборната комисија не може да ги остварува изборите во таа општина. Конкретен случај е во општина Липково. Се сликаат активистите на партијата на власт полнејки ги кутиите за гласање, се испраќаат приговори на општинската изборна комисија, таа ги признава и го прогласува за градоначалник тој, тој и тој, со име и презиме. Имајки ги предвид сите овие аргументи дека во гласачките кутии се гледа јасно дека се полнат гласачките кутии. Ова продолжува и во Врховниот суд и Врховниот суд ги поништува сите тие гласачки места, 95% од гласачките места и претседателот на општинската изборна комисија на општина Липково и понатаму продолжува со работа. Кои се тие институции на кои треба да им веруваме. Која е таа институција, во која држава се случува ова? Само каде што има фалсификување 95% од гласовите понатаму таа изборна структура да раководи со изборите во таа општина. Конкретно говорам за Сервер Исмани претседател на општинската изборна комисија во општина Липково. И понатаму продолжува да ја врши функцијата претседател на општинската изборна комисија. Кога се жалат партиите на коалицијата за благосостојбата до Државната изборна комисија како може овој човек и понатаму да ја врши таа функција одговорот на

претседателот на Државната изборна комисија, на господинот Пендаровски е следен: “немам сила да го изменам”.

Почитуван господине, Законот кој се носи во овој Парламент, треба да се почитува. Доколку ти не си подготвен да го почитуваш законот што имаш обврска, си дал заклетва пред овој Парламент. Претседателот на Општинската изборна комисија не треба да продолжи со таа работа, но се случи спротивното. Затоа, пред малку кажав, некој од оваа говорница рече, на кого да му веруваме, на институциите на Република Македонија, или на меѓународните институции.

Пред извесно време во Република Македонија имало разни афери за корупција. Меѓународната заедница ова прашање го стави во заборав. Го заборави намерно за да не се отворат жешки теми во Република Македонија, веднаш пред локалните избори. И ова прашање Меѓународната заедница го стави во заборав и сакаше да им опрости на протагонистите. Нивната порака беше многу јасна, услов за интеграција на Република Македонија во евроатланските структури, покрај другите услови, реформите во судството, реформи во администрацијата, во управата, реформи во економијата од социјален аспект. Значи клучен услов е во Македонија да има фер и демократски избори. Доколку тоа не се случи, навистина Македонија ќе има проблем со Европската унија и со структурите на НАТО. Тоа се потврди и пред извесно време кога премиерот Бучковски беше во Брисел, пред амбасадорите на НАТО кои уште еднаш му рекоа и остро реагираа дека во Македонија треба да се измени законската регулатива, секако да се направат и уставни измени, да имаме независно судство и да се измени изборната регулатива и во иднина слободни и фер избори.

Изборните закони кои до сега сме ги менувале, не знам колку пати. И овој закон кој денес е во сила, Закон за локални избори, измените и дополнувањата се направија токму од овој парламентарен состав. Но, Законот е закон. Било каков закон да дојде и да се конципира, да се донесе еден закон во Парламентот, за да немаме никакви недостатоци, и до колку има луѓе кои не го почитуваат, тогаш законот не важи. Затоа сакам да ви кажам дека не можеме да се извлечеме од ова. Еве заедно да предложеме законска регулатива со која во иднина ќе имаме фер и демократски избори. Законите постојат, но законите не се почитуваат. Зошто имаме корупција? Затоа што не се почитуваат законите. Зошто имаме непотизам? Затоа што не се почитуваат законите. Затоа во Македонија и посебно на албанците им се насобрани многу теми за кои говори и Меѓународната заедница. И ние денес немаме проблеми, меѓусебни. Ова треба да го расчистиме. Проблемот не е ДУИ, ПДП, СДСМ, ВМРО и незнам кој друг. Сите имаме проблем со Меѓународната заедница затоа што не ги почитуваме налозите на Меѓународната заедница. До колку една политичка гарнитура не ги почитува директивите кои доаѓаат од тој дел каде ти сакаш утре да се интегрираш, јас незнам како Меѓународната заедница може да те почитува тебе. Затоа бидете внимателни како постапуваме. Затоа почитувани господа, овде не се работи за некое прашање кое е предложено во Парламентот поради некој инает. Овде не се говори за инает. Овде се говори за една реалност. Јас ги признавам тие кои велат имало пропуст во изборниот процес. Сме имале многу пропусти. Што треба да направиме во иднина ова да не ни се случува. Доколку не ги почитуваме законите кои сами ги донесуваме и во иднина ќе ни се случуваат вакви состојби.

Видовте и некои пратеници од помалите етнички заедници во Република Македонија, нивните реакции. Кога говореше пратеникот Неждет Мустафа, српскиот пратеник почна да игра со еден албанец и рече, каква албанска кауза браните во Чучер Сандево, а албанците трчаа таму. Овие работи, почитувани господа, не ни требаат и ние не треба да трчаме по другите, туку да трчаме да ги вршиме нашите работи затоа што, навистина, сме дошле во една состојба и до колку продолжиме со овие работи, да знаете дека најголемите последици ќе ги сносиме ние. Правичните и демократски избори се избори кои ја гарантираат слободата на граѓанинот, политичките процеси и гарантираат многу други прашања. Дали знаете дека слободниот глас на граѓанинот е многу скап глас, глас кој не се купува со ништо, глас кој го има само поединецот и тој може да го даде само таму каде што тој сака.

Феноменот кој се практикува во РМ полнејќи ги гласачките кутии, вршејќи насилство врз гласот, верувајте ми дека во моментот ќе бидеме задоволни дека сме добиле некоја кандидатура, но последиците ќе бидат долги за самите тие кои ги фалсификуваат гласовите. Денес нашиот лик е оцрнет пред меѓународниот фактор. Нека реагира кој како сака, но меѓународниот фактор ни даде и бројки. 22% од гласовите во Република Македонија би биле нерегуларни. Тие многу јасно велат 22% се наоѓаат во северозападниот дел на Македонија, а во мал дел и во Скопје. Кога ќе ги расчлениш овие албанци, кога 1/3 од граѓаните на РМ се албанци, 66% од изборниот процес бил нерегуларен. Ние можеме да им се спротивставиме на овие аргументи. Јас не можам тоа да го направам, бидејќи не сум склон, не можам да бидат против ЕУ и НАТО структурите. Не можам да бидам против Стејд Депарментот и другите меѓународни организации, говорам од името на Партијата за демократски просперитет, а и другите партии во РМ, зависни сме од нив. Треба да ги молиме, а не да им се спротивставуваме. Но тие услови што треба да ги исполниме, неопходно е да ги исполниме. До колку само еден услов не исполниме, да знаете дека многу потешко ќе ни биде во иднина. Денес некој овде го спомна и името на РМ. Имаме еден консензус околу ова прашање дека името на Македонија треба да биде уставното име. Токму овие избори кои се случија во Република Македонија, во 2005 година, и дадоа еден простор

на Република Грција да земе еден залет за да направи една дипломатска офанзива секаде во светот, за да придобие тие што треба да ги придобие. Не случајно и Бучковски и другите структури се тажни. Но, ова е друго прашање, површно сакам да го спомнам и не навлегувам во тоа, бидејќи не е прашањето такво за да говориме сега за него. Но, е од големо значење да се говори за прашања кои навистина не тангираат сите нас, прашања кои не треба да се повторат. Не е оправдување, го направил овој, зошто да не го направам и јас тоа.

На албанците традиција им било да гласаат на семеен начин, еден за повеќе лица. Не е вистина. Зошто не се гласаше еден за повеќе од 1990 до 1998 година, туку овој феномен се јавува после 1998 година и посебно во 2005 година. Навистина јас не знам како да ги покријам нерегуларностите, мали или големи, кои се случија во 2005 година. Ги признавам сите тие кои велат дека се случиле нерегуларности, но ајде да се потрудиме во иднина да нема нерегуларности, на наредните избори. Но, треба да бидеме и самокритички и да ја признаеме вината. Нека им е со среќа на градоначалниците. Ниту овој закон, ниту друг закон може да им ја земе таа функција, бидејќи овој закон е предложен веднаш по првата изборна рунда. Не се размислувало дека за овој закон ќе се расправа по третата рунда, второ прегласување и така натаму. Но, би било добро да говоревме веднаш по првата рунда за овој закон, и да говориме со факти и аргументи, без да се разочаруваме и без да го претвараме тоа во лична омраза. Ние не сме овде за да се мразиме едни со други, туку овде сме за да ги подобриме грешките кои сме ги направиле. Доколку ние овде се конфронтираме и речеме дека Абдуладu Вејсели нема право на ова и ова, или Исмет Рамадани нема право, или некој друг кој зема збор, да знаете дека се лажеме себе си и ја лажеме пошироката јавност, почнувајќи од албанците и ние како претставници на албанското население и другите кои се претставници на македонското и другото население. Ние не велиме дека немало инциденти и во другите делови на Македонија. Говориме за ни секаде каде што се случиле. Но, за мене релевантен извештај е проценката на Меѓународната заедница. Јас сум токму од тој дел на Македонија. Јас се жртвував затоа што сум претседател на ПДП. Се жртвуваше и ПДП така како што се жртвуваше, како што го спомнавте и вие во 2000 година, така се жртвувавме и во 2002 година, така се жртвувавме во 2004 година и 2005 година. До кога ќе дозволуваме да се полнат гласачките кутии и да инспирираме разни групи да одат и да го нарушуваат изборниот процес. Дали е изборен процес на тие гласачки места каде гласале 600:0, 900:0, 700:0, 800:0, 850:0. Еве сега ќе ги спомнам и со имиња, Делогожде. Повелете дајте други аргументи. Во гостиварско 500 гласачи, записникот 700:0. Во Форино гостиварско покрај едно гласачко место кое е одржано, двете други гласачки места, повелете, видете ги. Понатаму Вејце, Ѓермо 680:0,600:0, Порој 1000:0. Имате право да го поништите, бидејќи ние бараме да ги поништиме овие гласови. Рековте дека во Миѓени полицијата ги чуваше гласачките места и господинот Ејуп Рустеми, имало фер и демократски избори и така треба да се гласа. Јас го признавам тоа како такво. Понатаму во општина Чаир скопско , во Училиштето “Тефејуз”, во 17,30 часот што се случува?

Јас и претходно реков дека не сакам да паднам на ниски нивоа. Не сум склон да се занимавам со бројки кои ги утврди Меѓународната заедница. Јас спомнав пет илустрации од пет градови, по еден и два примери, само да ви кажам колку изборите биле фер и демократски во Република Македонија.

До колку признаеме дека имало нерегуларности во изборниот процес, треба да бидеме многу толерантни и да бидеме широкогради и да кажеме дека имало, но да се потрудиме заедно да ги подобриме овие пропусти. Доколку имало полнење на кутии и од коалицијата, целосно ги прифаќам и тие. Но, сум широкоград и ги признавам и треба да ги признаеме сите, доколку сакаме да ја подобриме состојбата што моментално ја имаме во земјата.

Јас реков за Законот не се говори. Законот е само причина за да зборуваме едни со други, за да ги отстраниме пропустите што сме ги имале до сега. Овој закон ништо не регулира. Овој закон утре треба да биде основа за да не ни се повторуваат работи кои ни се повторувале до денес. На крајот на краиштата сите ние сме луѓе.

Јас нема да се согласам со тие кои се спротивставуваат и велат дека немало нерегуларности. Можете да кажете се. Може да зборувате и за општина Сарај, и друга општина, општина Желино. Изборниот процес бил нарушен секаде затоа во првата рунда се повторуваат изборите во сите населени места. Не ги браниме активистите на коалицијата до колку направиле нешто без знаење на коалицијата. И тие треба да се земат на одговорност како што тртеба да се земат на одговорност и сите. Додека не се земат на одговорност луѓето кои го нарушиле избортниот процес, нема да имаме фер и демократски избори во Република Македонија. Сега што сакате? Сакате да ги браниме тие кои го нарушија изборниот процес, тие кои не знаат да ги бранат нивните деца и доаѓаат нас да не бранат. Ве молам. До колку и понатаму сме толерантни во правењето на пропусти, значи политичките партии да ги раководат разни банди, тогаш не сме способни да раководиме со политичките партии. Политичките партии имаат една улога да ги организираат граѓаните политички, да ги организираат изборите, да ги сооштуваат кандидатурите, а понатаму работа е на гласачот и на другите органи кои треба да ги организираат и да ги остварат изборите.

Затоа, од оваа говорница ќе ви кажам дека клучен виновник за не добро организирани и лошо остварени избори е Владата на Република Македонија. Владата е таа институција која треба

да организира фер и демократски избори, да им овозможжи на граѓаните слободно да излезат и да го дадат гласот за опцијата за која тие мислат, за кандидатот што тие мислат дека треба да го гласаат, затоа што само на овој начин можеме да чекориме напред. Ние можеме се да зборуваме, да не се согласуваме, да имаме моментално лични интереси и партиски интереси, но секоја индивидуална, групна или партиска заштита ќе оди на штета на граѓаните и тоа на долгорочен план.

Ќе ви дадам само еден пример. Имено, во 2000 година се случија последиците што се случија на локалните избори и ПДП се повлече токму од тие избори кои ги споменувате овде. Последиците ги чувствуваме и ден денес. Последиците од Студеничани ќе бидат и по четири години, било тоа да биле активисти од ДУИ, или од друга партија. Последиците ќе ги сносат граѓаните. Што ќе се случи по една недела, во недела, да ни каже некој, доколку тие и понатаму продолжат со изборниот процес. Во Студеничани ќе се убиваат уште повеќе луѓе и кој ќе ја сноси одговорноста. Почитувани господа, одговорноста е наша. За секоја нерегуларност и најмал инцидент, одговорноста е на оние кои се избрани од народот. Затоа ви велам дека ние имаме целосно право, до колку имаме политичка волја да донесуваме закони, да поништуваме закони и тн. Парламентот е тој, законодавен дом кој ги донесува законите, но до колку има политичка волја од тие што се претставници на народот, до колку ние имаме една политичка волја за да донесеме еден закон кој е од интерес на граѓаните, сигурно ние оваа работа ќе ја завршиме ногу брзо. Затоа, не се повикуваме ниту на Законот за локални избори, ниту на Врховниот суд, ниту на ДИК, туку ние сме тие кои можеме да одлучиме за доброто на нашите граѓани, бидејќи основно право на граѓанинот е гласот. Преку слободниот глас тој посегнува да ги оствари своите интереси, затоа што гласот е нешто многу свето и скапо. Не треба да дозволиме, ние што сме овде, да дозволиме во иднина да се злоупотреби и да се манипулира со гласот на граѓанинот, затоа што секоја манипулација и секоја употреба на насилство, последиците ќе ги сносат тие кои ние ги застапуваме на долгорочен план. Можеби краткорочно последиците се мали или големи. Затоа од овде сака да ви препорачам дека направивме добро како коалиција за благосостојбата, што не продолживме во вториот круг. Имаше гласини дека ПДП продолжи во некои општини да се натпреварува. Јас ќе ви кажам ставот на коалицијата, за благосостојба, овде е и Партијата за демократски просперитет, е многу јасен за јавноста, нема да продолжиме во вториот изборен круг за да го браниме нашето гласачко тело и нашите членови и да ги браниме граѓаните за да нема инциденти во иднина на гласачките места, затоа што секој инцидент што може да се случи може да донесе и нови жртви, а ние сме против жртвите, бидејќи жртвите ги искусивме и не сакаме и во иднина да имаме жртви. Жртвите се прашања кои се памтат. Тие кои го прават тоа ќе памтат се додека се живи. Затоа да не дозволиме, сите заедно, во иднина да ни се случуваат појави и такви феномени затоа што тоа е на штета на сите наши граѓани, на штета на албанците и на другите граѓани.

Значи во иднина да не ни се случуваат појави и такви феномени затоа што ова е на штета на сите наши граѓани, на штета на Албанците и другите граѓани.

Случајот што ги бојкотиравме локалните избори докажа и случајот во Студеничани дека сме биле во право, дека не сме толку заинтересирани да го жртвуваме нашето население, да ги добиеме фотељите од причина што и порано сме губеле, од причина што сме сакале да бидеме достоинствени, да бидеме принципиелни и да ги заштитиме интересите на оние кои денеска ги претставуваме во овој Парламент.

Немам веќе што да дополнам, не би ви замолувал да го гласате овој закон затоа што овој закон веќе се расправа со доцнење. Јас ви реков дека за ова прашање требало да се расправа веднаш по првиот изборен круг, сега е завршен и вториот изборен круг, се повторуваат во многу општини, многу градоначалници се веќе избрани, меѓутоа, што и да штитиме, групни или партиски интереси во оваа приллика да знаете дека ќе ги оштетиме граѓаните во целина и штетите што ќе ги имаат тие ќе бидат долгорочни и затоа јас барам од сите и од партиите на власт и од тие во опозиција и позиција да ме подржат, да бидеме малку поавтокритични и да кажеме пропустите што се направени не треба да се прават во иднина.

Ова е пораката која треба да произлезе од целата расправа во која сме вклучени сите.

Ви благодарам за вниманието што го имавте за мене.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Вејсели.

Пред да преминеме на репликите и пријавените дискутанти, сакам заради стенограмот, ве молам да се сослушаме, седнете си господине Јашари, ќе се расправате после.

Сакам да обрнам внимание на три работи, заради стенографските белешки, не знам дали е во преводот или во дискусијата на господинот Вејсели.

Прво е околу 1/3 од граѓаните на Република Македонија се Албанци. 1/3 е скоро 33%, господине Вејсели ги знаете резултатите од пописот, таа бројка не ви е точна.

Второ, околу прашањето што во дискусијата спомнавте Република Косово, ословувајте онака како што е согласно Резолуцијата на ООН.

Трето прашање, сигурно ненамерно околу пратеникот Стоилјковиќ рековте Српскиот пратеник, тој е пратеник од коалицијата за Македонија заедно кој припаѓа на етничката заедница на Србите во Македонија.

(Господинот Вејсели дофрлува од место без вклучен микрофон)

Пријавете се.

Господине Вејсели кога ќе ви дадам збор, тогаш ќе зборувате. Штом се пријавувате ќе добиете збор. Еве ќе ви дадам збор. Полека. Прво, јас не ви реплицирав вам, јас кажував процедурално онака како што вие дискутиравте. Ако имате процедурална забелешка повелете.

**Абдулади Вејсели:** Како прво јас ќе почнам од крајот господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Повелете, дали имате процедурална забелешка, ако имате, повелете со процедуралната забелешка.

**Абдулади Вејсели:** Господине потпретседателе, се извинувам, ја прифаќам забелешката. Не сум рекол Српскиот пратеник, туку Српската заедница. Имате проблем со преводот? Ако сакаш добро научи, оди на еден курс на албански јазик ќе ме разбереш како што треба.

Втора работа, не можеш да ми наметнеш твоја идеја како јас гледам од мое гледиште работи за Република Косово. За мене тоа е Република Косово, а ти на кој дел припаѓаш, незнам.

**Слободан Најдовски:** Господине Вејсели тука ве прекинувам, дали имате процедурална забелешка. Јас за вашите идеи ништо не можам да ви кажам, но можам да ви кажам како треба да дискутирате овде во Собранието и она што е општо прифатено и познато ќе го дискутираме. Така како што си е сега така ќе си биде, а како ќе биде во иднина ќе видиме.

Благодарам, дали имате процедурално за денеска?

**Абдулади Вејсели:** Дајте ми збор, ве молам.

**Слободан Најдовски:** Дали имате процедурална забелешка?

**Абдулади Вејсели:** Имам бе на твојот говор.

**Слободан Најдовски:** Јас ви кажав по Деловникот како е, ако сакате дискусија после ќе се пријавите, сега одиме на реплики.

**Абдулади Вејсели:** Морам, имам процедурално.

**Слободан Најдовски:** Не е процедурално, во што е процедуралната забелешка.

**Абдулади Вејсели:** На твојата дискусија.

**Слободан Најдовски:** Јас не сум го прекршил Деловникот и тука ќе завршиме. Што да ви кажам, не сум го повредил, а ако се пријавите за дискусија тоа е друго.

Ве молам седете си на место, кога ќе се пријавите за дискусија, ќе добиете збор.

Во што е процедуралната забелешка. Ако имате процедурална забелешка ќе ви дадам збор, инаку ќе ве прекинам.

**Абдулади Вејсели:** Не е ваше право да ги коментирате моите дискусии.

**Слободан Најдовски:** Јас не ја коментирам, јас кажувам дека вие го повредувате Деловникот. А дали некој ќе го повреди Деловникот јас сум тој што треба да го опоменам кога претседавам со седницата.

Сега одиме на реплики.

За реплики се пријавени до сега Абдилаќим Адеми и Киро Дојчиновски.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател и во репликата што ја имав предпладне овој предлог е апсурден и нелогичен, тоа држи и сега. Имам ист предлог како и претходно дека овој закон треба да се повлече од процедура.

За претходниот говорник вие господине немате аргументи дека има злоупотреба на гласовите или како што вие велите полнење на кутиите затоа што во сите општини каде сме имале кандидати за градоначалници и листа на советници разликата во гласовите е многу мала. Или бројот на советници во тие општини каде има 15 советници е 8:7 што значи од прилика тука некаде.

Понатаму, бројот на гласови за ДУИ на изборите од 2002 година, изборите од 2004 година, и изборите од 2005 година, е од прилика 140 илјади гласа плус, минус пет илјади гласа разлика од избор до избор, што значи дека ние имаме гласачко тело кое е константно и стабилно. Ова е аргумент дека нема злоупотреба на гласовите.

Понатаму велите дека предлогот сте го дале веднаш после 13 март, тоа не е вистина, вие на 13 март, недела навечер, веќе славевте, утрешниот ден се одморивте потоа во вторник излеговте на ПРЕС по наредба на Мендух Тачи и рековте без да се консултира ПДП ќе го бојкотирате вториот круг. Всушност рековте ќе излеземе на протести, излеговте на протести со 200-300 луѓе и кога видовте дека тоа не оди на добро повторно по наредба на Мендух Тачи вие рековте дека ќе го бојкотирате вториот круг.

Всушност што се случи во вториот круг? Тоа е историскиот момент, тоа е историја за себе, ДПА се повлече додека вие не се повлековте. Факт е што вие не се повлековте е Дебар, Липково, Студеничани и Желино. Во сите општини вие учествувавте тајно иако декларативно велите дека тоа ќе го отстраните, но тоа не е вистина.

Понатаму го прашав господинот Исмет Рамадани, но не ми одговори, зошто Јегуновце е на оваа листа кога таму нема неправилности.

Споменавте некои населени места или гласачки места каде што има 6:0 или неколку населени места во вториот круг во Желино каде вие со вашиот независен кандидат сте биле опоненти 1100:0 се во ваш прилог. Значи ни еден глас за независниот кандидат.

Врз основа на оваа логика која вие ја предлагате, овој закон што го предлагате, ние можеме да донесеме уште еден закон за поништување на изборите на сите гласачки места или да донесеме закон во Македонија воопшто да нема избори, а ние да бидеме засекогаш пратеници и сите градоначалници да бидат засекогаш градоначалници на тие општини, но тоа не оди така.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за господинот Абдулади.

**Абдулади Вејсели:** Немам што да реплицирам, бидејќи доколку ме следеше со внимание таму спомнав неколку населени места колку за илустрација. Ако ги спомнам по ред незнам дали ќе завршиме до утре, но колку за илустрација.

Сакам да кажам уште нешто, доколку не се научиме од овие нерегуларности од овие избори последиците ќе ни бидат долгорочни како Албанци.

Второ, ПДП не учествуваше во втората рунда на изборите. Ова е друго прашање дека имало кандидати, Законот ова го регулира, бидејќи неговото име се наоѓа на гласачкото ливче и не може да се повлече. Друго прашање е дека граѓаните сакале да гласаат за еден кандидат иако политичката партија не учествува на изборите.

Трето, господине Абдулаќим Адеми добро зборуваше и те поздравувам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Дојчиновски.

**Киро Дојчиновски:** Господинот Вејсели во една од своите почетни изјави и дискусијата го спомна следното дека неговата партија понудила варијанта на изборен модел односно спроведување на избори онакви какви што биле спроведени во Република Косово односно спроведени од УНМИК. Дали навистина тој смета дека може да направи едно равенство меѓу Косово и Република Македонија.

Второ, дали е тоа трасираниот пат за Евроатланската интеграција на Република Македонија ако и во неа меѓународниот фактор би бил тој кој ќе ги спроведе изборите.

Трето, денеска колегата одеше против своите принципи. Можеше својата дискусија да ја срочи најмалку 10-15 минути. Четири пати ги повтори истите констатации, 45 минути дискутираше и четири пати не замараше со исти работи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контрареплика за господинот Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Јас мислам и понатаму дека во Република Македонија вака како што течат работите изборите треба да ги подготвува Меѓународната заедница. Еднаш за секогаш да бидеме тие кои ќе го спроведеме Законот и Уставот на Република Македонија.

Имајќи предвид дека нашите институции не можат да организираат и спроведат избори така како што треба, тоа треба да го направи Меѓународанта заедница.

А што се однесува за Република Косово таму навистина се организирани многу фер и демократски изборите од 2000-та година до сега.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Вејсели. Вие продолжувате со истото, тоа е ваше убедување што не е факт.

Продолжуваме со дискусија.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе, еве веќе цел ден дискутираме по Предлогот на законот за поништување на изборите во повеќе населени места од западниот дел на Македонија.

Причината за поднесување на Предлогот на законот е големиот број на констатирани нерегуларности од страна на колегите пратеници од ДПА и ПДП и заради тоа бараат поништување на изборите.

За мене појдовна основа во анализата на целисходноста на предложениот закон се пред се извештаите на меѓународните институции кои беа задолжени за мониторинг на изборниот процес.

Неспорен факт е дека во речиси сите извештаи со доста категоричен тон изборите беа оценети како прилично проблематични.

Не сакајќи многу да должам, во продолжение би се осврнала само на неколку секвенци од спомнатиот Извештај. Така на пример Меѓународната набљудувачка мисија на ОБСЕ, ОДИХР својот извештај го започнуваат со следната констатација. Во периодот меѓу двата круга на гласање на локалните избори 2005 година во Поранешната Југословенска Република Македонија надлежните органи забележаа неуспех адекватно да одговорат на потфрлувањата кои беа идентификувани во текот на првиот круг и покрај преземените одредени напори.

Делумно вториот круг на локалните избори на 27 март 2005 година додека беше добро спроведен во најголемиот дел од земјата повторно не успеа да ги задоволи клучните заложби на ОБСЕ и стандардите на Советот на Европа со кои се гарантира универзално и еднакво право на глас како и тајност на гласањата. Повторно беа забележани сериозни нарушувања на денот на изборите на одреден број места во земјата, вкучувајќи ги и оние кои беа забележани како флагрантни неправилности во текот на 13 март.

Покрај оваа генерална оценка дадена во споменатиот Извештај од 27 март сметам дека во обидите правилно да ја разбереме меѓународната оценка и препораките по однос на локалните избори во Република Македонија заслужува да се спомене и изјавата на Шефот на мисијата на ОБСЕ (непознато име за стенографот) на ОДИХР која гласи:

Иако доброто спроведување на гласањето е повторно добредојдено во поголемиот дел од земјата, постојаните и распространети нарушувања на други места создаваат сериозни загрижувања, го загрозуваат интегритетот на целокупниот процес и на истите мора итно да се одговори.

Во истиот контекст на загриженост на меѓународната јавност за последиците што бруталните неправилности ќе ги предизвикаат врз сите сегменти од комплексните демократски процеси во Република Македонија да ја спомeнеме само изјавата на Шефот на

делегацијата на Конгресот при Советот на Европа кој рече:

Го осудуваме, дефакто, обесправувањето на жените во повеќе области како и нивното отсуство од избирачките одбори и избирачките места каде што не беше присутна ниту една жена.

Правилната застапеност на сите граѓани на земјата во нејзините официјални избрани институции е клучен елемент како и почитувањето на правото на глас на сите граѓани.

Почитувани дами и господа, само овие наведени цитати се доволна илустрација за сериозната загриженост на релевантните институции на Меѓународната јавност не само за непосредните последици од изборните неправилности, туку и за долгорочните реперкусии врз развојот на демократијата и приспособувањето на Република Македонија кон општите стандарди на Евро-атланското семејство.

Круна на изборните нерегуларности беа случувањето во општина Студеничани на последниот круг на избори на прегласувањето во населените места Албинци и Вртекица каде уште вечерта избирачкиот материјал беше сместен во непознат објект за да сабајлето изборите почнат многу порано од законски утврдениот рок за да понатаму се ескалира до таму до кај се стаса да имаме повредени од оружје и што ќе се случеше ако за 36 гласа колку беа потребни да победи кандидатот од ДУИ еден човечки живот ќе се сведеше на 36 гласа. Не смееме да дозволиме и понатаму демократијата во Република Македонија и изборите во Република Македонија да се сведат на стравување за човечки животи.

Факт е почитувани дами и господа, дека ваквиот голем број на неправилности во изборниот процес значат узурпација на универзалното и неотуѓиво право на слободна волја на секој граѓанин на нашата држава, а што пак го ставаат под сериозен сомнеж и политичкиот легитимитет на голем дел од ново избраните локални раководители, кои што првенствено ќе имаат обврска не пред граѓаните, значи не да одговараат пред граѓаните, туку пред оние кои им дозволија со нерегуларности да станат градоначалници, значи со полнење на кутии, со заплашување на граѓаните и токму заради тоа тие првенствено одговорноста ќе ја имаат пред нив, бидејќи со нивна помош тие станале градоначалници, а не како израз на волјата на граѓаните од тоа населено место односно од таа општина. Неспорно е дека таквиот сомнителен легитимитет суштински ќе се одрази и врз квалитетот на нивната работа, а може да се одрази и да предизвика реакции што сериозно можат да ги загрозат нормалните политички процеси во македонското општество.

Секако, не смее да се заборави и уште една многу значајна последица од споменатите оценки на меѓународните претставници за регуларноста на изборниот процес. Тоа е влијанието што таквите оценки ќе го имаат врз меѓународната репутација на нашата држава и рефлексиите врз нашите настојувања за скорешно вклучување кон глобалните евроатлански процеси. Сметам дека предложениот закон има еден сериозен недостаток, а тоа е фактот што е концентриран само на еден дел од општините, иако имаше изборни нерегуларности во повеќе општини во државата, значи на еден дел од општините во кои што беа регистрирани сериозни нарушувања и, особено што, имајќи ја предвид етничката структура на населението во општини каде што се опфатени во предложениот Закон, може да отвори простор за апсолутно непотребна меѓуетничка инструментализација на факти кои што говорат за отстапување од начелата на демократијата, што не е етнички, туку општо цивилизациски феномен.

Почитувани колеги пратеници,

Од моментот кога го добивме Мислењето од Владата, многу јасно ми беше дека парламентарното мнозинство нема да го поддржи овој предложен закон од страна на пратеничката група на ДПА и ПДП. Меѓутоа, мојата цел да се вклучам во оваа дисксија е сите ние заедно да предупредиме и од овде, од Законодавниот дом, да не се повторат вакви избори и изборните нерегуларности што се констатирани не само на овие избори. Цел ми е да ја повикаме власта кај која што вистински се гледаше дека отсуствува политичка волја за да спроведе фер и демократски избори. Барем од сега да покаже искрена политичка волја и да ги почитува и применува законите во државата. Раката на законот, почитувани дами и господо, мора да ја почувствуваат сите кои правеа изборни нерегуларности. Да видиме дека сите прекршители на законот се осудени, но не само со парични казни или развлекување на постапките за да не одговараат понатаму, туку да видиме дека луѓе кои го прекршиле и Кривичниот закон, неговите одредби, ќе лежат затвор. Тоа ќе биде добра поука за сите оние кои наговараат на изборни нерегуларности и оние кои ги спроведуваат, дека вакви работи повеќе во Република Македонија не смеат да се случуваат и дека треба да се почитува законот во државата.

На овие избори, почитувани дами и господо, имаме дури и снимки, вистински докази каде што се гледа како се полнат кутиите, дури и од државни службеници. Најжалното од се е што имавме можност да прочитаме во јавноста како тој државен службеник говори како тој ги полнел кутиите, меѓутоа виновен е избирачкиот одборо, луѓето во избирачкиот одбор кои му дозволиле да го прави тоа. Да видиме сите ние, да види македонската јавност што конкретно ќе превземе власта за овие докази за изборни нерегуларности, бидејќи не може да веруваме дека изборниот процес бил наруше заради тоа што отсуствува изборна регулатива и токму заради тоа е ваквиот голем број на изборни нерегуларности, па ни се предлагаше, односно имаше инакви кажувања дека новото изборно законодавство, во него треба државната администрација да биде таа што ќе ги спроведува изборите, значи во државата

Република Македонија. Е сега, ако еден државен службеник си дозволи да полни кутии, да дава такви изјави, јас навистина се сомневам државната администрација, ако биде вклучена во избирачкиот процес, дека навистина ќе спроведе фер и демократски избори, сметајќи на политизираноста на државната администрација, сметајќи на притисоците на власта врз државната администрација, постојаното стравување да не бидат избркани како технолошки вишок.

Прашањата врзани околу изборите се многу сериозни и треба многу сериозно да се размислува околу ова прашање. Ова е прекрасна шанса сите ние да проговориме околу изборните нерегуларности и она што ни се случуваше на претходните избори во државата.

Мислам дека мора власта, имајќи ги сите инструменти во раце, конечно да покаже дека можат да бидат казнети сторителите на изборните нерегуларности. Ако власта сега ги казни оние кои делеа пари за купување на гласови, ако власта ги казни директорите на јавните претпријатија кои вршеа притисок врз граѓаните, ако власта ги казни директорите на центрите за социјални работи и вработените во центрите за социјални работи кои со торби полни со пари делеа еднократна социјална помош, значи конкретно зборувам за конкретно идентификувани луѓе и фотографирани. Мисијата на ПРОКСИМА, еве конкретен пример за Зрновце, каде утврди дека така се делат пари по домовите. Доколку власта има вистинска политичка волја да ги надменеме проблемите околу изборите, таа треба да започне прво од себе, од сите оние кои зависат од власта и кои се дел од власта, сите оние кои се дрзнале да прават изборни нерегуларности да бидат казнети за поука, дека во Република Македонија правиме една вистинска демократска преобразба. Тоа треба да го покаже оваа власта најпрво со казнување на своите, понатаму со казнување на сите оние кои учествувале во сите изборни нерегуларности.

Тогаш нема да има потреба од убедување ниту на домашната, ниту на меѓународната јавност дека изборните нерегуларности се резултат од недостиг на изборна регулатива. Изборна регулатива имаме, меѓутоа не се почитува и никој не ја почувствувал вистински раката на законот, сите оние кои прават изборни нерегуларности.

Затоа, почитувани дами и господо, расправата по овој закон ја гледам само како инструмент за, барем делумно корегирање на алармантните нарушувања на изборниот процес и елиминирање на последиците од него, не само сега, туку и за во иднина.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Макрадули имате реплика, а нека се пријават и другите пред да почнеме со репликата.

Повелете, имате три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе.

Граѓаните на Република Македонија се свесни дека уште еднаш во една неплодна и долготрајна дискусија се обидувам да дискутираме за се и што треба и што не треба, само за она што е на дневен ред, а не што е во интерес на сите.

Денеска, да потсетам е првата фаза од еден Предлог на зкаон, со кој што треба да ја утврдиме потребата од донесување на овој закон. Дали овој закон е во согласност со правниот систем во нашата држава и дали има уставен основ, односно да зборуваме за легалните рамки, а не да користиме политички памфлети, за што и самиот дискутант, последниот, кажа бидејќи сака со овој закон да предупреди. Со законите, за жал, не се предупредува. Туку, законите произведуваат некакви правни дејства и имаат правни последици откако ќе се донесат. И други мои колеги рекоа дека апсурдноста на овој закон е таква што не може ниту да се примени.

Покрај тоа, согласно член 143 од Деловникот за секој закон што трпи и побарува финансиски средства мора да има оправдување, да се каже од каде ќе се најдат и од кои ставки од Буџетот тоа ќе биде. Очигледно, доколку се организираат некои избори. Но, тоа го нема. Пишува само “Буџетот” и ништо друго. Мислам дека треба да се објасни колку би чинеле тие средства.

Инаку, нам не ни треба правна рамка. Таа правна рамка, доколку сакаме да казниме некого пак, исто што во овој закон предлагачот не кажал дека сака со овој закон да казни некого, тоа го регулира Кривичниот законик и тоа има посебна глава каде што се третираат кривичните дела направени за време на изборите.

И, согласно тој Закон, прв пат во Република Македонија оваа власт покрена некои кривични пријави и тоа е кажано во Извештајот од ОДИХР. Ако сакаме да бидеме кооперативни, ако сакаме да придонесеме за демократијата во оваа држава, кога ќе го читаме Извештајот од ОДИХР, што исто не е тема на оваа седница, нема да ја читаме првата и третата страна, ќе ја прочитаме и втората. Е, на втората страница пишува дека Министерството за внатрешни работи направило сериозни позитивни активности за пријава и отстранување на криминалните активности во првиот круг. Дека Јавното обвинителство покренало, за прв пат, како позитивно го оценува сето тоа, сите тие активности. Но, и пишува дека премиерот сакал да ги надмине проблемите и организирал средба, но лидерот на опозицијата не дошол на таа средба. И тоа го пишува во овој Извештај и тоа треба сите да го знаеме.

И на крајот, да не се сомневаме по стоти пат во државната администрација. Била партизирана или била ваква или била онаква. Државната администрација, со Одговорите на “Прашалникот” и максималната енергија што ја вложи покажа дека е кадарна и подготвена и дека многу повеќе ја сака Македонија од многу пратеници овде.

Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Госпоѓо Бонева, имате една минута.

**Силвана Бонева:** Господине Макрадули, воопшто не сум надвор од дневниот ред. Непосредната демократија значи да расправаме за тоа што е на дневен ред, а на дневен ред е Законот за поништување на изборите во Северозападниот дел на Македонија, во местата што се назначени во Предлогот на законот. Ова е Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон и можеме да расправаме по него.

Кажав, да предупредиме, значи целта ни е да предупредиме да не се повторат ваквите нешта, бидејќи е многу јасно после Мислењето од Владата на Република Македонија дека парламентарното мнозинство нема да го донесе овој закон.

Убаво е тоа што како претставник на власта зборувате дека ќе се применат одредбите на Кривичниот законик. Тоа е тоа што треба да не радува дека прекршителите ќе го почувствуваат лицето на правдата, а сериозните нарушувања во првиот круг, со оглед на...

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Иванова, имате три минути реплика.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке Бонева, оваа дебата навистина треба да се води за надминување на неправилностите во локалните избори што се повторувале не само на овие избори, на претходните избори, меѓутоа не треба да претставува толкување на Извештајот од ОДИХР и ОБСЕ кој што е респектабилен и секако треба да се гледа во целина. Да се гледаат и позитивностите и негативностите и правецот по кој што треба ние, како држава да се движиме.

Велите дека власта е виновна. Која власт? Законодавната, судската, извршната власт? Или некој друг? Секако, господинот Шаќири рече - најмногу се виновни политичките партии за овие неправилности во изборите и овде, во овој правец, најмногу треба да ги водиме дискусиите.

Велите дека измените на законодавството, за државната администрација дека премногу била политизирана. Да, токму во вашето владеење, на ВМРО-ДПМНЕ најголемо вработување во државната администрација изврши токму ДПМНЕ и вие не треба да се плашите за наредните парламентарни избори во делот на политизација на државната администрација. Меѓутоа, сите препораки во независна изборна администрација, не државна администрација е токму од политичките влијанија на изборната администрација, а невклучување на државната администрација, што се и препораки на меѓународните организации што препорачуваат деполитизација на изборната администрација, ќе потенцирам. И рече дека знаела мнозинството дека нема да го поддржи овој закон.

Во овој парламентарен дом ние ги спротивставуваме аргументите за одредени законски решенија, дали се од Владата, дали се од пратеници и тука секако ги судираме нашите мислења и ставови, секако и фактите. Но не манипулациите околу тоа дали власта е против опозицијата или не.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута, повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке Иванова,

Јас не го толкував Извештајот од ОДИХР, туку од Извештајот од ОДИХР, цитирав делови кои зборуваат како е спроведен изборниот процес во Република Македонија.

А за тоа која власт е таа што го нарушила изборноит процес, многу е јасно дека тоа е извршната и судската власт што е под ваша контрола, како парламентарно мнозинство.

За политизација на државната администрација воопшто нема да зборувам. Луѓето кои се вработени во државната администрација, многу им е јасно што значи политизација и што значи апсолутно да немаат можност да ја искажат својата волја. Тие многу добро знаат што беа принудувани да прават во текот на изборите. А граѓаните пак, секој ден гледаат колку малку е политизирана државната администрација во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓице Грковска, имате три минути реплика.

**Славица Грковска:** Само на кратко.

Со оглед на тоа што дел од мојата реплика ја кажа господинот Макрадули, сакам да укажам уште еднаш дека е нормално дека ќе биде јасно дека парламентарното мнозинство, а се надевам и дел од оние разумни пратеници од опозицијата нема да го поддржат овој закон, заради тоа што на тој начин поддржуваме закон што ќе ги суспендира државните институции и нормалната, регуларната законска процедура за одржување на фер и демократски избори.

Во надлежноста на Државната изборна комисија е да ги спроведе изборите. Во надлежноста на други органи е жалбената постапка и понатаму санкционирање на оние кои се огрешиле во изборниот процес. Затоа, не можам ниту да се согласам со тврдењето дека предлагањето на овој закон може да се гледа само како инструмент да разговараме за тоа што се случило, заради тоа што и елементарното познавање, некакво, на правото, со оглед на тоа што сме веќе две години пратеници, очекувам дека и покрај тоа што сите не сме по професија правници, сме стекнале барем некакво искуство, какво - такво, политичко и правно и искуство во таа смисла да цениме дека не смееме да си дозволиме, како пратеници да изгласаме едно вакво законско решение.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Колешке Грковска, тој закон не ја суспендира изборната регулатива. Изборната регулатива ја суспендиравте вие, како парламентарно мнозинство, како извршна власт во Република Македонија, бидејќи не спроведовте фер и демократски избори. И, кога е загрозено

правото на граѓаните слободно да ја искажат својата волја на локални избори, тогаш нормално е Парламентот на Република Македонија да расправа за донесување на ваков закон или за утврдување на причините за нерегуларностите во текот на изборниот процес.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе реплики, повелете господине Стаменков имате збор, а ако се стаса до 18,00 часот, на ред е пратеникот Г'зим Острени.

Повелете.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Со овој Предлог на закон се бара поништување на изборите во градовите што се наведени, да не ги набројувам, претежно населени со албанскиот електорат, каде што е мнозинство.

Законот, како закон, можеби нема некоја правна основа Парламентот да поништува избори што веќе завршиле, но тоа што се случи во Македонија на претходните локални избори, кои што завршија, можеби дава за право Парламентот да расправа, дури и да го усвои овој закон за понишување на изборите.

Сведоци сме дека, посебно во овие градови, се случи се, само не локални избори. Факт е дека граѓаните не можеа да го искористат своето уставно право и да излезат спокојно и мирно на избори и да гласаат, да изберат локална власт.

На последните избори што беа во Студеничани, трети круг или не знам кој круг е по ред, покажаа дека во овие населени места каде што албанското население е мнозинство, се има, само нема демократија.

Пукањето со пушки, калашникови и ред други работи што се чуваат во овие региони покажуваат дека граѓаните од албанска националност немаат можност да живеат во фер и демократска земја а сега да излезат на фер и демократски избори. Затоа се криви политичките партии кои што ги претставуваат албанците во државата. Ние не можеме да замижеме пред тој факт и треба на тие луѓе да им помогнеме, бидејќи овој парламент е за сите граѓани на Република Македонија и сите ние ги претставуваме без разлика дали се тие од албанска или од македонска националност.

Ние не можеме да бидеме спокојни и мирни и да гледаме на еден голем дел од територијата на Република Македонија да не владее државата односно законите дека владее беззаконие или имаме секојдневно пукање и ред други работи, киднапирања, се она што ни се случува. Дури слушам дека има контакти помеѓу коалиционите партнери со одредени одобрувања на одредени акции на Министерството за внатрешни работи према одредени лица кои што учествуваат во незаконски дејствија во овие избори. Тоа е факт дека е така и треба да го кажеме.

Во Македонија на еден дел од територијата каде што коалициониот партнер од албанска националност е во Владата, во власта, не владеат законите на Република Македонија, туку владеат законите на таа партија. И тие ако кажат дека може према некоја личност да се преземе некое дејствие законско ќе се спроведе, инаку, нема да се спроведе. Тоа се аргументите и затоа јас мислам дека на овој закон местото му е во Парламентот и ние како Парламент единствено можеме да застанеме на крај на овие политички договори односно прецизирање на законите врз основа на политички договори.

Друга работа која што морам да ја кажам е дека не само во овој дел на Република Македонија, многу повеќе со многу помал интензитет имаше нерегуларности и во другите делови скоро на целата територија на Република Македонија. Кои се тие нерегуларности сите вие ги знаете, а јас ќе ги повторам за да ве потсетам. Пукање, упади на избирачки места, купување на гласови преку делење на пари, брашно, прехранбени продукти, делење на социјална еднократна помош на луѓе, или закани со укинување на социјална помош. Фалсификување на лични карти, гласање за лица кои што веќе се починати или кои што не се во државата. 95% излезеност на одредени избирачки места а некаде од 20-30% од населението не е присутно во Република Македонија. Тоа се работи кои што сите ги знаете и јас затоа уште еднаш сакам да ве потсетам и да ве наведам за да не ги заборавиме, бидејќи сето тоа се случува овде во Република Македонија. Јас не зборувам за некоја друга држава, зборувам за Република Македонија, зборувам за локалните избори во Републиката кои поминаа.

Дали ние сакаме да продолжи така и понатаму, или треба да станеме правна држава и да го ставиме македонскиот г раѓанин на мира кога ќе дојде на избори сам со својата глава, неоптеретен, без притисок, без насилие, без закони за своето работно место да си избере своја власт, дали ќе биде тоа локална власт, дали тоа ќе биде власт на државно ниво. Тоа е работа која што мораме да сватиме дека е така, затоа што државната власт се менува. Можеби идната година ќе дојде некоја друга државна власт, па таа исто ќе ги повтори сите овие работи кои што ни се случија сега. Дали ќе продолжиме ние и понатаму и после 15 години функционирање на овој повеќепартиски систем на избори, или ќе застанеме еднаш против овие луѓе кои што на овој начин сакат да ја покажат партиската лојалност со нерегуларности и со притисок врз граѓаните.

Најголемиот генератор на сите овие нерегуларности е пост-државната власт. Тоа мора да си го признаеме. Тие кои што ја имаат власта, би рекле државните претпријатија, Министерството за внатрешни работи, управа за приходи, Министерството за труд и социјални работи, посебно Здравството, Образованието, секаде каде што државната власт вмешала прсти од таму излегуваат нерегуларностите. Тоа било така и порано, тоа беше така и на овие последни избори.

И, како што гледате, каде победува власта? Власта победува таму каде што имаме огромна

сиромаштија. Во најсиромашните делови од државата, бидејќи таму може да изврши притисок, да подели мито итн.

Ако е тоа така, значи, ние ги слушавме изјавите на премиерот дека сака да спроведе фер и демократски избори, декларативни средства, а не видовме ниту еден чекор во таа насока. Нивните служби, на власта, на државата си продолжија да си работат и во првиот круг, а посебнобеше изразено во вториот круг на избори. Имавме кога директор на подрачно министерство за труд и социјални работи со торбата за пари оди во одредено населено место и дели пари на луѓето пред еден или два дена пред да се гласа, во петокот и сабота. Тоа се жалосни работи кои што треба да ги кажеме дека се така. Што треба да направиме?

Јас мислам дека без разлика коку е уставно донесувањето на овој закон, или неуставно, а треба да дадеме еден сигнал дека и ние како Собрание, како пратеници, сме за конечно воведување на правната држава и во изборната регулатива и да дадеме јасен сигнал, посебно на министерот за внатрешни работи, на јавните обвинители кои што тоа работат, да спроведот целосна анализа и истрага за сите тие лица кои што директно беа вмешани во овие изборни нерегуларности. Само така можеме, со казнување на тие лица да направиме позиција за некои следни избори кои што ќе имаат одреден страв да ги направат истите тие дејства.

Друго, ние  мораме да извршиме измена во изборниот закон. Ние не смееме повеќе да имаме избори со два круга. Изборите во Македонија треба да завршуваат во еден круг. Тоа е факт дека е така, бидејќи знаеме дека избирачките списоци од првиот круг веќе се поделени на одредени партии, дел од власта и луѓето гледаат кои луѓе излегле и гласале. Тука се нарушува тајноста на гласање, а кои не излегле итн. Тоа е факт дека е така. Ако може многу подемократски земји да имаат еден круг на гласање зошто и ние да го немаме.

И една работа која веќе се актуелизира е професионализација на изборните комисии, почнувајќи од Државната изборна комисија и завршувајќи со избирачките одбори. Само со професионална администрација, изборна администрација, ние можеме да спроведеме фер и демократски избори.

Тоа е она што сакав да го кажам.

Јас ќе гласам за поддршка на овој закон, заради тоа што сметам дека во Македонија се случи се само не се случија избори. Немаше избори, едноставно власта си избра свои градоначалници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Острени дали 7 минути ви се доволни?

**Г'зим Острени:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Повелете.

**Г'зим Острени:** Ви благодарам господине претседателе,

Ќе се обидам да донесам само заклучоци на моето размислување бидејќи нема време.

Локалните избори се одржаа ослонувајќи се, заснивајќи се на законот за локални избори а тој закон сме го донеле ние овде во парламентот. Тој е на тоа ниво на кое што сме и ние, од причина што е наш производ.

Со законот се оформуваат надлежни органи кои ние сме ги ангажирале, сме им дале овластување да можат да работат во име на законот и да ги спроведуваат своите задачи. Така се формирани и изборните совети на пониско ниво, општинските комисии, Државната изборна комисија, нормално и Врховниот суд ги има своите надлежности.

Доколку се прифати логиката на поништување на резултатите од изборите и нивното повторување со закон на овој начин, тогаш ова ќе биде начин на дејствување со сила, со насилство, користејќи го авторитетот и надлежностите на Собранието на Република Македонија од една страна, а од друга страна веднаш би се поништиле сите надлежни органи од причина што ќе им се одземе надлежноста која што им ја дал Законот за локални избори.

Меѓутоа, има една друга страна, и сакам да направам една логична симулација.

Доколку ги поништиме изборите во 16 општини донесувајќи го овој закон и после ова, после гласањето да предложиме ние закон и повторно кој застана за поништување на другите избори во кои што они изгубија, што ќе правевме тогаш? Ќе продолжевме ли до безкрај од причина што после изборите има незадоволни кои што се жалат.

Овде денес не слулшнавме факти, туку слушнавме заклучоци, персонални, лични заклучоци, како кражба на гласови. За ова да се засили истиот дискутант вели “полнење на кутии”. Јас немав можност да направам разлика меѓу кражба на гласови и полнење на кутии. Или велеа дека се гласа групно. Или се направи промена на изборните комисии. Нормално доколку на определени нивоа се незадоволни оние кои што учествуваат во изборите, врз основа на општинските одлуки тие се жалат, нормално дека се жалат и до Врховниот суд и се донесува заклучок. Тоа е институционалниот факт кој што ние сме го утврдиле со закон.

Затоа мислам дека нема потреба да се донесува ваков закон кој што би ја исфрлил надвор цела работа на надлежните органи кои во целиот овој период работеле и пристапуваат кон крајот на изборите.

Сега ќе псотавам едно прашање и ќе се обидам да си дадам одговор сам на себе. Дали крадела Демократската унија за интеграција гласови?

Јас ќе кажам не одговор туку факти. На Парламентарните избори во 2002 година ДУИ имаше 142 илјади гласа, на претседателските избори имаше 140 илјади додека на локалните избори во 2005 година, земајќи ги предвид само резултатите само од советите, не за градоначалниците за кои што се заинтересирани

партиите ДУИ имаше 148 илјади гласа, дури и нешто над тоа.

Значи, како што се гледа со исклучување на порастот на електоратот, со еден мал број од причина што секоја година една генерација наполнила 18 години и добива право на глас, додека анализите на надлежните органи направени тука, во Република Македонија покажуваат дека за ДУИ гласаа г раѓани кои се до возраст од 41 година. Ова е таа разлика. На гласови која што се појавува.

Верувам дека на идните избори овие пратеници кои што предложиле закон и партиите што не се тука присутни ќе ги изгубат и тие гласови што ги имаат од причина што не сакаат да го одбранат законот, а тоа се брани тука, во Парламентот. Значи, тие ја направиле оваа работа само за да ни створат една збрка, а не од причина што е во интерес на граѓаните. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рамадани имате реплика, но ќе ја одложиме, ако не можете за една минута да ја дадете.

Значи, ја затварам расправата за денеска бидејќи е 18,00 часот.

Да ве известам бидејќи пред 10 дена потпишав решение за седница за пратенички прашања за утре во 10,00 часот затоа утре седницата за пратенички прашања ќе почне во 10,00 часот, а оваа седница ќе биде дополнително продолжена, а најверојатно ќе биде во среда после празниците. Благодарам.

Пријатно.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).